***„Работи, заврши, објави!“*** – Мајкл Фарадеј

Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

# ХОРИЗОНТИ
# МЕЃУНАРОДНО НАУЧНО СПИСАНИЕ
## Серија А
## Општествени и хуманистички науки

година IX број 10 Мај 2013

Битола

**Издавач**: Универзитет „Св.Климент Охридски“ - Битола
**За издавачот**: проф. д-р Златко Жоглев, ректор

**Меѓународен уредувачки одбор**:
проф. д-р Пере Аслимоски, Универзитет „Св.Климент Охридски“- Битола, Република Македонија
проф. д-р Таки Фити, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“- Скопје, Република Македонија
проф. д-р Јоаким Вергес, Автономен Универзитет-Барцелона, Шпанија
проф. д-р Себастијан Кемпген, Универзитет во Бамберг, Сојузна Република Германија
проф. д-р Мариа Серафимова-Карапеткова, Југозападен универзитет „Неофит Рилски“ - Благоевград, Република Бугарија
проф. д-р Желимир Кешетовиќ, Универзитет во Белград, Република Србија
доц. д-р Божидар Вељковиќ, Универзитет во Марибор, Република Словенија

**Редакциски одбор**:
проф. д-р Пере Аслимоски, проректор
проф. д-р Сашо Атанасоски, проректор
проф. д-р Никола Крстаноски, проректор
проф. д-р Јованка Тутеска, проректор
м-р Офелија Христовска, генерален секретар

**уредник:** м-р Елена Китановска - Ристоска

ISSN 1857- 856X

Печати: АД „Киро Дандаро“ - Битола, тираж: 200 примероци

Драги читатели,

Веќе се навикнуваме со секој следен број на научното списание *Хоризонти* да правиме нови чекори на патот кон неговото натамошно етаблирање во меѓународниот образовен и научно-истражувачки простор.
Досегашното списание *Хоризонти*, во стремежот кон постигнување поголемо ниво на квалитет, прерасна во две нови списанија, со истото име, но со голема посебност и препознатливост по обработката на научните содржини.
Од овој број натаму, образовните, научните и истражувачките хоризонти ќе се простираат во две групи научни подрачја: една во подрачјето на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и медицинските науки, а другата во подрачјето на општествените и хуманистичките науки. Основната цел на ваквото клацифицирање е мотивирано од определбата, списанијата да постигнат повисок степен на научно-истражувачка фокусираност и насоченост на образовната мисла.
Исто така, значаен одлучувачки момент за ваквата трансформација на списанието во две еднакво значајни серии, е желбата научно-истражувачките содржини во нив да остваруваат поголемо влијание врз актуелните општествени процеси на локално и меѓународно ниво и, воопшто, да бидат моќно средство во сложените процеси на интернационализација и интеграција во европскиот научен и образовен свет. Ова може да се постигне само со исклучителна таргетираност на третирањето на научните и истражувачките предизвици во специфичните и потесно специјализираните научни изданија, а со поделбата на *Хоризонти,* според определени сродни научни подрачја, се надеваме дека ваквата зацртана цел ќе се оствари.

Потребно е да се потенцира дека, како и досега, *Хоризонти* и во иднина ќе ги почитува принципите на научна непристрасност и издавачка принципиелност; принципи коишто претставуваат поттик, посебно младите и надежни научници и истражувачи, своите нови и „свежи“ научни резултати од истражувањата да одберат да ги публикуваат во *Хоризонти*. Оваа нагласеност произлегува и од обезбедувањето простор во издавачката дејност за сите оние кои својата работна иднина ја гледаат во професорската и научно-истражувачката професија, во којашто и индивидуалното, но и професионалното и официјално напредување, претпоставува публикација на авторски трудови во

научни списанија со меѓународен карактер, какви што се двете серии на Универзитското списание *Хоризонти* на УКЛО.

Интернационализацијата на нашите *Хоризонти* не треба да се сфати како краен дострел на Универзитетската издавачка дејност. Како што и научната мисла не признава ограничувања и крајни и исцрпени достигнувања, така и со секој нов успех во опстојувањето на списанијата *Хоризонти* се појавуваат нови „апетити“ за нови повисоки цели. Така, за прв пат трудовите во *Хоризонти*, од овој број натаму преку ЕБСКО ќе станат достапни до научната јавност во пошироки размери.
Погледнато од аспектот на квалитативната градација, оправдано е ако како следен предизвик го најавиме публикувањето на меѓународното Универзитетско научно списание *Хоризонти*, но со една значајна квалитативна додавка – со импакт фактор. Оваа заложба на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола зазема значајно место во идните перспективи зацртани во планот за подигнување на севкупниот квалитет на организација и функционирање на Универзитетот.

На крај, по обелоденувањето на следните чекори, сакаме да Ви изразиме искрена благодарност за Вашето учество во процесот на обмислување, креирање, оформување и публикување на научното списание. Заедно со Вашата поддршка, *Хоризонти* се на пат да постанат препознатливо место за афирмирање на креативни, иновативни и интелектуално автономни научни размисли и потенцијали, со можност за нивно успешно етаблирање во глобалната сфера на знаењето и науката.

*Со почит,*
*Од Редакцијата*

## СОДРЖИНА

д-р Димко Кокароски, м-р Тања Мицалевска, *Односот евро - долар во минатиот и претстојниот период* ........ 9

д-р Пеце Николоски, д-р Гоце Менкиноски, *Примена на концептите на ревизијата за ефикасно извршување на комерцијалната ревизија на финансиките извештаи* ........ 27

д-р Евица Делова-Јолевска, м-р Илија Андовски, *Супервизијата во функција на идентификација на профилот на ризик на банкарските институции* ........ 35

д-р Билјана Чавкоска, *Европското државјанство и принципот на не-дискриминација* ........ 45

д-р Елизабета Тошева, *Конфигурации од практики за стратегиски менаџмент на човечки ресурси и искуството на Република Македонија* ........ 57

д-р Саша Дукоски, д-р Светлана Вељановска, *Правни аспекти на меѓународниот тероризам* ........ 67

м-р Емилија Матеска, *Овластувања на нотарот во вонпарничната постапка во Република Македонија, компаративни искуства, перспективи и насоки за поголема процесна економија* ........ 77

д-р Елена Тиловска-Кечеџи, *Европската Унија, меѓународна организација или држава* ........ 87

м-р Билјана Каровска - Андоновска, *Современите предизвици за правото на приватност како неприкосновено човеково право* ........ 95

м-р Јордан Коцевски, Весна Коцевска, *Донесување на вистинските одлуки при склучување на договор за хотелски франшизинг* ........ 105

м-р Дејан Галовски, *Значењето и улогата на сатисфакцијata кај туристите* ........ 117

д-р Драгана Батиќ, м-р Богданчо Гогов, *Значењето на истражувачкото интервју со осомничениот во полициските истраги* ........ 127

д-р Весна Стефановска, *Медијаторот во постапката за медијација меѓу жртва и сторител* ........ 139

д-р Татјана Гергинова, *Научно и теоретско одредување на поимите разузнавачка дејност и разузнавачка служба* ........ 153

д-р Јане Бакрески, д-р Пере Аслимоски, *Традиционалните вредности во уметноста* ........ 167

Соња Новотни, Михајло Марковиќ, *За промените во консонантскиот систем во слоештичкиот патерик* ........ 179

удк 336.741.231(4-672EU:73)'2002/2011“

# ОДНОСОТ ЕВРО - ДОЛАР ВО МИНАТИОТ И ПРЕТСТОЈНИОТ ПЕРИОД[1]

**д-р Димко Кокароски**

Економски факултет – Прилеп

“Ѓорче Петров” бб. 7500 Прилеп, Република Македонија

dimko.kokaroski@uklo.edu.mk

**м-р Тања Мицалевска**

Економски факултет – Прилеп

“Ѓорче Петров” бб. 7500 Прилеп, Република Македонија

tanja.micalevska@gmail.com

## АПСТРАКТ

Доларот и еврото, како најзастапени валути, играат важна улога во глобалната економија. Го анализираме нивниот меѓусебен однос, како и одредниците што влијаат врз тој курс. Движењето на курсот од воведувањето на еврото до денес забележува многубројни промени, но, главно, може да се определат три периоди: прв период од лансирањето на еврото до 2002 година кога доларот апрецираше во однос на еврото, втор период од 2002 до 2008 година кога доларот депрецираше во однос на еврото и трет период од 2008 година до 2011 кога курсот забележува променливи движења. При испитувањето на промените на девизниот курс на двете светски валути ги идентификуваме најважните фактори од економска и од политичка природа, кои влијаеле врз курсот. Исто така, го поставуваме прашањето за идното движење на курсот евро - долар. Според направените анализи, еврото ќе го надмине сегашниот кризен период и на долг рок ќе забележува зголемување на вредноста во однос на доларот.

**Клучни зборови**: долар, евро, девизни курсеви, предвидување, глобална криза.

[1] Стручен труд

## ВОВЕД

Од втората половина на 20 век, па натаму, американскиот долар ужива статус на најважна и доминантна резервна валута. Сепак, во последните години поради постојано високиот дефицит во билансот на плаќање на САД и растечкиот јавен долг, сè почесто се поставува прашањето дали да се очекува криза на доларот. До неодамна преовладуваше мислењето дека доларот ќе го изгуби приматот во светската економија, а како негов главен конкурент се сметаше еврото. Еврото сеуште е млада валута, но откако постои, си обезбеди стабилна позиција и стана втора резервна валута. Во овој труд се извршува испитување на меѓусебниот однос на доларот и еврото и детерминантите што влијаат врз курсот. Во почетокот го разгледуваме водењето на монетарната политика од страна на двата система: Евросистемот на чело со ЕЦБ и Системот на Федералните резерви. Потоа движењето на курсот од воведувањето на еврото до 2011 година. Во дадениот временски интервал може да се определат три периоди: прв период од лансирањето на еврото до 2002 година, кога доларот апрецираше во однос на еврото, втор период од 2002 до 2008 година, кога доларот депрецираше во однос на еврото, и трет период од 2008 година до 2011, кога како последица на настаните во светската економија (кредитната криза во САД, кризата на задолженост во еврозоната, политичките нереди во земјите од третиот свет) курсот забележува променливи движења. На крај, со примена на теоретски и на економетриски модел  го прогнозираме идното движење на девизниот курс евро - долар.

## РАЗЛИЧНИ ИНСТИТУЦИОНАЛНИ СТРУКТУРИ И ПРОЦЕДУРИ НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА НА ЕВРОПСКАТА ЦЕНТРАЛНА БАНКА И ФЕДЕРАЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА САД

За да може да се разгледа движењето на девизниот курс на доларот наспрема еврото, потребно е најпрвин да се согледа водењето на монетарната политика од страна на двата система: Евросистемот на чело со Европската централна банка (ЕЦБ) и Системот на Федералните резерви (ФЕД). Тие имаат посебна институционална структура и донесувањето и спроведувањето на одлуките е зависно од различната поставеност на телата.

Евросистемот е составен од ЕЦБ и централните банки на земјите од еврозоната, подготвува и спроведува одлуки што се донесени од страна на телата (1):

- Извршен одбор – има задача да ја имплементира монетарната политика на ЕЦБ, како и да врши подготовка на состаноците на Управниот совет.
- Управен совет – претставува највисоко тело за донесување одлуки.
- Генерален совет – се смета како преодно тело и ги извршува функциите што ги извршувал Европскиот монетарен институт пред создавањето на ЕЦБ за оние земји што сè уште не се дел од еврозоната. Има советодавна функција, собира статистичките податоци и го изготвува годишниот извештај на ЕЦБ.

Системот на Федералните резерви се состои од Бордот на гувернери со седиште во Вашингтон и дванаесет резервни банки лоцирани во поголемите градови во САД, а како најважно тело за водење на монетарната политика е ФОМЦ (*анг. Federal Open Market Commettee*).

- Бордот на гувернери (2) - има задача да ја приспособува дисконтната стапка заедно со резервните банки и да го одредува нивото на потребни резерви. Исто така, бордот има одговорност да врши супервизија на Федералните резервни банки, да поставува лимит за користењето кредит при купување или држење акции, да го обезбедува функционирањето на платниот систем на САД.
- Федералните резервни банки (3) – ја сочинуваат мрежата на банки преку кои функционира централниот банкарски систем на САД. Задачите на резервните банки се многубројни, меѓу кои се: обезбедување заеми и држење на депозитите на обичните банки, емисија и откупување државни обврзници, дистрибуција на банкноти и монети во оптек за да се задоволат потребите на банките, процесирање чекови, вршење контрола на банките.
- ФОМЦ претставува најважно тело на системот на федерални резерви бидејќи има клучна улога во донесувањето и спроведувањето на монетарната политика (4). ФОМЦ донесува одлуки за водење на операциите на отворен пазар од кои зависи пристапот до пари и кредити во САД и ги насочува операциите во странски валути.

Постојат многу сличности меѓу двете централни банки, ЕЦБ и ФЕД (5). Нивна главна цел е водењето на монетарната политика и главно користат исти инструменти: операции на отворен пазар, дисконтна стапка и резервна стапка. Потоа двете извршуваат емисија на банкноти и монети, операции на девизниот пазар, ја промовираат стабилноста на финансискиот систем, раководат со официјалните

резерви, овозможуваат непречено одвивање на платниот промет. Нивните разлики се следниве: монетарната политика кај ЕЦБ ја формулира Управниот совет, додека, пак, кај ФЕД таа улога ја има ФОМЦ. Главна цел на монетарната политика на ЕЦБ е одржување на ценовната стабилност. ФЕД, пак, има повеќе цели, како што се промовирање стабилни цени, одржлив економски развој и максимум вработеност. Монетарната стратегија на ЕЦБ се заснова врз два столба, и тоа првиот столб се фокусира на краткорочните економски и ценовни случувања, а вториот столб на долгорочните очекувања за инфлацијата засновани врз монетарни анализи. Монетарната стратегија, пак, на ФЕД се карактеризира со постепено дејствување во насока на управување со ризикот преку предвидување на стапките на инфлација и на економски раст што треба да се постигнат и приспособување на акциите на монетарната политика во насока на постигнување на планираните резултати. Имплементацијата на монетарната политика кај ЕЦБ се врши децентрализирано, односно сите национални банки учествуваат во нејзиното спроведување, додека кај ФЕД се извршува централизирано и главна улога има резервната банка на Њујорк. И двете банки се карактеризираат со институционална, функционална, политичка, персонална и финансиска независност. Независноста не значи и своеволност во формулирањето и извршувањето на монетарната политика. Напротив, тие имаат одговорност да поднесуваат извештаи за својата работа. Транспарентноста е белег на двете институции и тие редовно ги објавуваат донесените одлуки и извршените анализи преку говори, месечни извештаи итн.

Од успешноста во водењето на монетарната политика на ЕЦБ и ФЕД зависи внатрешната вредност на еврото и на доларот, односно нивната куповна сила, но, исто така, од нивните акции зависи и надворешната вредност на валутите. Надворешната вредност се создава под дејство на силите на понуда и побарувачка, кои воспоставуваат рамнотежа при одредено количество валути и по одредена цена – девизен курс.

## ОДНОСОТ ЕВРО-ДОЛАР ОД 1999 ДО 2002 ГОДИНА

Од лансирањето на еврото во 1999 година, движењата на курсот на двете валути - еврото и американскиот долар - привлекуваше големо внимание. Во почетокот нивниот курс беше поставен на ниво 1 евро - 1,1747 долари. Првично, вредноста на еврото порасна во однос на доларот и достигна ниво од 1,190. Но, тоа траеше многу кратко и веќе во март истата година еврото почна нагло да опаѓа, за во октомври

2000 година да го достигне својот минимум од 0,8225 долари за 1 евро. И покрај почетното одбивање на ЕЦБ да преземе мерки за заштита на надворешната вредност на валутата, банката неколку пати мораше да интервенира купувајќи евра. Ситуацијата почна да се подобрува по терористичките напади врз САД во септември 2001 година. Во тој период еврото почна да се стабилизира, за подоцна, во февруари 2002 година, да почне да апрецира во однос на американскиот долар. Движењето на курсот на еврото во однос на доларот во периодот 1999-2002 година може да се види на Слика1




**Слика 1 - Курсот на еврото во однос на доларот од 1999 до 2000 година**[2]

Забележуваме дека вредноста на еврото во дадениот временски интервал е променлива и се карактеризира со депрецирање во однос на доларот. Постојат различни ставови за причините што доведоа до таквата појава. Во натамошниот текст ги наведуваме факторите што се најзначајни и што се најчесто застапени во научната литература (6), (7), (8):

- Разлика во економскиот раст меѓу САД и еврозоната - САД во моментот на воведувањето на еврото и кратко потоа забележуваат побрз раст, а тоа влијаеше врз зголемувањето на вредноста на доларот во однос на еврото.

[2] De Nederlansche Bank, http://www.statistics.dnb.nl/cgi-bin/grafieken/grafiek.cgi?fn=500&reeks=1&lang=eng&start=915404400&end=1009839600&action=valuta

- Разлика во стапката на инфлација во двете економии - инфлацијата во периодот 1999-2002 година, беше повисока во САД од онаа во еврозоната. Овој податок упатува на заклучокот дека доларот би требало да паѓа во однос на еврото, но тој, и покрај повисоката инфлација, апрецираше.
- Разлика во каматните стапки во САД и во еврозоната - разликата во каматните стапки во дадениот период не треба да се земе како фактор што има значајно влијание за опаѓањето на еврото во однос на доларот. Причина за тоа е што еврото континуирано опаѓаше во однос на доларот, а разликата во каматните стапки (краткорочните и долгорочните) не се зголемуваше, туку нејзината големина беше постојана во дадениот интервал.
- Разлика во капиталната сметка на билансот на плаќање во двете економии. Како причина за опаѓањето на еврото во овој период се наведува поголемиот одлив на капитал (во вид на странски директни инвестиции, портфолио инвестиции и сл.) од приливот на капитал во еврозоната.
- Разлика во трговската сметка на билансот на плаќање - во разгледуваниот период САД забележуваа дефицит во тековната сметка (9). Од таа причина, би требало да дојде до намалување на вредноста на доларот. Се случи обратното и американската валута апрецираше во однос на еврото. Оваа појава настана како последица на тоа што побарувачката за доларски деноминирани средства ја надмина понудата на долари индуцирана од трговската размена.
- Промени во цената на нафтата .Во 1999 година голем дел на средства од еврозоната беа трансферирани во земјите-извозници на нафта и тоа доведе до депрецијација на еврото. Бидејќи САД се производители на нафта, оваа појава имаше помалку негативно дејство врз доларот.
- Очекувањата на приватните инвеститори за растот во САД и еврозоната - во 1999 година очекувањата за иднината на економијата на САД беа пооптимистички во споредба со очекувањата за ЕУ, и покрај тоа што економските индикатори го покажуваа спротивното. Според Де Гроу, доколку доларот во одреден период почне да се движи нагоре, тоа се смета како показател на силата на САД (6). Притоа, добрите вести за САД се земаа предвид, а лошите се занемаруваа. Од друга страна, лошите вести за Европа, кои датираа од пред воведувањето на еврото, влијаеја на тој начин што при селекцијата на информациите за ЕУ во периодот и по 1999 година, се земаа предвид само негативните вести. Ваквите верувања предизвикаа натамошно зголемување на доларот во однос на еврото.

- Непостоењето банкноти и монети во оптек. Иако валутата беше лансирана уште во 1999 година, таа постоеше „виртуелно“. Тоа значи дека трансакциите на финансиските пазари се одвиваа во евра, но во земјите од еврозоната за плаќање во готовина с уште се користеа банкнотите од поранешните валути. Тоа донекаде имаше психолошко влијание и создаваше недоверба кон еврото. Недовербата, пак, играше улога за намалена побарувачка на единствената валута и опаѓање на нејзината вредност. Банкнотите и монетите беа пуштени во оптек на 1 јануари 2002 година и кратко потоа започна периодот на апрецијација на еврото во однос на доларот.

## ОДНОСОТ ЕВРО-ДОЛАР 2002-2008 ГОДИНА

Од февруари 2002 година, па сè до започнувањето на финансиската криза 2008 година, еврото континуирано забележуваше раст на вредноста во однос на доларот. Единствено во 2005 година дојде до благо покачување на вредноста на доларот, но траеше кратко и потоа повторно настапи период на апрецијација на еврото. Тоа подобро се гледа на графиконот прикажан на Слика 2.




**Слика 2 - Движење на курсот евро - долар во периодот од 2001 до 2007 година[3]**

Голем дел од економските фактори наведени погоре имаат влијание врз движењето на курсот долар - евро. Сепак, дел од нив, како,

[3] De Nederlandsche Bank, http://www.statistics.dnb.nl/cgi-bin/grafieken/grafiek.cgi?fn=200&lang=eng&action=valuta&reeks=1&dag_begin=1&maand_begin=1&jaar_begin=2008&dag_eind=1&maand_eind=4&jaar_eind=2011

на пример, повисокиот економски раст, повисоката стапка на инфлација и дефицитот во трговската сметка на САД, се присутни и во периодот до 2002 година кога еврото депрецираше во однос на доларот и по 2002 година кога еврото апрецираше во однос на доларот. Тоа наведува дека причините за курсот во периодот од 2002 до 2008 г. треба да се бараат во политичките фактори: прво, интересот на САД за депрецијација на доларот како начин за да се подобрат односите на размена на САД и да се намали дефицитот, и второ, интересот на ЕЦБ за одржување силна валута како показател на успехот на интеграцијата на земјите од Европа и симбол на моќта на ЕУ.

Причината зошто САД беа заинтересирани за депрецијација на доларот е поевтинувањето на американските производи на странските пазари и зголемувањето на извозот. Зголемениот извоз овозможува намалување на дефицитот во буџетот на САД, а тоа постепено треба да доведе до редуцирање на јавниот долг. Значи, и покрај реториката за „силен долар", она што е потреба на САД е доволно силна валута за да ја одржи меѓународната позиција, но и доволно слаба за да се отстранат нарушувањата во билансот на плаќање.

За Европската унија многу битно беше зачувувањето стабилно и силно евро, бидејќи еврото за Унијата претставува многу повеќе од заедничка валута. Тоа е еден вид симбол за заедништвото. И покрај успехот на ЕУ во монетарното обединување, меѓу земјите во нејзиниот состав постоеја големи несразмери и структурни нарушувања. Тие се појавија како последица на недоволната интегрираност во водењето на фискалната политика. Билансите на плаќање на некои од земјите имаа големи дефицити, на други суфицити. За да се „сокријат" слабостите и нарушувањата во еврозоната, важно беше да се одржи имиџ на силно евро. ЕЦБ не преземаше никакви мерки за да го спречи забрзаното апрецирање на еврото, иако високата вредност на валутата не беше секогаш оправдана. Напротив, на тоа се гледаше како на позитивна појава бидејќи водеше кон зголемување на довербата на луѓето во валутата, зголемување на интернационалната употреба на еврата како средства за плаќање и средства за резерви.

## ОДНОСОТ ЕВРО-ДОЛАР ОД 2008 ДО 2011

Движењето на курсот на доларот и еврото по 2008 се карактеризираше со голема нестабилност, турбуленции и варијации. Главни причини за таквиот тренд се кредитната криза во САД, кризата на задолженост на ЕУ, политичките безредија во земјите-извозници на

нафта итн. Во графиконот на Слика е прикажано движењето на курсот од 2008 до 2011 г.




**Слика 3 - Движење на курсот на еврото во однос на доларот од 2008 до 2011 година[4]**

Како што може да се забележи, во првата половина на 2008 година еврото растеше во однос на доларот и кон средината на април достигна цена од 1,59 американски долари. Овој тренд траеше сè до крајот на јули кога настана пресврт и единствената валута почна да депрецира. Важен момент за наглото опаѓање на вредноста на еврото претставува колапсот на „Леман брадрс“. Настанот доведе до аверзија кон ризикот на пазарите и се зголеми побарувачка за средства деноминирани во американски долари како „*save-heaven*“ валута. По смирувањето на рецесијата во САД во втората половина на 2009 година, вредноста на единствената валута порасна во однос на доларот.

Во почетокот од 2010 година се појавија првите сомнежи за (не)способноста на Грција да го плаќа долгот за издадените државни обврзници, што предизвика вознемиреност кај инвеститорите и колебливост на пазарите. Единствената валута повторно стана многу нестабилна и подложна на чести промени што настануваа како под дејство на реалните економски фактори, така и под влијание на шпекулации. Со цел да спречат кризата на презадолженост да ја загрози заедничката валута, земјите од ЕУ презедоа мерки за помош на државите од групата *PIGS* (Португалија, Ирска, Грција и Шпанија). Мерките придонесоа за привремено смирување на инвеститорите и

[4] De Nederlandsche Bank, http://www.statistics.dnb.nl/cgi-bin/grafieken/grafiek.cgi?fn=500&reeks=1&lang=eng&start=1199142000&end=1301608800&action=valuta

апрецијација на валутата во однос на доларот, но сѐ додека не се изнајдат трајни решенија за излез од кризата, постои сериозна закана за опстанокот на еврото.

Во дадените општествено-политички и економски услови не е сигурна ниту позицијата на доларот. Причина за тоа е состојбата на јавниот долг на САД, кој во 2011 година изнесуваше 99,5% од БДП. Прашањето за големината на јавниот долг на САД привлекуваше големо внимание и пред кризата. За време на рецесијата, како резултат на спасувањето на банките и други мерки, трошоците на земјата нагло се зголемија. Дефицитот во 2010 година изнесуваше 10,6% од БДП. Тоа влијаше во насока на зголемување на јавниот долг. Доколку во овој момент се спореди ситуацијата на САД со земјите од групата *PIGS*, САД имаат полоши перформанси од Грција, Португалија и од Шпанија. Според Меѓународниот монетарен фонд, вкупниот јавен долг на САД до крајот на 2012 ќе изнесува 16,8 трилиони долари, додека на Грција 441 милијарда долари. Тоа значи дека американскиот долг ќе биде 53.400 долари по лице, а грчкиот 39.400 долари по лице (). Разликата меѓу долгот по жител во САД е 35% повисока од онаа во Грција и во другите земји од групата PIGS. За разлика од европските држави кои за надминување на презадолженоста преземаат мерки за штедење, во САД се зголеми понудата на долари за да се предизвикаат инфлаторни движења. Целта, од една страна, е заживување на економијата и раст на вработеноста, а од друга, постепено девалвирање на доларот за да се подобри конкурентноста на САД. Овие мерки се покажаа како неефективни. Во иднина треба да се дејствува преку фискалната политика со намалување на буџетската потрошувачка и зголемување на даноците. Доколку не се намали долгот во следните две години, „Стандард енд Пурс“ ќе го намали рејтингот на обврзниците на САД, кои сега се рангирани со ААА.

## ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА ИДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ДОЛАРОТ И ЕВРОТО

Движењето на односот меѓу еврото и американскиот долар е битно за сегашниот кризен, но уште повеќе за престојниот период. Затоа си поставивме цел да извршиме предвидување на идното движење на девизниот курс на еврото и на доларот. Притоа одлучивме да користиме два пристапа, и тоа: фундаментален и технички. Во почетокот вршиме предвидување со фундаментален пристап, користејќи го притоа моделот заснован врз теоријата за паритет на куповна сила. Оваа економска теорија ја зема предвид поврзаноста

меѓу инфлацијата во двете земји во одреден период и движењето на девизниот курс меѓу нивните валути во истиот период. Суштината е дека доколку настане промена во цените, девизниот курс ќе се промени за да се компензира разликата. Со оглед на тоа што еврозоната се соочува со криза, претпоставуваме дека вредноста на еврото ќе забележи намалување до крајот на 2012 година. За потребите на предвидувањето на идната вредност на девизниот курс евро - долар, користиме податоци за предвидените движења на инфлацијата во САД и во еврозоната (кои се дадени во Табела 1) и рамнотежен девизен курс за дадениот временски период кога е извршена пресметката.

**Табела 1 - Индекс на инфлација во САД и во еврозоната**

| | 2011 | | | | 2012 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **К1** | **К2** | **К3** | **К4** | **К1** | **К2** | **К3** | **К4** |
| **САД** | 0.7 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.9 | 0.8 | 0.8 |
| **Еврозона** | 1.4 | 1.3 | 1.3 | 1.2 | 1.2 | 1.2 | 1.2 | 1.3 |

За обележување се користат симболите:

*Ext* вредност на курсот долар – евро во даден момент t
*Ex(t+1)* вредност на идниот девизен курс
*Iea* инфлацијата во еврозоната
*Ius* инфлацијата во САД
*T* периодот за кој се пресметува (доколку пресметката е за квартал $T = \frac{1}{4} = 0.2$

Да претпоставиме дека рамнотежниот девизен курс изнесува 1.410. Треба да се креира идниот рамнотежен девизен курс со користење на паритетот на куповна сила. Тоа може да се прикаже со формулата:

$$Ex(t+1) = Ext \times \left(\frac{1 + Ius}{1 + Ieu}\right)^{T}$$

По извршените пресметки во Microsoft Excel, за идното движење на курсот се добиваат резултатите прикажани во

Табела **2** со соодветната графичка илустрација прикажана на Слика 2.

**Табела 2 - Предвидување со моделот паритет на релативна куповна сила**

| | 2011 | | | | 2012 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **К1** | **К2** | **К3** | **К4** | **К1** | **К2** | **К3** | **К4** |
| *Ext* | 1,4510 | 1,4510 | 1,4510 | 1,4510 | 1,4510 | 1,4510 | 1,4510 | 1,4510 |
| *Ius* | 0,70 | 0,9 | 0,9 | 0,9 | 0,9 | 0,9 | 0,8 | 0,8 |
| *Iea* | 1,40 | 1,3 | 1,3 | 1,2 | 1,2 | 1,2 | 1,2 | 1,3 |
| *Ex(t+1)* | 1,4385 | 1,4441 | 1,4441 | 1,4457 | 1,4457 | 1,4457 | 1,4437 | 1,4421 |




**Слика 2 - Модел на паритет на релативна куповна сила**

Можеме да забележиме дека очекуваните резултати за движењето на еврото во однос на доларот до крајот на 2012 година се потврдуваат со примена на теоретскиот модел за паритет на куповна сила и дека во дадениот период еврото ќе забележи благо намалување на вредноста во однос на доларот. Сепак, не смеат да се занемарат ограничувањата на моделот, како што се: занемарување на останатите фактори, освен нивото на цените, кои би можеле да имаат влијание врз курсот, потоа употребата на очекувани идни вредности за инфлацијата во САД и во еврозоната.

Освен краткорочно предвидување на идниот однос на еврото и доларот со помош на моделот на паритет на куповна сила, за долгорочно предвидување користиме технички пристап. Во овој случај, предвидувањата се вршат технички, врз основа на минатите вредности

на девизниот курс од воведувањето на еврото до денес на годишна основа (Табела 3).

**Табела 3 - Движење на девизниот курс од воведувањето на еврото до 2010 година**[5]

| Година | Девизен курс |
|---|---|
| **1999** | 1,0658 |
| **2000** | 0,9236 |
| **2001** | 0,8956 |
| **2002** | 0,9456 |
| **2003** | 1,1312 |
| **2004** | 1,2439 |
| **2005** | 1,2441 |
| **2006** | 1,2556 |
| **2007** | 1,3705 |
| **2008** | 1,4708 |
| **2009** | 1,3948 |
| **2010** | 1,3257 |

Економетрискиот модел е даден со следнава равенка:
$Y = \beta 0 + \beta 1 t + u$

Со помош на методот на најмали квадрати ја тестираме нултата хипотеза H0: не постои тренд. За анализите го користиме софтверскиот пакет Microfit 4.0. Добиените резултати од тестот покажуваат дека нултата хипотеза се отфрла и треба да се прифати алтернативната хипотеза На: постои тренд во курсот евро - долар. Графичкиот приказ на трендот е даден на Слика 5.

[5] De Nederlandsche Bank, http://www.statistics.dnb.nl/popup.cgi?/usr/statistics/excel/t2.1eme.xls




**Слика 3 - Движење на курсот евро - долар во наредните 10 години**

Според емпириските тестирања, моделот е статистички значаен и ни покажува дека секоја наредна година курсот ќе се зголемува за 0,047636 единици. Коефициентот на детерминација изнесува 0,77601, што покажува дека 77,6 проценти од варијабилноста на девизниот курс е објаснета со трендот. Извештајот од оценката на моделот е даден во апендикс. Моделот нуди корисни информации за предвидување на идниот девизен курс. Резултатите што ги добивме од испитувањата и предвидувањето на идниот девизен курс се многу значајни за централните банки, финансиските институции, институционалните инвеститори и интернационалните компании. Централните банки во повеќето земји во светот имаат потреба од информациска подлога за движењето на девизниот курс евро - долар при одлучувањето за нивото и деноминираноста на официјалните резерви што ги чуваат. Финансиските институции и институционалните инвеститори врз основа на очекувањата за девизниот курс носат одлуки за структурата на нивните портфолија. Интернационалните компании , пак, се заинтересирани за редуцирање на ризикот од промена на девизните курсеви при купување и продажба на меѓународниот пазар.

## ЗАКЛУЧОК

Во трудот е извршена анализа на меѓусебниот однос на доларот како валута врз која долго време почиваше меѓународната трговија, и еврото, кое и покрај тоа што е млада, за кратко време успеа да стане втора светска резервна валута. Испитувањето го опфаќа периодот од воведувањето на еврото до 2011 година, а е извршено и предвидување на идното движење на курсот на доларот и еврото со помош на

статистички методи. Резултатите покажуваат дека економските фактори, како што се разликата во економскиот раст, стапките на инфлација, каматните стапки во САД и ЕУ, имаат влијание врз движењето на курсот. Меѓутоа, не смеат да се занемарат импликациите од политичките фактори врз односот на двете валути. Со оглед на исклучително важната улога на економиите на САД и на ЕУ во остварувањата на светската економија, согледувањето на односите меѓу валутите во претстојниот период е особено битно. Одговорот за идниот девизен курс го добиваме со помош на модели на предвидување и тоа: моделот паритет на куповна сила за краткорочно предвидување и тренд-анализа за долгорочни предвидувања. Притоа, резултатите покажуваат дека до крајот на 2012 вредноста на еврото во однос на доларот ќе се намали, но долгорочниот тренд покажува зголемување на вредноста на еврото во однос на доларот. Добиените сознанија претставуваат солидна информациска подлога за централните банки, финансиските институции, институционалните инвеститори и интернационалните компании при донесување важни одлуки, како и формулирање стратегии за справувањето со потенцијалните опасности од промените на девизниот курс евро - долар.

## ЛИТЕРАТУРА

1. **ECB, The Executive Board.** *The Monetary Policy of the ECB.* Frankfurt am Main : European Central Bank, 2011.

2. **Board, Federal Reserve.** The Board of Governors of the Federal Reserve System. *The Federal Reserve Board.* [Мрежен] Board of Governors of the Federal Reserve System, 8 јули 2003. [Цитирано: 4 мај 2011.] http://www.federalreserve.gov/pubs/frseries/frseri.htm.

3. **Federal Reserve Banks**. *The Federal Reserve Board.* [Online] Board of Governors of the Federal Reserve System, 17 април 2009. [Cited: 4 мај 2011.] http://www.federalreserve.gov/pubs/frseries/frseri3.htm.

4. **The Federal Open Market Committee**. *The Federal Reserve Board.* [Мрежен] Board of Governors of the Federal Reserve System, 14 јануари 2011. [Цитирано: 4 мај 2011.] http://www.federalreserve.gov/pubs/frseries/frseri2.htm.

5. **Gerdesmeier, Dieter, Mongelli, Franceso Paolo и Roffia, Barbara.** *The Eurosystem, the US Federal Reserve and the Bank of Japan - Similarites and Differences.* Frankfurt am Main : European Central Bank, 2007.

6.*Exchange Rates in Search of Fundamentals: The Case of the Euro-Dollar Rate* **De Grauwe, Paul.** London : CERP, 2000

7.*Dollar-Euro Exchange Rate 1999-2004 - Dollar and Euro as International Currencies.* **Shams, Rasul.** Hamburg:Hamburg Institute of International Economics2005
8.*The Causes of Euro Instability*.**Arestis, Philip.** New York:Levy Economics Institute2001
9.*The Euro's Challenge to the Dollar: Different Views from Economists and Evidence from COFER (Currency Composition of Foreign Exchange Reserves) and Other Data.* **Lim, Ewe-Ghee.** WashingtonIMF Working Papers, International Monetary Fund2006
10.**Halper, Daniel.** The Weekly Standard. *The Weekly Standard LLC Web site.* [Online] The Weekly Standard LLC - A Weekly Conservative Magazine & Blog. , November 5, 2012. [Cited: November 16, 2012.] http://www.weeklystandard.com.

## АПЕНДИКС

**Извештај од економетриската анализа**

Ordinary Least Squares Estimation

*****************************************************************************

Dependent variable is Y
12 observations used for estimation from 1999 to 2010

*****************************************************************************

| Regressor | Coefficient | Standard Error | T-Ratio[Prob] |
|---|---|---|---|
| C | .87930 | .059564 | 14.7622[.000] |
| T | .047636 | .0080932 | 5.8860[.000] |

*****************************************************************************

R-Squared .77601 R-Bar-Squared .75361
S.E. of Regression .096780 F-stat. F( 1, 10) 34.6450[.000]
Mean of Dependent Variable 1.1889 S.D. of Dependent Variable .19497
Residual Sum of Squares .093664 Equation Log-likelihood 12.0904
Akaike Info. Criterion 10.0904 Schwarz Bayesian Criterion 9.6055
DW-statistic 1.1189

*****************************************************************************

Diagnostic Tests

```
*******************************************************************************
* Test Statistics * LM Version * F Version *
*******************************************************************************
* * * *
* A:Serial Correlation*CHSQ( 1)= 1.0058[.316]*F( 1, 9)= .82332[.388]*
* * * *
* B:Functional Form *CHSQ( 1)= .15499[.694]*F( 1, 9)= .11776[.739]*
* * * *
* C:Normality *CHSQ( 2)= .69836[.705]* Not applicable *
* * * *
* D:Heteroscedasticity*CHSQ( 1)= .53579[.464]*F( 1, 10)= .46736[.510]*
*******************************************************************************
A:Lagrange multiplier test of residual serial correlation
B:Ramsey's RESET test using the square of the fitted values
C:Based on a test of skewness and kurtosis of residuals
D:Based on the regression of squared residua
```

удк 657.37:657.6

# ПРИМЕНА НА КОНЦЕПТИТЕ НА РЕВИЗИЈАТА ЗА ЕФИКАСНО ИЗВРШУВАЊЕ НА КОМЕРЦИЈАЛНАТА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИКИТЕ ИЗВЕШТАИ[6]

**д-р Пеце Николоски**

Економски факултет - Прилеп, nikoloski.pece@yahoo.com

**д-р Гоце Менкиноски**

Економски факултет - Прилеп, gocemenkinoski@yahoo.com

## АПСТРАКТ

Материјалноста во ревизијата е еден од основните и главните концепти. Ревизионите стандарди велат дека концептот на материјалноста признава дека некои нешта, или индивидуални или агрегирани, се релативно важни за вистинската и фер презентација на финансиските информации во согласност со признаените сметководствени политики и практики.

Не постои сет на правила или прескрипции кои може да бидат постојано аплицирани за да ја детерминираат материјалноста во сите околности. Материјалноста е секако релативен термин. Тоа што може да биде материјално во еден случај, во другиот случај може да не биде. Одлуката за тоа што е, а што не е материјално е работа на професионалната одлука и судење, како и на искуството на самиот ревизор.

Значи, како што реков, вистинитоста и фер презентацијата на финансиските извештаи зависи помеѓу другите нешта и од концептот на материјалноста.

Во овој труд е разработена една проблематика која актуелност е евидентна во глобални размери. Имено станува збор за концептите на ревизијата, поконкретно нивната примена во насока на ефикасно извршување на комерцијалната ревизија на финансиските извештаи.

**Клучни зборови**: ревизија, финансиски извештаи, ревизори, ревизорски ризик

[6] Прегледан научен труд

## ВОВЕД

Меѓународниот ревизорски стандард 320 ја дефинира материјалната значајност на следниот начин:[7]

„Информациите се материјално значајни доколку нивното испуштање или погрешно прикажување може да влијае врз економските одлуки на корисниците кои се базираат на финансиските извештаи. Материјалната значајност зависи од големината на ставката или грешката проценета во конкретни околности на нејзино испуштање или погрешно прикажување. Според тоа, материјалната значајност пред с обезбедува точка на пресек или гранична точка, а не примарна квалитативна карактеристика која информациите мора да ја поседуваат за да бидат корисни".

Односно, материјалната значајност се проценува од аспект на потенцијалното влијание на евентуалните погрешни прикажувања врз одлуката на корисниците на финансиските извештаи во поглед на нивни идни инвестиции и други одлуки во зависност од видот на корисникот.

На пример, некое лице сака да купи акции од некоја фирма. Ако таа фирма покажала добивка од 20.000.000 денари, се поставува прашање дали лицето би инвестирало средства во купување на акциите од таа фирма ако ревизорот при ревизијата на финансиските извештаи утврди погрешно прикажување кое влијае добивката да изнесува не 20.000.000 денари туку 15.000.000 денари. Дали разликата од 5.000.000 е материајално значајна и дали таа би влијаела на одлуката на потенцијалниот инвеститор, тоа треба да го утврди ревизрот.

Заради фактот што проценката на материјалната значајност е оставена претежно на професионалното расудување на ревизорот, во пракса се случува два ревизора да утврдат различно ниво на материјална значајност за еден ист клиент. Ова е пред се заради тоа што голем број ревизори го користат своето субјективно професионално расудување за да ја проценат значајноста за секоја сметка од финансиските извештаи.

Па дури и два ревизори да определат еден ист износ на материјална значајност, можно е заради нивното расудување да определат различна значајност во структурата на поединечните сметки од билансот на состојба.

Одговорот на претходното прашање зависи пред се од професиналното расудување на ревизорот бидејќи во Меѓународните ревизорски стандарди не се дава упатство за определување на износот на материјалната значајност.

---

[7] Доц.д-р Зорица Божиновска Лазаревска, РЕВИЗИЈА, Економски факултет, Скопје 2001

Со концептот „Materiality“ во Македонија првпат практично се запознавме на семинарите што беа финансирани од УСАИД во проектот „ОБУКА ЗА РЕВИЗИЈА - ПРАКТИЧЕН ПРИСТАП“. На предавањата што се одржуваа во текот на 1998 ,1999 и 2000 год., како и во материјалите од тој семинар зборот „Materiality“ беше преведен како „значајност“.
Значајноста како концепт и принцип постоеше и во преводот на Меѓународните стандарди за ревизија во издание на Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на РМ од 1998 год. Овој збор беше општо прифатен од учесниците на семинарите бидејќи беше разбирлив и ја одразуваше најблиску суштината на преводот до македонската терминологија .
За примената на значајноста во ревизијата постојат три основни чекори:[8]
Почетната проценка на материјалната значајност (чекор 1) представува максимален износ до којшто ревизорот верува дека финансиските извештаи можат да бидат погрешни, а сепак да не влијаат на одлуките на корисниците на финансиските извештаи.
Сепак, материјалната значајност е повеќе релативен отколку апсолутен концепт, односно кај некои помали фирми еден износ на грешка можеби ќе биде значаен, но истиот ќе биде материјално незначаен за поголема компанија.
Исто така, ако ревизорот утврди некоја незначајна материјална грешка, но која е направена со умисла, тоа може да предизвика сомнение за повеќе такви грешки заради што можеби ќе биде потребни и промена на почетната проценка на значајноста, а со тоа и ревизорскиот ризик.
Како што нагласивме погоре, во ревизорските стандарди не е дадено практично упатство за утврдување на износот на материјалната значајност, така што секоја ревизорска фирма има свои упатства и политики за утврдување на нивото на значајност.

## КОНЦЕПТ НА РЕВИЗОРСКИОТ РИЗИК

Ревизорскиот ризик е термин кој е всушност користен во релација со ревизијата на финансиските извештаи на одреден ентитет. Примарната цел на таквата ревизија е да се обезбеди мислење дали финансиските извештаи претставуваат фер или нефер финансиски позиции и резултати на ентитетот.

Ревизорскиот ризик е ризик на ревизорот кој обезбедува несоодветно мислење за финансиските извештаи. Исто така може да се

[8] http://www.mbmonitor.com.mk/ShowDocument.aspx?docid=209

дефинира и како опасност ревизорот да изрази несоодветно ревизорско мислење кога финансиските извештаи содржат поголеми неточности.

Запознавање со дејноста на клиентот е постапка на собирање финансиски и нефинансиски информации во функција на вкупната ревизорска работа за издавање мислење за финансиските извештаи.

Согласно Меѓународниот ревизорски стандард (МРС) 315, „ревизорот треба да стекне разбирање за ентитетот и неговото опкружување, вклучувајќи ја и неговата интерна контрола коешто е достатно за идентификување и проценка на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, било као резултат на измама или на грешка, како и достатно за обликување и извршување на понатамошните ревизорски постапки".

Според истражувањето на Pricewaterhouse Coopers, во периодот до 2012 година внатрешните ревизори ќе мораат с□ повеќе да го насочуваат својот фокус кон континуирана ревизија со цел да го рационализираат процесот. Со оглед на фактот што оценката и мониторингот на ризиците налагаат инкорпорирање на димензијата „реално време" (realtime), тајмингот на ревизијата ќе стане подинамичен.

Истражувањето укажува дека како главни предизвици пред кои се наоѓаат раководителите на одделите за внатрешна ревизија се наведуваат недоволниот капацитет и способност за справување со новиот пристап кон ревизијата. Поради тоа комисијата за ревизија би морала да има мандат да врши редовна проценка на адекватноста на ресурсите и вештините на внатрешната ревизија.

## ***Инхерентен ризик***

Инхерентниот ризик претставува ревизорско тврдење дека можеби постојат материјални погрешни тврдења поврзани со асертацијата на финансиските извештаи, без да ги земе предвид ефективностите со поврзаната внатрешна контрола.

Ако ревизорот заклучи дека постои големо количество на такви погрешни тврдења игнорирајќи ја внатрешната контрола, ревизорот ќе заклучи дека всушност овој ризик е многу висок. Внатрешната контрола е игнорирана во поставувањето на инхерентниот ризик поради тоа што се сметаат за одвоени во моделот на ревизорски ризик како контролен ризик.

Тоа е област која бара професионални судења за работата на ревизорот. На пример, евалвацијата на средствата кои се состојат од дијаманти е

покомплексна отколку од средствата кои се состојат од велосипеди, и притоа е и поризична.

***Контролен ризик***

Контролниот ризик го претставува ангажирањето на ревизорот за можноста дека материјалните неточности поврзани со асертацијата на финансиските извештаи нема да бидат спречени и детектирани на временска основа од страна на клиентовата внатрешна контрола. Овој ангажман вклучува и прашања за тоа дали клиентовата внатрешна контрола е ефективна за превенција или детектирање на неправилностите и намерата на ревизорот да направи напор на ниво под максимумот како дел од ревизорскиот план.
Внатрешните контроли во претпријатието најчество вклучуваат супервизија и проверка на извештаите од страна на независен персонал од оние кои ги направиле влезовите. И покрај тоа што проценката на инхерентниот ризик е релативно скорешен феномен, ревизиите се потпираат врз внатрешните контроли за да ги спречат или откријат материјалните грешки.

***Детекциски ризик***

Овој ризик е дефиниран како тврдење дека материјалните грешки поврзани со асертацијата нема да бидат детектирани од страна на ревизорскиот одржлив тест.
Важно е да се забележи дека детекциониот ризик индицира дека ревизорот е желен да живее со него. Ова значи дека детекциониот ризик е висок, ревизорот е желен да го прифати и ќе направи помалку субстантивни тестови споредено со ситуациите кога детекциониот ризик е низок.Овој ризик се појавува ако супервизијата е неадекватна или пак е неадекватно оценета интерната контролна структура. Ризикот постои независно од другите два ризика бидејќи ревизорот ќе прифати помал ризик на детекција.

## КОНЦЕПТ НА РЕВИЗОРСКИ ДОКАЗИ

***Постапки (методи) за прибавување на ревизорски докази***

Ревизорските докази се оние информации што внатрешните ревизори ги обезбедуваат преку набљудување на условите, интервјуирање на луѓето и тестирање на евиденцијата. Ревизорската евиденција треба да

обезбеди фактичка основа за ревизорското мислење, заклучоците и препораките. Ревизорските докази можат да се карактеризираат како физички, докази на сведоштво, документарни и аналитички.

Во однос на придржувањето, при тестирањето се поставува прашањето: дали контролата функционира?

Деталните тестови на трансакции и салда и другите процедури како што е аналитичкиот преглед, се оние кои се обидуваат да обезбедат ревизорски докази за комплетноста, точноста и валидноста на информациите содржани во сметководствената евиденција или финансиските извештаи. Со овие тестови се поставува прашањето: дали книжењето е точно? Кога ревизорите ја засноваат природата и обемот на нивната ревизорска работа врз нивната оценка на системите на внатрешна контрола на организацијата, ваквиот приод кон ревизијата се нарекува системски заснован пристап.

Податоците мора да се анализираат во однос на метеријалноста, причините, причинителите, вистинскиот и потенцијалниот ефект.

Примерокот е само прв чекор кон едно добро информирано и засновано ревизорско мислење. Општите ревизорски софтвери и другите техники можат да му помогнат на ревизорот на поефикасен начин да изврши ревизија на 100% од популацијата, но не и да го одбере вистинскиот примерок и да изврши ревизија на истиот.

Ова е особено точно во сите случаи каде организацијата поседува целосна документација во електронски формат. Со с□ поголемата употреба на информатичката технологија, ревизорот мора да реши дали методот на избор на примероци е најефикасниот и ефективен начин за обезбедување на ревизорски докази. Со постоењето на огромни бази на податоци и разни можности за изготвување на потребните информации во различен формат, во одредени случаи може да биде поефикасно да се спроведе компјутерски потпомогнато тестирање на целата популација. Имајќи предвид дека денес софтверот ги опфаќа целокупните активности на претпријатијата и постоењето на интегриран софтвер, ревизорот наместо да избира примерок од популацијата, може да се реши за тестирање на сите 100 проценти, односно на целокупната популација. Во некои случаи сепак е неопходна 100% проверка. Тука спаѓаат необичните или вонредни ставки, како што се големите износи по основ на казни, категории кои се малубројни, но од голема важност, како на пример земјиштето и зградите, категории од посебна важност, како што се заеми на директорите или други области со висок ризик.

## ЗАКЛУЧОК

Истражувањето укажува дека како главни предизвици пред кои се наоѓаат раководителите на одделите за внатрешна ревизија се наведуваат недоволниот капацитет и способност за справување со новиот пристап кон ревизијата. Поради тоа комисијата за ревизија би морала да има мандат да врши редовна проценка на адекватноста на ресурсите и вештините на внатрешната ревизија. Ревизорскиот ризик е ризик на ревизорот кој обезбедува несоодветно мислење за финансиските извештаи. Исто така може да се дефинира и како опасност ревизорот да изрази несоодветно ревизорско мислење кога финансиските извештаи содржат поголеми неточности.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Doc.d-r Zorica Bozinovska Lazarevska, REVIZIJA, Ekonomski fakultet, Skopje 2001
2. Eugene F. Brighman, Lous c. Garenski: “Financial menagment “, Theory and Practice, Saventh edition, The Dryden Press, Hareourt Brace College Publishers, New York, 1994;
3. Zagar Mr. Katerina, Zagar Mr. Lajos: “Racunovodstveni standardi, finansijski izvestai I revizija“, Progres, Zagreb, 1993;
4. Здравкоски д-р. Здравко: “Трошоци, цени и деловни резултати“ (фактори и практика) Метафора, Прилеп, 1993;
5. International Auditing Guidelines and Statements on auditing, IFAC, New York, INTOSAI Auditing Standards, International Organization of Supreme Audit Institutions, June, 2000;
6. Ivanovic d-r Zoran: “Finansiski menedzment“, Sveuciliste u Rijeci, 2000;
7. Lee G. A. “Modern Financial Accounting, 4th “Edition, Chapman & Hall, London, 1996;
8. Martic, S.: “Revizija finansiskih izvestaja I procenka vrednosti preduzeca, XXXVI simpozium-racunovodstvo I poslovne finanije privrede u tranziciji“, Zbornik radova, Zlatobor, 1995;
9. Martik. SC “Kontrola revizija, “Univerzitet u Beogradu-Ekonomski fakultet, Beograd, 1997;

удк 336.71.078.3

# СУПЕРВИЗИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОФИЛОТ НА РИЗИК НА БАНКАРСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ[9]

**д-р Евица Делова-Јолевска**

jolevski2001@yahoo.com

**м-р Илија Андовски**

iandovski@yahoo.com

Универзитет Американ колеџ, Скопје

III Македонска бригада бб 1000, Скопје

## АПСТРАКТ

Банкарскиот сектор има суштинска улога во секоја национална економија. Но, само сигурен и стабилен банкарски систем може да претставува ефикасен алокатор на ресурсите меѓу економските субјекти што води кон поголем просперитет и економска состојба во економијата. Затоа државата е заинтересирана за воспоставување прудентна супервизија, која е фокусирана на контрола на работењето на банкарските институции и раното откривање на слабостите во нивното работење. Регулаторите, како претставници на државата, имаат значајна улога во извршувањето на нивната функција, преку непосредни теренски контроли и перманентна вонтеренска супервизија. Промените во банкарската индустрија условија промена и во моделите кои супервизорските институции ги применуваат во извршување на нивната задача. Супервизорските институции со примена на супервизија заснована врз ризици се фокусираа кон оценка на профилот на ризик на банките во насока на утврдување на нивната стабилност и сигурност, а со крајна цел воспоставување и одржување сигурен и стабилен банкарски систем.

**Клучни зборови**: банки, супервизија, модели на супервизија

---

[9] Прегледан научен труд

# ВОВЕД

За успешно функционирање на една банка се заинтересирани акционерите како сопственици на капиталот, депонентите, кредитокорисниците, но и вработените и менаџерскиот тим. Специфичната улога на банкарскиот систем ја оправдува грижата за неговата стабилност. Банките се строго регулирани институции, што произлегува токму од нивното значење и улога во финансискиот систем на секоја држава. Двете основни причини за регулирање и контрола на банките се[10]:

1. Да се задржи довербата на јавноста во интегритетот на банкарскиот систем и на одделните банки, и
2. Да се заштитат депонентите и да се обезбеди стабилен банкарски систем преку заштита од пропаѓање на банките.

Постојат различни видови на регулација: системска, прудентна и деловна контрола. Под системска контрола се подразбираат сите прописи и правила донесени од страна на државата со цел да се минимизира ризикот дека некоја банка ќе пропадне и ќе предизвика системски ризик. Затоа, во системската регулатива се вклучува регулативата што се однесува на осигурување на депозитите вложени во банките и на улогата на централната банка како позајмувач во крајна инстанца.

Прудентната контрола се однесува на контролата на целокупното работење на банкарските институции од страна на регулаторна институција, којашто го оценува профилот на ризик на банките, а со тоа и сигурноста и стабилноста на банкарскиот систем во целина.

Деловната контрола е насочена на начинот како банките го водат бизнисот и во неа се вклучува внатрешната ревизија која се врши од страна на банката и надворешната ревизија, која ја врши независна надворешна ревизорска куќа.

Во услови на несовршен пазар неспорна е потребата за регулирањето на банкарското работење. Меѓутоа, регулацијата може да биде ограничена од моралниот хазард, којшто е поврзан со системската контрола. Исто така, постои ризик дека големите банки ќе се наметнат во регулаторниот процес, поаѓајќи од фактот дека имаат значајна улога во банкарскиот систем (to big to fail) па може да очекуваат дека државата нема да дозволи да пропаднат и да предизвикаат проблеми во банкарскиот систем во целина. Примарна улога во намалувањето на моралниот хазард има само ефикасна и претпазлива супервизија.

[10] Неновски, Делова-Јолевска „Пари и банкарство“, Универзитет Американ колеџ, 2012, стр.404

## УЛОГАТА НА РЕГУЛАТОРНАТА ИНСТИТУЦИЈА

Јакнењето на улогата на супервизијата е едно од најбитните прашања за обезбедување и одржување сигурен и стабилен банкарски систем. Супервизијата има двојна задача: да обезбеди здрави и сигурни банки и да ја заштити стабилноста на банкарскиот и финансискиот систем во целина.

Супервизорската функција се остварува на три нивоа:

а) функција на лиценцирање, преку издавање дозволи и согласности во согласност со законската регулатива во секоја земја;

б) контрола на целокупното работење на банкарските институции; и

в) преземање корективни мерки и активности кон банкарските институции.

Контролата на работењето на банкарските институции се извршува преку:

- *вонтеренска (off-site) контрола* на работењето на банките. Супервизорската институција врши редовно следење и анализа на извештаите коишто и ги доставуваат банките на дневна, месечна или квартална основа. Врз основа на месечните и квартални анализи на работењето на банките се врши оценка на нивниот профил на ризик. Преку воспоставување систем на ранопредупредувачки сигнали се откриваат можните проблеми во работењето на банките и се оценува усогласеноста на нивното работење со законската регулатива и супервизорските стандарди;

- *теренска или непосредна (on-site) контрола* на работењето на банките којашто се состои од непосреден увид во работењето на банките во нивните деловни простории. Преку преглед на документацијата и интерните акти на банките во извршувањето на секојдневните деловни активности, како и увид во системите за управување со ризиците на кои се изложени во нивното работење, регулаторите ја оценуваат ризичноста на институцијата и нејзината усогласеност со законската регулатива. Теренските контроли можат да бидат целосни кога се контролира целокупното работење на банката или може да бидат делумни, кога се фокусирани на одреден сегмент од работењето на институцијата.

Теренската контрола и редовното вонтеренско следење на банките се меѓусебно поврзани, се дополнуваат и го сочинуваат супервизорски циклус.

## МОДЕЛИ НА СУПЕРВИЗИЈА

Регулаторите во зависност од опкружувањето и промените во банкарската индустрија, постојано развиваат нови модели, со кои врз основа на бројни фактори и показатели, го оценуваат работењето на банкарските институции, нивната успешност и профитабилност. Самите модели претставуваат алатка преку која се следат промените на финансиската состојба, се проценува профилот на ризик на институцијата (risk profile) и претставуваат систем за рано предупредување (early warning system) за преземање корективни мерки во случај на влошување на профилот на ризик на институцијата.

Еден од многуте користени модели за проценка на работењето на банката и нејзината финансиска состојба е познат како КАМЕЛС метод[11], што претставува акроним на основните шест елементи коишто ја определуваат вкупната финансиска состојба на одредена финансиска институција и тоа: адекватност на капиталот (capital adequacy), квалитет на активата (asset quality), менаџмент (management), профитабилност (earnings), ликвидност (liquidity) и чувствителноста на пазарен ризик (sensitivity to market risk).

Секоја посебна компонента од рејтинг-системот КАМЕЛС се оценува од 1 до 5 врз основа на анализа на сите битни фактори за секоја област. Од оценките на одделните компоненти произлегува сумарната оценка којашто ја одразува севкупната финансиска состојба на институцијата. Сумарната оценка или композитниот рејтинг исто така се движи во распон од 1 до 5.[12] Притоа највисоката оценка е 1, рејтинг што означува сигурно работење, одлични остварувања и најдобри практики во управувањето со ризиците и оценка којашто предизвикува најнизок степен на загриженост кај супервизорите. Најлошата оценка е 5 и означува најнизок рејтинг, со највисок степен на внимание и загриженост од страна на супервизорите.

Промените настанати во банкарската индустрија во последните години бараа соодветна промена и во работењето на регулаторните институции. Така, во многу земји супервизорските институции ги модифицираа своите пристапи и започнаа да го применуваат концептот на супервизија заснована на ризици (risk-based или risk-focused, risk-oriented). Суштинска разлика не постои, но новина е што супервизијата

[11] усвоен е од страна на Federal Financial Institutions Examinations Council – FFIEC на 13.11.1979 година. Моделот е прифатен од сите три супервизорски агенции во САД: The Federal Reserve System, OCC - Office of the Comptroller of the Curency и Federal Deposit Insurance Corporation.

[12] Сумарната оценка не претставува пресметка на аритметичката средина на оценките од поделните компоненти, туку е оценка на супервизорот. Вообичаено оценката за менаџментот и квалитетот на активата имаат значително влијание.

заснована на ризици се фокусира на идентификување на ризиците и насочување на своите ресурси кон оние активности што ја изложуваат банката на повисок ризик, се врши и мерење на ризикот (се определува нивото на ризик), но и се оценува квалитетот на управувањето со ризиците и интерните контроли. Анализата на ризикот, неговиот квантитет и квалитетот во управувањето со ризиците претставува основа во активностите на супервизорските органи, врз основа на што се добива сеопфатна слика за профилот на ризик на банкарската институцијата. Профилот ризик на банките обезбедува основа за утврдување на супервизорската стратегија, планирање на супервизорскиот циклус и можноста за корективни мерки во одделни институции.

Предноста од воведувањето супервизија заснована врз ризици се поефикасната искористеност на кадровските и техничките ресурси на супервизијата. Тоа се постигнува со поголемо фокусирање на подрачјата со највисок степен на ризик коишто претставуваат најголема потенцијална опасност за понатамошното работење на банката. Исто така, супервизорското внимание е насочено кон поголемите банки (системски значајни банки) коишто имаат поголемо влијание врз стабилноста на банкарскиот систем во целина, отколку некоја мала банка.

Софистициран, точен модел за оценка на работењето на банкарските институции не постои. Сите методи се во потрага да го оценат профилот на ризик на банките, да ги проценат и да ги следат промените на финансиската состојба и навремено да дадат предупредување до супервизорите за преземање корективни активности.

Уредувањетота на пруденТна регулација и супервизија се разликува од држава до држава. Секоја земја има развиено сопствен метод на супервизија на банките. Иако насловите на моделите се различни сите тие во суштина имаат една цел - утврдување на степенот на ризичност на банкарската институција преку анализа на нивото на изложеност на различните видови ризик и квалитетот на нивното управување. Притоа, целта е да се добие слика не само за моменталната состојба на банкарската институција, туку се стекнува поширока перспектива и за идните движења и промени коишто би можеле да настанат како резултат на предвиденото ниво на ризик присутен во банкарската институција.

Во продолжение се дадени некои модели за супервизија заснована врз ризици.

***Системот на рангирање ПАТРОЛ,*** со кој се оценува успешноста на банките (PATROL rating system) [13] е воведен од Централната банка на Италија и претставува акроним од компонентите што се вклучуваат во анализата: адекватност на капиталот (итал. PATrimonio), профитабилност (Redditivité), кредитен ризик (Rischiosité), менаџмент (Organizzazione) и ликвидност (Liquidité). Секоја компонента од системот ПАТРОЛ се рангира на скалата од 1 (најдобра оценка) до 5 (најслаба оценка), врз основа на кои се изведува заедничка оценка, исто така од 1 до 5, во која се вклучени и сите останати квалитативни и квантитативни информации утврдени од супевизорот.

***Системот за рангирање ОРАП*** (ORAP-Organization et de Reinforcement de l`Action Préventive) е воведен од Француската банкарска комисија и се заснова врз анализа на повеќе фактори за да се откријат потенцијалните недостатоци и слабости на банкарските институции и се проценува нивниот профил на ризик. Ризиците коишто се предмет на проценка[14] се: кредитниот ризик, ризикот од концентрација, пазарниот ризик, оперативниот ризик, ликвидносниот ризик и каматниот ризик. Секоја компонента се рангира на скалата од 1 (што се смета за најдобра) до 5 (што се смета за најслаба оценка), од кои се изведува заедничка оценка, исто така од 1 до 5. Секоја оценка 5 значи дека се потребни корективни активности.

**Информациски Систем БАКред[15]** (BAKIS - BAKred Information System) е спроведен од страна на супервизорските власти и Централната банка на Германија. Како компоненти за предвидување евентуален ризик на банкарската институција, системот БАКИС анализира финансиски показатели (вкупно 47 показатели) [16] и групи институции со заеднички карактеристики (peer group analysis). Самиот систем претставува систем за навремено предупредување и откривање проблематични банки (Early Warning System).

**ARROW (Advanced, Risk-Responsive Operating FrameWork)** претставува уште еден пристап на супервизија заснована врз ризици во вид на матрица којашто вклучува[17]: откривање на значајните ризици на кои е изложена банката, мерење на изложеноста на тие ризици и

[13] Francesco Cannata, Mario Quagliariello, "The Value of Market Information in Banking Supervision: Evidence from Italy", Jurnal of Financial Services Research, Spirnger Science + Business Media, 2005

[14] The risk assessment system used by the General Secretariat of the Commission Bancaire, Annual report of the Commission Bancaire, 2007

[15] Кратенка за Bundesaufsichtsamf für das Kreditwesen- Федерално биро за банкарска супервизија на Германија

[16] Ranjana Sahajwala, Paul Van den Bergh, "Supervisori Risk Assessment and Early Warning Systems", Basel Committee on Banking Supervisiton, Working Paper, December 2000, стр.15

[17] The FSA`s risk-assessment framework, Financial Services Authority, August 2006

нивното влијание врз резултатите на банката, техники за намалување на ризиците, следење и известување за управувањето со ризиците. По извршена непосредна теренска контрола, се утврдува оценка за ризикот на институцијата и се подготвува програма за намалување на ризикот (RMP - Risk Mitigation Programme).

**Метода за анализа на ризик** ФИРМ (FIRM - Financial Institutions Risk analysis Method) претставува метода којашто ја користи Националната банка на Холандија (De Nederlandsche Bank или Dutch National Bank - DNB) и опфаќа анализа на[18]: солвентноста, ликвидноста, организацијата и контролата и деловната интегрираност. Методата вклучува определување клучни показатели и карактеристики коишто би помогнале во подобрување на оценката на профилот на ризик на институцијата и правилно утврдување на значењето на институцијата во опкружувањето. Методата ФИРМ првично врши анализа на најзначајните ризици на кои се изложени финансиските институции. Веројатноста за појава на ризичен настан и степенот на негово влијание се поделени во 4 нивоа, од најниско до највисоко ниво на изложеност на ризик. Анализата на квалитетот на управувањето со ризиците се спроведува преку контрола на интерните акти, транспарентна организациска структура, системот на известување, квалитетот на менаџментот и транспарентноста на стратегијата на институцијата.

## ПРИМЕНА НА МОДЕЛИТЕ НА СУПЕРВИЗИЈА ПРИ ВРШЕЊЕ СУПЕРВИЗИЈА НА БАНКИТЕ И ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Народната банка како супервизорски орган во работењето на банките и штедилниците во своето работење има користено два модели на супервизија: рејтинг системот КАМЕЛС и супервизија заснована врз ризици. Рејтинг системот КАМЕЛС е модел којшто е во примена се до 2008 година кога е заменет со моделот на супервизија заснована врз ризици[19]. Процесот на супервизија на банките вклучува како теренски така и вонтеренски активности. Проценката на профилот на ризик на банката претставува документ во кој се дадени основните информации за моменталната состојба на банката, анализата на агрегатниот ризик (квантитивен и квалитативен) и супервизорската стратегија.

[18] Financial Institutions Risk analysis Method Manual, De Nederlandische Bank, www.dhb.nl, поглавје 2.2.2.

[19] Извештај за банкарската супервизија и банкарскиот систем за 2008 година, НБРМ

Со непосредната теренска контрола се врши проценка на ризиците на кои е изложена банката и оценување на успешноста на банката. Проценката на ризиците е со цел да го идентификува нивото на секој ризик на кој е изложена банката во своето работење и да го идентификува квалитетот на управување со ризиците во институцијата.Се идентификуваат минимум седум најзначајни видови на ризици: кредитен ризик, ликвидносен ризик, пазарен ризик, оперативен ризик, ИТ ризик, правен ризик и стратегиски ризик.

Нивото на ризикот претставува нивото на изложеност на одделните ризици на институцијата во своите секојдневни активности, а квантитативно се определува како: високо ниво на ризик, значително ниво на ризик, прифатливо ниво на ризик и ниско ниво на ризик.

Квалитетот на управувањето со секој од одделните ризици се утврдува врз основа на тоа колку добро и со каков интензитет, менаџментот ги идентификува, ги мери и ги контролира ризиците во текот на деловните активности. Оваа оценка се темели врз следниве четири основни елементи коишто придонесуваат за успешно и здраво управување со ризиците: квалитетот на управување од страна на надзорниот и управниот одбор; политиките, процедурите и лимитите коишто се дефинирани и применуваат за ефикасно управување со ризиците; воспоставен соодветен и ефективен информатички систем; и воспоставување интерна контрола и изведување на интерни и екстерни ревизии, заради откривање каков било недостаток во функционирањето на интерните контроли и системот за управување со ризици. Квалитетот на управувањето со поодделен ризик може да биде добар, задоволителен, со недостатоци и слаб. Врз основа на оценката за квантитетот и квалитетот на управување со секој ризик се определува агрегатниот ризик на банката. Од агрегатниот ризик зависи и режимот на супервизија којшто може да биде: нормален режим на супервизија; внимателно контролиран режим на супервизија и преземање супервизорска акција.

## ЗАКЛУЧОК

Специфичната и значајна улога на банкарскиот систем во национални, но и во меѓународни рамки, ја оправдува грижата на државата за неговата стабилност. Само сигурен и стабилен банкарски систем којшто ја ужива довербата на економските субјекти може да биде ефикасен интермедијатор на ресурсите на националната економија во насока на засилување на економскиот развој. Постојат различни рејтинг-системи со кои се оценува финансиската состојба и

сигурност на одредена финансиска институција. Бројните промени што се случуваат во сферата на финансиските услуги, воведувањето нови банкарски производи и нови модели за управување со ризиците бараат усовршување и приспособување на супервизорските контроли на новите трендови. Регулаторните институции постојано ги усовршуваат постојните и развиваат нови модели за банкарска супервизија, со цел да се обезбеди што подобра оценка на профилот на ризик на банкарските институции. Тие се обидуваат да пронаоѓаат подобри патишта и начини за решавање на супервизорските прашања во исполнувањето на нивната мисија за одржувањето на стабилноста и јакнењето на довербата на јавноста во банкарскиот систем.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Томе Неновски, Евица Делова-Јолевска, *Пари и банкарство*, Универзитет Американ колеџ, 2012,
2. Barbara Casu, Claudia Girordone, Philip Molyneux, *Introduction to banking,* Prentice Hall, 2006
3. The FSA`s risk-assessment framework, Financial Services Authority, August 2006
5. Financial Institutions Risk analysis Method Manual, De Nederlandische Bank, www.dhb.nl, поглавје 2.2.2.
6. Francesco Cannata, Mario Quagliariello, "The Value of Market Information in Banking Supervision: Evidence from Italy", Jurnal of Financial Services Research, Spirnger Science + Business Media, 2005
7. Ranjana Sahajwala, Paul Van den Bergh, "Supervisori Risk Assessment and Early Warning Systems", Basel Committee on Banking Supervisiton, Working Paper, December 2000, стр.15
8. The risk assessment system used by the General Secretariat of the Commission Bancaire, Annual report of the Commission Bancaire, 2007.
9. НБРМ, Извештај за банкарската супервизија и банкарскиот систем за 2008 година и 2009 година.

удк 342.71(4-672EU):341.231.14-021.24

# ЕВРОПСКОТО ДРЖАВЈАНСТВО И ПРИНЦИПОТ НА НЕ-ДИСКРИМИНАЦИЈА[20]

**д-р Билјана Чавкоска**

ФОН УНИВЕРЗИТЕТ
Булевар Војводина - Скопје
bcavkoska@yahoo.com

## АПСТРАКТ

Овој труд има за цел да направи анализа на промените кои ги донесе воведувањето на европското државјанство за државјаните на државите-членки на Унијата, како и нивните права и обврски. При тоа, имајќи во предвид дека во Европската унија право на постојан и привремен престој уживаат и голем број државјани од трети држави, авторот ја испитува вклучувачката димензија на европското државјанство. Поаѓајќи од фактот дека Европската унија разви еден од најдобрите модели на антдискриминационо право во светски рамки ќе биде интересно да се види како тоа се применува на случајот на европските државјани вис а вис државјани од трети држави низ призмата на европското државјанство.

**Клучни зборови**: европско државјанство, вклучувачки, исклучувачки, државјани од трети држави, недискриминација

## ВОВЕД

Воведувањето на европското државјанство значеше чекор напред кон создавањето еден посебен правен ентитет во лицето на Европската унија. Без европското државјанство, Унијата не можеше да се приближи кон етимолошкото поимување на државата и нејзините карактеристики.[21] Овој труд има за цел да направи анализа на значењето од воведувањето на европското државјанство за државјаните на државите-членки на Унијата како и за државјаните од третите

[20] Стручен труд
[21] Љ. Фрчкоски, В. Тупуркоски, В. Ортакоски, Меѓународно јавно право, Табернакул, 1995, стр. 54-58

држави со посебен акцент на последните измени со Лисабонскиот реформски договор. Воведувањето европско државјанство уште повеќе го зацврсти принципот на забрана на дискриминација меѓу државјаните на државите-членки на Унијата. Во трудот, авторот го анализира и односот на европското државјанство кон државјаните од третите држави токму во контекст на забараната на дискриминација и принципот на еднаквост.

Пред усвојувањето на Мастришкиот договор, Европската Заедница обезбеди слободно движење само за економски активните државјани но се до формирањето на Шенгенската зона слободата на движење беше тешко применлива. Договорите од ЕЗЈЧ како и Римските договори обезбедуваа само слобода на движење за работниците и услугите. При тоа, нема заедничка политика на Европската унија за стекнување европско државјанство бидејќи единствен услов за негово стекнување е да се поседува национално државјанство на држава-членка на ЕУ. Член 20 од Договорот за функционирање на Европската унија дефинира дека се воведува европското државјанство. Секој државјанин кој поседува национално државјанство е државјанин на Унијата. Европското државјанство го дополнува а не го заменува националното државјанство.

Европската унија ја воведе Европската година на државјаните 2013 што ќе овозможи државјаните на Унијата да научат повеќе за своите права и обврски кои произлегуваат од европското државјанство, како и да се организира дебата за потешкотиите при уживањето на правата. Европската година на државјаните ќе им овозможи да активно учествуваат во сите политики и активности на Унијата.

## ВОВЕДУВАЊЕ ЕВРОПСКО ДРЖАВЈАНСТВО

Од формално правен аспект, државјанството на Европската унија се воведе со Договорот од Мастрихт кој стапи во сила во ноември 2003 година. Европското државјанство подразбира секој државјанин кој поседува државјанство на држава-членка на Европската унија да е во исто време државјанин на Унијата. Европското државјанство е врска меѓу државјаните на државите-членки и самата Унија. Европското државјанство го надополнува националното државјанство, а не го заменува. Зајакнување на заштитата на правата и интересите на државјаните на државите-членки можеше да се случи само со воведување европско државјанство како пандан на националното државјанство.

Што практично значи воведувањето на европското државјанство за државјаните на Унијата и каков е тогаш статусот vis a vis останатите државјани кои не поседуваат европско државјанство? Со воведувањето европско државјанство, државјаните на државите-членки уживаат одредени права кои не им се достапни на државјаните од третите држави кои не се членки на Европската унија. Тоа се:

- правото да живеат и работат (без потреба од поседување работна дозвола, види член 18 од ДЕУ);
- право да гласаат и да бидат гласани на европските избори (член 19 од ДЕУ);
- право на заедничка дипломатска и конзуларна заштита надвор од државата-членка (член 20 од ДЕУ);
- правото на петиција пред Европскиот парламент и правото на жалба до Европскиот омбудсман (член 21 од ДЕУ).

Државјаните на Европската унија имаат право:

- да поднесуваат и добиваат одговори од било која институција на Унијата на еден од официјалните јазици,
- пристап до Европскиот парламент, Европската комисија и Европскиот совет под определени услови,
- еднаков пристап до сервисите за државјаните на Европската унија.

Покрај овие права, Европскиот суд на правдата мораше да ги толкува одредбите за државјанство во согласност со членот 12 од ДЕУ кој се однесува на забрана на дискриминацијата врз основа на националност. Во случајот *Maria Sala*[22] Судот толкуваше дека членот 14 од Договорот му придава на статусот на државјанин на Унијата права и обврски пропишани со Договорот, вклучувајќи го и членот 6 од Договорот, да не трпи дискриминација врз основа на националност во примена ratione materiae на Договорот.[23] За реализирање на принципот на еднаквост и недискриминација најголеми достигнувања се остварени со склучување на Договорот од Амстердам.[24] Амстердамскиот договор, кој стапи во сила на 1 мај 1999 година, ги прошири правата и обврските на државјаните со воведување посебна клаузула со која се овластуваат институциите на Европската унија да преземат мерки за забрана на дискриминација врз основа на пол, раса или етничко потекло, религија или верување, хендикеп, возраст или сексуална ориентација (антидискриминаторска клаузула). Државите-членки потврдија дека еднаквиот третман и почитувањето на

[22] Case C-85/96, Maria Sala v. Freistaat Bayern (1998) ECR I-2691

[23] Para 62

[24] Целосниот назив на Договорот гласи: Договор за измена на Договорот за Европската унија, договорите со кои се основани европските заедници и редица акти поврзани со нив. Договорот е свечено потпишан на 2 октомври 1997 година а стапил во сила на 1.5.1999 година.

различноста се од интерес на општеството како целина за создавање интегриран пристап кон спречување на дискриминацијата. Врз оваа правна основа беа донесени Директивата за еднаков третман без оглед на расното или етничкото потекло и Директивата за еднаков третман при вработувањето и занимањето. Внесувањето на член 13 во Амстердамскиот договор за разлика од член 141 (поранешен член 119) нема примарна цел за борба со дискриминација во економската област или за комплетирање на Заедничкиот пазар[25] туку дел од една поширока идеја за приближување на Европа поблиску до државјаните. Со тоа Амстердамскиот договор воведе нови одредби за заштита на човековите права и слободи: клаузулата за недискриминација[26], хоризонталната клазула за полова еднаквост[27], борба против расизмот, социјалните права со посебна референца кон Европската социјална повелба на Советот на Европа.[28] Од аспект на европското државјанство интересно е вклучувањето на расата или етничкото потекло во листата на основа за кои постои дискриминација (член 13 од Договорот од Амстердам).

Европскиот државјанин е државјанин кој поседува државјанство на една од државите-членки со што а priori ги исклучува државјаните од третите држави. Договорот од Ница пак ја олеснува процедурата со која се регулира слободата на движење и престој со воведување квалифицирано мнозинство на одлучување во Советот на министри кога се работи за државјани од трети држави. Со усвојувањето на Лисабонскиот реформски договор се пропиша нова форма на јавно учество на европските државјани т.н европска иницијатива. Европската иницијатива допушта еден милион државјани од поголемиот дел на државите-членки на Европската унија да поднесат директно до Европската комисија иницијатива од прашања од нивен интерес во рамките на овластувањата на институциите. Унијата во сите активности треба да го примени принципот на еднаквост на сите државјани, кој треба да добие еднакво внимание од сите институции, тела и агенции. Секој државјанин од држава-членка е во исто време и државјанин на Унијата. Државјанството на Унијата го дополнува

[25] Види Б. Чавкоска, *Еднаквост на половите: Право и политика во областа на вработувањето во Европската унија и Република Македонија,* Правен факултет Јустинијан Први, УКИМ, магистерски труд, 2007, стр. 18

[26] Article 13 of the Consolidated version of the Treaty establishing the European Community, OJ C 325/33

[27] Article 2 of the Consolidated version of the Treaty establishing the European Community, OJ C 325/33

[28] Социјалната повелба е комплементарна на ЕКЧП, која му гарантира на човекот економски и социјални права. Усвоена на 1961 година а подоцна е дополнета со три протоколи во 1988, 1991 и 1995 година. Во 1996 година Повелбата е ревидирана и стапи во сила на 1 јули 1999 година.

националното државјанство а не го заменува.[29] Лисабонскиот договор пропишува дека на предлог на Европската комисија, Европскиот парламент и Советот усвоија нова регулатива со која се дефинираат правилата и процедурите за примена на овој нов инструмент.[30] Во согласност со Регулативата, Европската иницијатива започна да се применува на почетокот на 1 април 2012 година..

Уставните права во државите најчесто ги даваат основните права кои ги штитат сите државјани, без оглед на националноста. Во Велика Британија на пример нема формална разлика меѓу државјаните и недржавјаните бидејќи нема писмен устав, нема каталог права и секој граѓанин под јурисдикција ужива еднаква заштита на правата.

а) Граѓански права- генерално граѓанските права се засновани на територијалниот принцип, а не на персоналниот принцип и со тоа може да ги уживаат сите граѓани. Сепак, државите може да ограничат одредени права, најчесто правото на политичко изразување и организирање. Некои граѓански права како правото на правна еднаквост и правото да престојуваат или се вратат на територијата на државата се сеуште ограничени или забранети за странците.

б) Политички права-овие права единствено може да ги уживаат домашните државјани и речиси во ниедна држава-членка не се допуштени да ги уживаат државјаните од третите држави. Со стапувањето во сила на Мастришкиот договор, државјаните на Европската унија уживаат активно и пасивно избирачко право.

в) Социјални права-социјалните права зависат повеќе од правото на престој отколку од државјанството. Основните социјални права како здравственото и социјалното осигурување генерално може да ги уживаат имигрантските работници и државјани.

Компаративните анализи покажаа дека правата на слободно движење се основа на државјанството.[31] Во рамките на една држава тоа е правото на слободно движење на целата територија, додека Европската комисија, Судот на правдата и Европскиот парламент се овластени за реализирање на правото на европските државјани на слободно движење на територијата на Унијата. Слободата на движење заедно со принципот на недискриминација врз основа на национална припадност се провлекуваат од почетокот на интегративните процеси, со основачките договори, секундарното право и јуриспруденцијата на Европскиот суд на правдата. Судот преку судската практика го

[29] Article 8, Title II, Treaty of Lisbon, 2007, C 306

[30] Regulation (EU) No. 211/2011 of the European Parliament and of the Council 16 February 2011 on the citizens initiative, OJ L 65/1

[31] William Maas, *Fifteen years of European union citizenship,* p. 6, пристапено на 18.11.2012 http:/www.yorku.ca/maas

применува концептот слобода на движење на работници повеќе како насока за натамошен развој на имиграционата политика отколку како обврзувачко право.[32]

Слободата на движење пак е неизбежно поврзана со економските активности на државјаните кои најчесто се движеа од една во друга држава-членка, со цел подобрување на животниот стандард и работните услови. Подоцна со секундарното право мигрантскиот работник уживаше право на заеднички живот со остатокот од своето семејство, вклучувајќи ги тука и државјаните од третите држави или т.н право на семејно обединување на мигрантските работници.

Со стапувањето во сила на Мастришкиот договор европското државјанство значи комплетно интегрирање во општеството што се остваруваше со историското развивање на правата, почнувајќи со граѓанските права, политичките права, и од поново време, социјалните права како правото на здравствена заштита, осигурување во случај на невработеност и старосни пензии.[33] Сите овие права во основа го имаат остварувањето на принципот на еднаквост и недискриминација. Европскиот суд на правдата одигра клучна улога во промовирањето на еднаквоста како основен принцип на правото.[34] На почетоците тоа беше во областа на еднаквоста врз основа на пол, за подоцна да се вклучат други основи за кои постои дискриминација.

Во случајот P v. S and Cornwall County Council, Генералниот адвокат Tesauro, сметаше дека Судот треба да го толкува екстензивно принципот на недискриминација кој е втемелен во правните системи на државите-членки.[35] Во случајот се работи за вработен во образовна институција како машки работник, но подоцна го информира работодавачот дека ќе подлежи на операција за промена на полот. По извршената операција на апликантот не му е дозволено да се врати на работното место. При тоа, Судот толкуваше дека принципот на еднаков третман значи дека мажите и жените треба да имаат еднакви услови при вработувањето без дискриминација врз основа на пол. Правото на Унијата забранува да се отпуштаат работниците во вакви случаи што во крајна линија значи дека во овој случај работодавачот го прекршил принципот на забрана на дискриминација.

---

32 B. Chavkoska, Is there a free movement of Turkish and Macedonian workers into the European Union, p. 89-113 in the Code Turkish Albanian Macedonian Relations, Past, Present and Future, ADAM-ACTOR 2012

33 C. Barnard, *Article 13: Through the Looking Glass of Union Citizenship,* 375-394, p. 379 in David O'Keeffe, Patrick Twomey, *Legal Issues of the Amsterdam Treat,* Oxford-Portland Oregon, 1999.

34 Case 149/77, Defrenne v Sabene No. 3 1978 ECR 1365

35 Case P v. S and Cornwall County Council C-13/94 1996 IRLR 374

## ЕВРОПСКОТО ДРЖАВЈАНСТВО И ПРИНЦИПОТ НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА КОН ТРЕТИ ДРЖАВЈАНИ

Сепак, воведувањето европско државјанство во својата суштина не успеа да ја земе во предвид минатата или идната миграција на државјаните од третите држави. Со тоа, намерно или ненамерно, како спореден ефект на воведувањето европско државјанство е исклучувањето на државјаните од третите држави од европското семејство. Самиот факт што националното државјанство на државите-членки е услов за стекнување европско државјанство значи повлекување строга линија меѓу оние кои ги уживаат правата и особено државјаните од третите држави кои имаат легален престој во Унијата.

Концептот на европското државјанство може да се смета не само за вклучувачки (including) туку и за концепт кој ја креира Европа со исклучување (excluding) на другите кои не се Европјани.

Со евентуалното овластување на Европската унија над државјанскиот статус на државјаните од третите држави би се овозможило интегрирање на мигрантите на локално, национално ниво што би значело чекор напред кон демократизирање на европското владеење.

Европската унија е на почетокот на менаџирање на различноста на својот состав. Државите-членки ги усогласуваат сопствените истории, јазици, економија и политичка култура. Европската комисија во Акциониот план од 1998 година за борбата против расизам потенцираше дека европските општества се мултикултурни и мултиетнички и нивната различност, рефлектирана низ различните култури и традиции, е позитивен и значаен фактор.[36] Европската унија постигна значајни резултати во економската хармонизација, слободното движење на стоки и услуги, кои заедно со Заедничкиот пазар е срцето на интеграцијата на Унијата. Но, истовремено, хармонизацијата на Заедничкиот пазар и европското државјанство не ги земат во предвид потребите за интеграција на мигрантските работници. Државите-членки немаат унифицирана политика за стекнување државјанство со што можноста за стекнување државјанство, во една држава-членка за државјанин од трета држава, може во голема мера да се разликува од друга држава-членка.

На пример, во Сојузна Република Германија, со измените на Законот за државјанство во 2000 година се зголеми бројот на странски

[36] Council and Commission Action Plan of 3 December 1998 on how best to implement the provisions of the Treaty of Amsterdam on the creation of an area of freedom, security and justice, OJ C 19, 23.1.1999, p. 1–15

државјани кои добија германско државјанство. Особено значително се зголеми бројот на турски државјани кои добија германско државјанство. Измените на Законот за државјанство пропишуваа дека странските државјани кои имааат постојан престој во Германија најмалку 8 години може да се стекнат со германско државјанство по пат на натурализација. Дополнителни услови кои беа наметнати за добивање германско државјанство се познавање на германскиот јазик и способност странскиот државјанин финансиски да се издржува. При тоа, барателите на германско државјанство мора да се откажат од дотогашното државјанство или да докажат дека со стекнување на германско државјанство по автоматизам ќе го изгубат дотогашното државјанство. Од ова може да се заклучи дека германското право е доста ригорозно кога се работи за стекнување германско државјанство за странски државјани.

Исклучок од ова барање се бегалците кои не можат така лесно да се откажат од државјанството како и државјаните на државите-членки на Европската унија кои не бараат германските државјани да се откажат од германско државјанство при натурализација. По пат на олеснета натурализација со германско државјанство може да се стекне брачен другар на германскиот државјанин после 3 години непрекинат престој и брак од најмалку 2 години. Исто така, бегалците и лицата без државјанство може да се стекнат со германско државјанство по 6 години престој во Сојузна Република Германија. Со усвојувањето на новиот Закон за државјанство на Сојузна Република Германија во 2000 година беа дадени вкупно 186 688 државјанства од кои најголем е бројот на турски државјани па следуваат државјаните од Иран, Србија и Црна Гора, Авганистан и Мароко. По 2000 година стекнувањето со германско државјанство по пат на натурализација бележи опаѓање.[37]

Со измените во француското законодавство, странските државјани може да се стекнат со француско државјанство по непрекинат престој на територијата од најмалку 5 години додека во Италија се предвидува непрекинат престој од најмалку 10 години.

Македонското законодавство со измените од 2004 година не се разликува многу во однос на законските решенија предвидени во државите-членки на Унијата. Дури и на ниво на државите-членки стекнувањето државјанство по пат на натурализација не е униформирано и зависи од националниот законодавец.[38]

[37]Пристапено на 18.11.2012
http://en.wikipedia.org/wiki/German_nationality_law#Naturalization_statistics
[38] Citizenship Law of Republic of Macedonia, Official Gazette 8/2004

Со тоа ваквиот статус на државјаните од третите држави е неконзистентен со целите на Заедничкиот пазар и обврзаноста на Унијата за создавање област на слобода, сигурност и правда. Европското државјанство треба да ги опфати државјаните од третите држави без претходно стекнување национално државјанство на било која држава-членка. Овластувањата на Унијата над државјанскиот статус на државјаните од третите држави би ја надополнило политиката на Европската унија кон регулирање на статусот на државјаните од третите држави. Доделувањето на државјаните од третите држави право на европско државјанство и соодветно на тоа права и обврски може да го намали притисокот кон различните системи на натурализација.

Државјаните-работници од третите држави кои имаат постојан престој на територија на Унијата уживаат две права кои ги уживаат европските државјани: право на петиција пред Европскиот парламент и право на претставка до Европскиот омбудсман. Исклучувањето на државјаните-работниците од третите држави од европското државјанство значи нивно маргинизирање во општеството особено што економската активност на мигрантските работници придонесува кон економски развој на државите-членки. Со тоа нивната позиција која е значајна за целокупниот општествен развој на државата-членка во која престојуваат не смее да се игнорира. Ако мигрантските работници придонесуваат за економска благосостојба на државите-членки тогаш зошто да не може да учествуваат во донесувањето одлука за тоа како да се води државата. [39]

Работниците од третите држави кои имаат престој во Унијата, немаат право слободно да се движат, освен, ако не се фамилијарни членови на европските државјани, државјаните на ЕФТА, државите кои се дел од Европската економска област, или нивните фамилијарни членови, или државјаните на други држави со кои Заедницата има потпишано асоцијативни договори за слободно движење. Се чини сосема неправедно категоризирањето на работниците од третите држави во однос на уживањето на правата. [40]

За да може државјаните од третите држави да се стекнат со државјанство на Европската унија би било неопходно склучување договори со третите држави со цел да се регулираат врските меѓу државата на дотогашното државјанство и државјанството на Унијата.

[39] J. E. Beenen , Citizenship, Nationality and Access to Public Service Employment, Europe Law Publishing, 2001, p. 63

[40] European Parliament Resolution on Migrant workers from third countries, OJ 1990, C 175/180.

Европското државјанство може да придонесе од една страна за формирање меѓу народите на Европската унија чувство дека припаѓаат на вистинска заедница со заеднички вредности и верувања. Ваквото сфаќање за европското државјанство мора да балансира со почитувањето на националниот идентитет на државите-членки. Правата кои се дадени со европското државјанство се дел од правото на Заедницата и тие подлежат на заштита од институциите на Европската унија, пред се, Судот на правдата и националните судови на државите-членки.

Европското државјанство може да се сфати како *sui generis* државјанство со кое државјаните на државите-членки уживаат одредени права и обврски во одредени области опфатени со Договорот за Европската унија. Одредбите со кои се регулира државјанството треба да ја приближат Унијата до граѓанинот, со оживување на постоечките и создавање нови права и обврски. Сепак, останува дел од европските државјани кои не се премногу ентузијасти за интеграционите процеси и кои сметаат дека сé што се случува во Брисел не е директно поврзано со нив.

## ЗАКЛУЧОК

Иако Европската унија има еден од најразвиените модели на антидискриминационо право за заштита на правата ана државјаните, сепак воведувањето на европското државјанство како да го контрира самиот модел. Европското државјанство прејудицира постоење на државјанство на држава-членка на Унијата и воведува одредени права и обврски изклучиво за европските државјани. Со тоа на маргините на интегрирачкиот процес во Европската унија, останаа голем број емигранти коли имаат легален престој во државите-членки и кои придонесуваат за развојот на тие држави. Различните емиграциони политики на државите-членки на Унијата како и различните правила за стекнување национално државјанство само дополнително ја отежнуваат унифицираноста на правилата за регулирање на статусот на државјаните од третите држави, Со тоа, европското државјанство само го продлабочува јазот меѓу државјаните и недржавјаните на Унијата. Со тоа, во самата суштина европското државјанство има исклучувачки однос кон државјаните од третите држави уште повеќе продлабочувајќи ја веќе постоечката нееднаквост.

## ЛИТЕРАТУРА

1. C. Barnard, Article 13: Through the Looking Glass of Union Citizenship, 375-394, p. 379 in David O'Keeffe, Patrick Twomey, Legal Issues of the Amsterdam Treaty, Oxford-Portland Oregon, 1999.
2. J. E. Beenen , Citizenship, Nationality and Access to Public Service Employment, Europe Law Publishing, 2001
3. B. Chavkoska, LLMGender equality: Law and politics in the area of employment in the European Union and Republic of Macedonia, Faculty of Law Iustinianus Primus, master thesis, 2007
4. B. Chavkoska, PhD, Freedom of movement of third country workers into the European Union, Faculty of Law, Iustinianus Primus, doctoral thesis, 2010
5. B. Chavkoska, Is there a free movement of Turkish and Macedonian workers into the European Union, p. 89-113 in the Code Turkish Albanian Macedonian Relations, Past, Present and Future, ADAM-ACTOR 2012
6. Lj. Frchkovski, V. Tupurkovski, V. Ortakovski, International Public Law, Tabernakul, 1995
7.William Maas, *Fifteen years of European union citizenship,* available at http:/www.yorku.ca/maas, approached 18.11.2012

**Акти и судски случаи:**

Council and Commission Action Plan of 3 December 1998 on how best to implement the provisions of the Treaty of Amsterdam on the creation of an area of freedom, security and justice, http://europa.eu/legislation_summaries/other/l33080_en.htm
Consolidated version of the Treaty establishing the European Community, OJ C 325/33
Case C-85/96, Maria Sala v. Freistaat Bayern (1998) ECR I-2691
Case 149/77, Defrenne v Sabene No. 3 1978 ECR 1365
Case P v. S and Cornwall County Council C-13/94 1996 IRLR 374
Citizenship law of Republic of Macedonia, No. 8/2004
European Parliament Resolution on Migrant workers from third countries, OJ 1990, C 175/180.
Regulation (EU) No. 211/2011 of the European Parliament and of the Council 16 February 2011 on the Citizens Initiative, OJ L 65/1
http://en.wikipedia.org/wiki/German_nationality_law#Naturalization_statistics

удк 005.95/.96(497.7)

# КОНФИГУРАЦИИ ОД ПРАКТИКИ ЗА СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ИСКУСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[41]

**д-р Елизабета Тошева**

Правен факултет - Кичево

elizabeta.tosheva@uklo.edu.mk

## АПСТРАКТ

Целта на овој труд е да идентификува примероци од практики за стратегиски менаџмент на човечки ресурси (СМЧР), кои што ќе водат кон постигнување на одржлива конкурентска предност, со примената на конфигурацискиот пристап, следејќи ги постоечките трендови во областа на СМЧР. Конкретно, кохерентните и внатрешно поврзани системи од практики за СМЧР формираат моќни врски, што креираат позитивни синергетски ефекти врз организациските резултати, додека неконзистентните практики за менаџмент на човечки ресурси формираат комбинации што креираат негативни синергетски ефекти и неповолно влијаат врз организациската ефективност.

Оттука, за подобрување на конкурентските перформанси на една мала економија, како што е македонската од примарно значење е дефинирањето и спроведувањето на строго фокусирани стратегии, политики и практики за менаџирање со човечките ресурси. Според концепцијата на внатрешно совпаѓање, *развојот на вештините, работното збогатување и поттикнувачките компензациони системи* како формирани конфигурации во стратегијата за менаџмент на човечки ресурси претставуваат зацртани ориентации што ја детерминираат употребата на определени практики.

**Клучни зборови:** *стратегиски менаџмент на човечки ресурси, конфугирациски пристап, одржлива конкурентска предност*

[41] Стручен труд

## ВОВЕД

Стратегиската димензија на менаџментот на човечки ресурси добива специфичен третман од истражувачите, инкопророрирајќи две основни промени: *прво,* преминот од стариот персонален административен пристап кон нов, модерен концепт за менаџмент на човечки ресурси и *второ,* преод од генеричките стратегиски модели кон внатрешните аспекти на организација на оваа функција.

Идејите за совпаѓање или поврзување и синергетските ефекти на внатрешното совпаѓање постојат во кое било од истражувањата на стратегискиот МЧР. Литературата за стратегискиот МЧР, разликува вертикално или надворешно совпаѓање и хоризонтално или внатрешно совпаѓање. Додека надворешното совпаѓање се однесува на поврзаноста на практиките за стратегиски МЧР и специфичниот организациски контекст (пример, организациската стратегија), внатрешното совпаѓање се однесува на кохерентните конфигурации на индувидуалните практики за стратегиски МЧР што се поддржуват една со друга. Кога истражувачите го разгледуваат внатрешното совпаѓање, вообичено имаат предвид аранжмани на активности на менаџмент на човечки ресурси (политики и практики што се меѓусебно поврзани без оглед дали овие аранжмани се наречени "системи" (*Delery & Doty, 1996*), "јазли" (*MacDuffie, 1995*) или "кластери" (*Arthur, 1992*).

## КОНФИГУРАЦИИСКИ ПРИСТАП КОН СТРАТЕГИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Конфигурацискиот пристап придонесува за објаснување на стратегискиот МЧР и претставува употреблив поглед за интерните аспекти на оваа функција, формирајќи синергетска интеграција од елементите (практиките) од кои што е составен. Во оваа смисла, системот на МЧР е дефиниран како мултидимензионален сет од елементи, што можат да бидат комбинирани на различни начини за формирање на одреден број на можни конфигурации. Од нив, истражувачите извлекуваат примероци на менаџмент што ги претставуваат различните идеални можности за менаџментот на човечките ресурси. Имајќи го ова предвид, овие системи мораат да бидат конзистентни со условите на окружувањето и организациските услови, но исто така да бидат и внатрешно кохерентни.[42]

[42] **Delery, J. E./Doty, D. H. (1996):** "*Modes of theorizing in strategic human resource management: Tests of umversalistic, contingency, and configurational performance predictions".* In: Academy of Management Journal, 39: 802-835

Истражувачите на овој пристап нагласуваат две значајни прашања: *прва* е идејата практиките за МЧР да бидат поврзни една со друга (хоризонтална интеграција), а *втора* е идејата практиките за МЧР да бидат поврзани со поширокиот контекст (вертикална интеграција). Ова значи дека одреден сет од јазли од практики за човечки ресурси можат да бидат посоодветни, бидејќи тие меѓусебно се совпаѓаат, за заедничка поддршка на дефиниран сет на однесувања, мотивации и компетенции на вработените, а поради тоа за возврат се соодветни за организацискиот специфичен контекст.

Како што е прикажано на *Слика 1*, постои можност од елементите на комплексниот систем да се извлечат мулти комбинации, подеднакво ефикасни, што ќе ѝ одговараат на организацијата, имајќи ги предвид нејзините специфични внатрешни и надворешни околности.

***Слика 1*** **КОНФИГУРАЦИСКИ ПРИСТАП КОН СМЧР**




*Извор:* Martin-Alcazar, F., Romero-Fernandes, P.M. Sancez-Gardey, (2005), *Stratregic Human Resource Management: Integrating the univerzalistic, contingent, cofigurational, and contextual percpectives*, Journal of Human Resource Management, 16(5) 643

Без разлика на видот на внатрешното совпаѓање, основната претпоставка на оваа перспектива е дека ефективноста на било која

(индивидуална) практика за МЧР, зависи од останатите практики;[43] кохерентен систем од поддржувачки практики има поголеми ефекти врз организациската ефективност, отколку сумата од ефектот од било која индивидуална практика.[44]

Практичната предност на конфигурацискиот пристап е двострана:

*1. им овозможува на практичарите да ги спојат заедно пооделните практики во ранг, така што ќе претставуваат значајни фактори во локално организираниот систем;*

*2. овој рецепт е извлечен на начин кој е најверојатно тежок за имитирање од страна на конкурентите со копирање или со "обратен инженеринг".*

## АНАЛИЗА НА ИСКУСТВА ВО СТРАНСКИ КОМПАНИИ

Истражувањата што се фокусираат на влијанието на практиките на стратегискиот МЧР во постигнувањето одржлива конкурентска предност се популаризираат во последниве децении. После 1990 година, вниманието на истражувачите е насочено кон конкретните практики за стратегиски МЧР и начинот на кој тие се интегрирани, со цел да додаваат вредност и влијаат врз организациските перформанси.[45]

Во САД, теоријата и практиката на стратегискиот МЧР се тесно поврзани, но не и споени. Кога се правилно поврзани, неколку практики можат да се засилуваат една со друга, а кога не се совпаѓаат можат негативно да влијаат врз организациските перформанси.[46] Алтернативно, некои практики можат да бидат субститути.

Адаптирајќи го конфигурацискиот пристап кон стратегискиот МЧР, *Ichniowski*[47] објаснува дека кога практиките за менаџмент на човечки ресурси се комбинирани во различни системи, ефектите врз одржливата конкурентска предност се поголеми отколку кога практиките се применуват индивидуално. Понатаму, *Marchington and*

[43] **Delery, J. E. (1998),** "*Issues of fit in strategic human resource management:Implications for research".* In: Human Resource Management Review, 8: 289-309.
[44] **Ichniowski, C./Shaw, K./Prennushi, G. (1997),** *The effects of human resource management practices on productivity: A study of steel finishing lines.* In: American Economic Review, 87: 291-312.
[45] See more: Appelbaum and Batt, 1994; Berg, Appelbaum, Bailey, and Kalleberg, 1994, Wright and McMahan, 1992; Wright et al., 1994, 2001; Huselid, 1995; MacDuffie, 1995; Becker and Gerhart, 1996; Delery and Doty, 1996; Youndt., 1996; Huselid, 1997; Wright and Snell, 1998; Delery, 1998; Lepak and Snell, 1999, 2002.
[46] **Delery, J. E. (1998),** *op.cit. str.* 289-309.
[47] **Ichniowski, C./Shaw, K./Prennushi, G. (1997):** *The effects of human resource management practices on productivity: A study of steel finishing lines.* In: American Economic Review, 87: 291-312. **Lawler, E,(1992),** *The ultimate advantage: Creating the High Involvement Organizations,* San Francisko, Jossey Bass

*Grugulis*,[48] објаснуваат дека практиките за МЧР не можат ефективно да бидат имплементитани во изолација и дека единствена важност има само комбинацијата од практики во кохерентен пакет. Земајќи ги предвид овие аргументи чекор понатаму, *Mac Duffie*,[49] тврди дека соодветната единица на анализа за проучување на стратегискиот линк меѓу различните практики за МЧР и конкурентската предност не ги вклучува индивидуалните практики, туку меѓусебно поврзаните и внатрешно конзистентни практики наречени "јазли. Имајќи ги предвид сличните аргументи, *Perry-Smith and Blum*,[50] сугерират дека однесувањата на вработените (вгнездени во рутинските, комплексни примероци на интеракции и организациските специфични синергии), можат да креираат организациски способности, што ги поседуваат следниве карактеристики: креираат вредност, се тешки за имитирање, и ретки.

Иако поголемиот број од споменатите рамки и истражувања се развиени и спроведени кај компании во САД, сепак можат да послужат како платформа за понатамошни истражувања, па ја истакнуваат потребата од разбирање на МЧР од Европска перспектива, одделно од САД. Иако, не е хомогена, Европската унија служи како колективен контекст, споделувајќи одредени колективни регулативи, практики и норми.[51] Всушност, Европската Комисија, усвојувајќи ја Лисабонската стратегија во 2000 година, има поставено цел да ја направи во Европската Унија најконкурентна, економијата заснована врз знаење, способна за одржлив економски развој.

Во тој контекст, воспоставувањето на разновидни комбинации на јазли на практики за стратегиски МЧР кои водат кон конкурентска предност, може постепено да помогне за воспоставување на заеднички политики и јазли од практики за стратегиски МЧР, кои што ќе бидат применливи во сите земји членки на Европската Унија.

---

[48] **Marchington, M. and Grugulis, I. (2000)**, *The best practices: Human resource Management: Perfect Oportunititis or Dangerous Illusion?,* International Journal of HRM, 11(6), 1104-1124.

[49] **MacDuffie, J. P. (1995),** "*Human resource bundles and manufacturing performance: Organizational logic and flexible production systems in the world auto industry".* In: Industrial and Labor Relations Review, 48: 197-221.

[50] **Perry-Smith J.A and Blum T.C. (2000),** *Work-family human resource bundles and perceived organizational performance,* Academy of management Journal,43:1107-1117

[51] **Sparrow, P./Hiltrop, J.M, (1997),** *European Human Resource Management in Tranzition*:London, Prentice Hall; **Brewster/Mayrhofer/Morley, (2004),** *Towards a European Model of Human Resource Management,* Journal of International Business Studies, 1-21

# ПРАКТИКИ ЗА СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Истражувањето на практиките за МЧР и нивото на нивниот развој во Република Србија (како земја слична на Република Македонија во однос на економските и политичките услови и национална култура) на примерок од 38 компании[52] покажува дека функцијата на МЧР е недоволно развиена, споредбено со земјите од Европската Унија. Како најголеми недостатоци на МЧР кај компаниите се наведени следниве: 1) МЧР како функција, сеуште нема значајно влијание при формулирање на организациската стратегија; 2) во поголемиот број на компании генералниот менаџер е одговорен за одлуките поврзани со МЧР; 3) ниско ниво на комуникација на менаџментот со вработените; 4) ниско ниво на учество на вработените во одлучувањето и влијание врз политиката на компаниите; и 5) недоволна компетентност на МЧР.[53]

Имено, компаративната анализа на практиките за МЧР, кои се имплементираат во компаниите на Словенија (како земја членка на Европска Унија) и во Србија и Македонија (како земји во транзиција),[54] упатува на постоење на разлики во улогата на МЧР во компаниите во следните области: креирање на стратегии, организациско ниво на кое се носат поважните одлуки за МЧР, систематско планирање и организирање на обука и развој на вработените, оценување на перформанси, системи за надоместоци според перформанси, влијание на синдикатите и учество на вработените во одлучувањето.

Имајќи го предвид претходното, спроведено е истражување кај вкупно **45** компании од приватниот сектор во Република Македонија,[55] каде што е утврдена експлицитна и формална употреба на практики за стратегиски менаџмент на човечки ресурси.[56] Собрани се релевантни

---

[52] **Bogićević, B.&Janićević, N. (2009),** *"HRM Trends in Tranzition economics: Two reflections of The shared background",* Sociologija LI (2)pp157-76

[53] Генерално, овие карактеристики на МЧР во Србија ја отсликуваат и постојната состојба на МЧР во компаните во Република Македонија.

[54] **Bogićević, B.&Janićević, N. (2009),** pp. 157-76

[55] Истражувањето беше спроведено во периодот: септември 2010 - мај 2011 година и претставува дел од докторска дисретација; Е. Тошева "Улогата на конфигурацискиот пристап кон СМЧР во постигнување одржлива конкурентска предност"- УКИМ, Економски Институт - Скопје, 2011, стр. 192-234.

[56] Организациите што го задоволуваат овој критериум се селектирани од Македонскиот регистар на компании и се индустриски и услужни компании, кои се квалификувани како значајни конкуренти во својата област и имаат развиени проактивни, формални практики за СМЧР. Анализираните компании се од разни сектори како телекомуникацискиот, банкарскиот, електроенергетскиот, туристичко-угостителскиот, трговскиот прехранбениот, информатичкиот, консултантскиот и осигурителниот сектор.

податоци, со помош на 1) метриски проверени и стандаризирани инструменти, 2) извршена е анализа на степенот на стратегиска конкурентност на одреден број на организации, 3) направен е обид акционо да се дејствува во правец на имплементација на стратегиски системи од практики во македонските организации, 4) извршено е подигнување на нивото на свесност кај менаџерите и вработените за важноста од примената на јазлите од стратегиските практики за МЧР за стратегиската конкурентност на организациите.

Собирањето на податоци е извршено преку администрирање на структуирани прашалници на менаџерите во избраните компании. Ревијата на некои од најрелевантните студии адаптирани од Способност-Мотивација-Можност моделот, (АМО–Abbility-Motivation-Opportunity), не водеа во определувањето на подрачјата коишто се однесувааат на секоја димензија од стратегијата за МЧР. Приврзаниците на АМО моделот сугерираат дека компонентите на стратегиските јазли од практики за МЧР се групирани во три димензии.

Во нашето истражување согледавме дека стратегиската употреба на практиките за МЧР, повлекува употреба на одредени практики во следните подрачја на МЧР (регрутирање, обука, процена на перформанси и дизајн на работата). Според тоа го разгледавме влијанието на следните практики за стратегиски МЧР: вклученост на вработените во обуката, постоење цели на програмите за обука, постоење долгорочни буџети за обука, постоење на сеопфатен систем за регрутирање на кадри, употреба на систем за процена на перформансите, определување на заработувачката во зависност од перформансите, развојно базирана процена, внатрешни и надворешни промоции базирани врз процена на перформансите, дизајн на работата според вештините на поединечните вработени, тимска работа и програма за партиципација на вработените во одлучувањето.

Во однос на употребата на стратегиските практики за менаџмент на човечки ресурси заклучиваме дека практиките за човечки ресурси употребени во организациите во Република Македонија се избрани поради зацртаниот менаџерски пристап. Или, со други зборови, споделената варијација на сетот од практики за човечки ресурси би можела да ја претставува латентната, зацртаната архитектура, филозофија или карактер, што го поврзува меѓусебно сетот од практики за човечки ресурси.

Според нашата концептуализација, стратегијата за МЧР е составена од три јазли, каде што секој посебно кореспондира со димензијата на СМЧР: **развој на вештините, работно збогатување и поттикнувачки конфигурации.** Овие три димензии претставуваат

латентни фактори, што ја објаснуваат корелацијата меѓу практиките што припаѓаат на секоја категорија.[57] Според тоа, го заклучуваме следното:

**Прво**, организациите што го прифаќаат овој пристап ставаат нагласок на развојот на вештините и способностите на својата работна сила. *Конфигурацијата на развој на вештините* подразбира дека организацискиот човечки капитал континуирано може да се подобрува преку интензивна обука и сеопфатен систем на регрутирање кадри.

**Второ,** стратегијата за МЧР го нагласува *работното збогатување* преку охрабрување на тимска работа, автономија во работењето и дизајн на работата според вештините и способностите на индивидуалните вработени.

**Третата** компонента на стратегијата за МЧР, *поттикнувачките системи за плаќање,* се фокусираат на обезбедување на соодветни, еднакви и фер награди, кои ќе ги мотивираат вработените ефективно да придонесуваат за остварување на организациските цели.

## ЗАКЛУЧОК

Како што веќе беше нагласено, конфигурациите или системите на практики за стратегиски МЧР претставуваат определена кохерентна комбинација од практики, изградена според организациската логика.[58] Начинот на формирање на јазлите од практики за менаџмент на човечки ресурси (исто така познати како системи, кластери или димензии) е главен концепт на пристапот на внатрешен фит или совпаѓање на стратегијата за МЧР и се заснова врз идејата за внатрешна конзистентност на јазлите од практики.[59] Ја истражувавме употребата на конфигурацискиот пристап кон стратегискиот МЧР со пронаоѓање на три стратегиски јазли или конфигурации за МЧР, кои се применуваат во Република Македонија.

Следејќи ги примероците наведени од голем број на истражувачи областа на менаџментот на човечки ресурси, заклучивме дека системот за човечки ресурси треба да биде поделен во следните функционални области: дизајн на работата, регрутирање, селекција, социјализација, процена на перформанси, мотивација, наградување, обука и развој, и менаџмент на наградување/отпуштање. Очигледно, изборот на политиките и практиките на човечки ресурси зависи од стратегијата на

---

[57] **DeMenezes, L.M. & Wood, S. (2006),**"*The Reality of Flexsible Work Systems in Britain",* International Journal of Human Resource Managemant, 17(1)1-33

[58] **Guest, D.E. (2004),** "*Human Resource Management and Performnce: The Revew And Research Agenda,"* International Journal of HRM, 8(3):263-276

[59] **MacDuffie, J. P. (1995),**op.cit:pp 197-221.

менаџментот на човечки ресурси (без разлика дали е експлицитно или имплицитно формулирана), но, исто така овие активности се блиску поврзани меѓу себе.

Поточно, ***стратегискиот јазол за обука*** вклучува мониториинг и евалуација на обуката, постоење цели на програми за обука, буџети за обука и развиен систем за регрутирање на кадри.

***Компензационите јазли*** влијаат позитивно врз перформансите и одржливата конкурентска предност доколку се фер поставени, надворешно конкурентни да ги привлечат и да ги задржат најдобрите работници и да ги мотивираат за подобро извршување на нивната работа и постигнување супериорни бизнис перформанси.

***Јазолот на работно збогатување*** е поврзан со доделување на поголеми работни одговорности на сите организациски нивоа, зголемување на овластувањата на вработените, тимска работа и пошироки описи на работните места. На тој начин, преку анализа и дизајн на работата според вештините на поединечните вработени се нагласува значењето на организациската флексибилност и мултиспособности што позитивно влијае врз организациските перформанси и одржливата конкурентска предност.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. **Bogićević, B. & Janićević, N. (2009),** *"HRM Trends in Tranzition economics: Two reflections of the shared background",* Sociologija LI(2)pp157-76
2. **Brewster/Mayrhofer/Morley, (2004),** *Towards a European Model of Human Resource Management,* Journal of International Business Studies, 1-21
3. **Delery, J. E. (1998):** "*Issues of fit in strategic human resource management:Implications for research".* In: Human Resource Management Review, 8: 289-309.
4. **Delery, J. E./Doty, D. H. (1996):** "*Modes of theorizing in strategic human resource management: Tests of umversalistic, contingency, and configurational performance predictions".* In: Academy of Management Journal, 39: 802-835.
5. **DeMenezes, L.M. & Wood, S. (2006),***"The Reality of Flexsible Work Systems in Britain",* International Journal of Human Resource Managemant, 17(1)1-33
6. **Ichniowski, C./Shaw, K./Prennushi, G. (1997***):"The effects of human resource management practices on productivity: A study of steel finishing lines".* In: American Economic Review, 87: 291-312

7. **MacDuffie, J. P. (1995):** "*Human resource bundles and manufacturing performance: Organizational logic and flexible production systems in the world auto industry".* In: Industrial and Labor Relations Review, 48: 197-221.
8. **Marchington, M. and Grugulis, I. (2000**), *The best practices: Human resource Management: Perfect Oportunititis or Dangerous Illusion?,* International Journal of HRM, 11(6), 1104-1124.
9. **Martin-Alcazar, F., Romero-Fernandes, P.M. Sancez-Gardey, (2005**), "*Stratregic Human Resource Management: Integrating the univerzalistic, contingent, cofigurational, and contextual percpectives"*, Journal of Human Resource Management, 16(5).
10. **Perry-Smith J.A and Blum T.C. (2000),** *Work-family human resource bundles and perceived organizational performance,* Academy of management Journal,43:1107-1117
11. **Sparrow, P. R./Hiltrop, J. M. (1997):** *"Redefining the field of European human resource management: A battle between national mindsets and forces of business transition?*"In: Human Resource Management, 36: 201-219.
12. **Taylor, D. & Walley, E.E.( 2002),"***Hijacking the holy grail:Emerging HR practices in Croatia":* European Business Review 14(4) pp.294-303.
13. **Zupan, N. Kaše, R (2005),** "*Strategic Human Resource Management in Europian transition economics:building a conceptual model in a case of Slovenia"*, International Journal of Human Resource Management.

удк 327.28-029:34

# ПРАВНИ АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИЗАМ[60]

**д-р Саша Дукоски**

**д-р Светлана Вељановска**

## АПСТРАКТ

Тероризмот во сите негови манифестациони облици, стана еден од најопасните феномени на денешнината. Преку својата, непредвидливост и последиците што ги носи со себе, станува политички проблем со кој човештвото се соочува и во XXI век.

За многу поединци, групи, и организации, тероризмот стана начин на решавање на проблемите, без разлика дали се тие генерирани од политички, верски или етнички аспект.

Обемот и перфидните облици на современиот тероризам, налагаат потреба од континуирана борба со сите расположиви правни методи и средства, бидејќи и според дефиниција, тероризмот претставува незаконско користење на сила, односно насилство од страна на поединци или групи .

Терористичките напади, со сета своја бруталност ја наложија потребата од воспоставување меѓународен систем за борба, се разбира доколку се сака преку тоа да се обезбеди правда и глобална безбедност а не лидерство и ореол на миротворство над сите.

**Клучни зборови**: тероризам, ООН , меѓународно право, меѓународна безбедност;

## ВОВЕД

Појавувајќи се уште во XIX век како средство за водење политичка борба, на крајот на минатиот век тероризмот полека доби облик на високо развиена меѓународна мрежа на терористички организации со филијали во речиси сите земји на модерниот свет.

Според принципот на сврзани садови организациската структура му се зголемуваше при што користеше пософистицирани методи и алатки на терористички активности. Развојот на терористичките

[60] Стручен труд

активности е исполнета и со зголемување на листа категории на лица кои наоѓаат место во црната листа на "борците за правда,,.

Перцепцијата на феноменот на меѓународниот тероризам е невозможна без разгледување на „ омразената личност “, со која се заплашуваат припадниците на меѓународните терористички организации. Овие личности - обично се лидерите на терористичките групи, полумистични личности, кои никој досега не ги видел или ги видел многу одамна. Оваа аура на мистичност на тие личности често им ја создаваат медиумите кои информираат за вакви настани.

Тероризмот најчесто се случува кога општеството се соочува со длабока криза на прво место - со криза на идеологија и државно правниот систем .

Септември 2001 година беше обележана со три злобни акти на терор спроведени со највисоко ниво на професионализам и екстремна суровост. Авиони, пилотирани од самоубијци од најмоќната (во тој момент, но можеби и сега) терористичка организација "Ал Каеда" ги нападнаа Светскиот трговски центар во Њујорк и зградата на Министерството за одбрана во Вашингтон. Овие дрски акти на терор предизвикаа квалитативна промена на меѓународната заедница кон тероризмот. Последователно на настаните во 2001 година се создаде меѓународна коалиција против тероризмот, спроведени беше воената акција во Авганистан и усвоени политички и економски мерки за спречување и елиминација на меѓународниот тероризам, што ќе останат забележани како главните настани на меѓународно-политичката историја на првата деценија на XXI век.

## ПРАВНА ДЕФИНИЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИЗАМ

По правило заради низа пред идеолошки конотации не постои општа дефиниција за определување на тероризмот, бидејќи од одделни политички субјекти, општествени заедници, држави и релевантни меѓународни организации, различно се третира одреден сегмент на некои од претходно елаборираните дејствија. Така во исто време имаме поимање на одредени организации и како терористички и како ослободителни.

Самиот поим тероризам своето лингвистичко значење го изведува од латинскиот збор **terror** што значи страв или ужас. Во науката се користат повеќе суштествени, но суштински слични дефиниции за овој поим.

Во политичка смисла под зборот терор се подразбира акција на насилства кои се превземаат со политичка цел заради застрашување и бескомпромисно кршење на отпорот на оној спрема кој се врши.[61]

Следствено на ова, под поимот „Тероризам„ се подразбира систематска примена на насилство со цел да се создаде општа клима на страв меѓу народот , што има за цел остварување одредена политичка цел.[62]

Слично на ова е и дефиницијата која најчесто  се користи од страна на Министерството за одбрана на Соединетите Американски Држави , па така под тероризам овде се подразбира: „ користење со предумисла на насилство или закани со насилство заради предизвикување страв,  со намера да се принуди или заплаши владата или општеството ,  до степен на средство за постигнување политички , верски или идеолошки цели“.

Поаѓајќи од постојната основа за дефинирање, поимот Меѓународен тероризам се определува како : акт на насилство кој се извршува врз поодделни личности или објекти кои во тој момент се наоѓаат под заштита на меѓународното право (атентати врз претседатели и премиери на држави, дипломатски претставништва и акредитирани шефови на мисии на суверени држави или меѓународни организации), напади на јавни места, улици, аеродроми, железнички станици и друго. Актите во меѓународниот тероризам предизвикуваат нарушување на стабилноста на меѓународните односи.[63]

Зборовите: терор, тероризам и терористички акт самите по себе имаат генеричко значење. Но, одредени меѓународни релевантни правни теоретичари кои ја елаборираат и оваа сфера имаат и различни приоди околу потребата од дефинирање на овие поими. Така, авторите: С.А.Ефиров и А.В.Наумов сметаат дека далеку поплодотворно е да не се бара универзална дефиниција за определување на тероризмот со која фактички би се ограничиле на само одредени аспекти на овој поим.[64]

Според други автори како рускиот теоретичар А.Е.Жалински полезно би било да  се направи обид за давање работно определување на тероризмот на едно општо прифатливо правно рамниште.[65]

Спротивно на овој концепт е оној кој го развиваат авторите В.Малисон и С.Малисон  кои не даваат дефиниции за  тероризмот и теророт во општа смисла на поимот, туку даваат едно широко можно

[61] Mala politicka enciklopedija. Savremena administracija, Beograd 1966, str.1233.
[62] Британика Енциклопедиски речник , Скопје 2005,  Книга 9 стр.161.
[63] Советский енциклопедический Словарь,Москва 1985,стр.1327
[64]С.А.Эфиров , А.В.Наумов. Характеристика терроризма. СПб.1999 Москва..стр.13
[65] А.Э.Жалинский.Терроризм. Москва 2000г.стр.15.

пределување на фактичките збиднувања кои директно или индирекно се поврзани со овие поими.[66]

Релевантни поимања кои го определуваат овој феномен се: Организирана форма на насилно однесување со цел да се влијае на политиката или да се заплаши населението заради остварување влијание врз владината политика;[67]

Симбиотичко дејство насочено кон влијание врз политичкото однесување со примена на крајно невообичаени средства, вклучувајќи ја и употребата на насилството и заканата од насилство;[68]

Употреба на страв, насилство или закана , заради постигнување политички цели преку страв, заплашување или присилување;[69]

Речиси сите незаконски акти на насилство што се вршат заради остварување на политички цели, по пат на тајни групи ;[70]

Смислено, намерно систематско убиство, тешка телесна повреда или заканување на невините за да се создаде страв и заплашување, заради стекнување политичка или тактичка предност, обично за да се влијае врз одредена целна група;[71]

Политички мотивирано насилство од страна на мали групи кои тврдат дека ги претставуваат масите;[72]

Незаконска употреба на сила или насилство, од страна на група (групи), од двајца или повеќе поединци , против лица или имот, за да се заплаши или присили владата, граѓанското население или кој било нивен сегмент, заради остварување политички или општествени цели;[73]

Од гледна точка на објектот на злоупотребата , тероризмот предизвикува штетни последици врз животот и здравјето, имотот и легитимните интереси и во исто време врши дезорганизација на социјалниот и општествениот живот. Насилствата најчесто се придружувани со физичка сила која резултира повреди или смрт на целите на терористичкиот акт. Тој е придружуван со психолошки ефекти и нарушување не само на материјални вредности туку и на човечкиот интегритет, особено кога станува збор за чин на

[66] В.Малиссон,С.Малиссон.Международный терроризм.Москва.2001.стр.61
[67] James Lodge, *Terrorism: A Challenge to the State* (Martin Robertson, Oxford,1981) str. 5
[68] Thomas P. Thornton, *Terror as a Weapon of Political Agitation: an internal war* (The Free Press, New York, 1964); str. 71-99
[69] Robert Friedlander, *Terrorism and the Law: What Price Safety?* (IACP, Gaithersburg, MD, 1981), str.3
[70] *Lester A. Sobel, Political terrorism* (Facts on File, New York, 1975) str. 3-12
[71] James Poland, *Understanding Terrorism: Groups, Strategies, and Responses* (Prentice Hall, EnglewoodCliffs, NJ, 1988) str. 11
[72] Richard E. Rubenstein, *Alchemists of revolution: Terrorism in the Modern World* (Basic Books, New York, 1987), str. xvi.
[73] US Department of Justice

терористички акт проследен со откуп на лицата кои привремено се лишени од слобода или се предмет на уцена[74] .

На такво нешто наведува Женевската конвенција од 1937 за превенција и гонење на тероризам и создавањето на Меѓународниот кривичен суд. Овие документи беа првите кои го дефинираа концептот на тероризам. Сепак, попознат е Женевската конвенција од 1949 година, која сепак не содржи дефиниција на зборот терор.[75]

## КАРАКТЕРИСТИКИ И АСПЕКТИ НА МЕЃУНАРОДНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Погледнат од друг – секојдневен, односно релативистички аспект, тероризмот се изразува со материјална загуба, односно рушење добра, објекти од урбаната инфраструктура, што имаат витално економско, социјално, културно, но и ефектно- медиумско значење за една средина која е предмет на терористички акт. Често, уништувањето на материјалните добра иако при тоа не се предизвикани човечки жртви , во теоријата се подведува како терористи акт.

Меѓународно –правните аспекти на борбата против тероризмот, најцелисходно ги анализираат органите и телата на Организацијата на Обединетите Нации. Во бројните Конвенции, Резолуции, Договори и публикации кои се резултат на опсежни истражувања, опфатени се основите врз кои треба да се дефинира правниот аспект. Според нив тој ги опфаќа : основите на меѓународното право; меѓународното кривично право, вклучувајќи ја и меѓународната соработка во обласа на кривичното правосудство; меѓународното право кое се однесува кон прашањата за примена на сила (jus ad bellum) и меѓународното хуманитарно право (jus in bello); меѓународното право на бегалците ; меѓународното право посветено на меѓународните права и слободи на човекот .[76]

Тероризмот како кривично дело може да се изврши од страна на поединец врз друг поединец, (се разбира ако станува збор за јавна личност од политичкиот, воениот или општествениот живот на една земја), од страна на поединец врз група на луѓе, од страна на организирана терористичка група врз поединец или група личности, како и од страна на сите претходно наведени можности врз материјални добра.

[74] Меѓународна конвенција за борба против тероризмот 1963

[75] Дмитриева Г. К., Лукашук И. И. Становление международной нормативной системы. Москва, 1995. с. 128

[76] International Law Aspects of Countering Terrorism, UNITED NATIONS OFFICE ON DRUGS AND CRIME – Vienna, UNITED NATIONS New York, 2009

Тероризмот е поврзан и со извесен број меѓународни кривични дела.Тоа од своја страна налага единствен пристап кон ваквото толкување, што води кон прифаќање на единствени меѓународно - правни сфаќања , што пак од своја страна овозможува постигнување суштествена согласност за оценката на дејствијата кои треба да се преземат за борбата против нив.[77]

Современиот тероризам, често во себе носи предзнак на организирана криминал. Тоа од своја страна овозможува терористичкиот акт да се третира како кривично дело, а врз терористичките организации и нивните членови да се применуваат важечките прописи од националните кривични законици .

Но вообичаениот начин на командна одговорност при извршувањето на одредено кривично дело во терористичките организации и терористичките акти вообичаено не се применува, па така во најголемиот дел национални законодавства секој член на една терористичка организација или терористичка група треба да биде одговорен за сите криминални активности кои се извршени од нејзина страна .

Во околности на терористички активности, секогаш стручно и објективно треба да се анализираат: инспираторите и организаторите, а не само извршителите на конкретните акции, односно активностите да се согледуваат во еден поширок контекст. На овој начин се отвора можноста за координирана борба против тероризмот на меѓународно (подобро речено пошироко) ниво, а со тоа и легална примена на политички, дипломатски и економски средства кои се на располагање на државите и заедницата во целост.

Од гледна точка на субјективните карактеристики на тероризмот - тоа е кривично дело, криминал извршен со јасна намера и умисла, врз однапред определена цел , со претпоставени ефекти од тоа. Значи, станува збор за извршување акт со директни намери. Во случајот на тероризам постои јасна дистинкција од намерата само да се убие одредена личност (тогаш станува збор за некое од кривичните дела убиство). Вообичаено при кривичното дело убиство имаме две страни: убиец и жртва, односно починител(сторител, извршител) на кривичното дело и жртва, како субјект врз кој е извршен самиот чин.

Во терористичкиот акт покрај овие две страни се појавува и трета, а тоа е јавноста , општествената заедница или претпоставениот медиумски ефект што би го предизвикал чинот на убиство, со единствена цел да се постигне ефект на општ страв. Погледнато од овој аспект, жртвата која настанува како чин на самоубиство во еден

[77] Ляхов.Е.Т., Политика тероризма , Москва, 1977г. Стр.217.

терористички акт ( луѓе бомби, црни вдовици и слично) не се самите по себе цел туку средство, зашто нивните активности се насочени кон постигнување на однапред зададените цели ( свесно или несвесно, односно инструирано од други ), односно вознемирување на јавноста и заплашување на населението односно властите во една држава или заедница. Често атот на жртвата на поединец е себе промовирање од најчесто верски, политички или друг вид убедувања. Овие живи бомби во тој момент стануваат асоцијални личности зашто манифестираат рамнодушност кон жртвите, проследена со изразита суровост, заради што при ваков вид терористички акти има често и голем број невини жртви, односно смрт на луѓе кои само поради играта на случајот се нашле на одредено место и во одредено време.

Мотивите на тероризмот не секогаш се така едноставни односно истите не се подведуваат само на насилство, добивка, одмазда.

Поимот за таканаречената:„државна поддршка на меѓународниот тероризам “ (State supported international terrorism), може да биде определено како било кое од следните дејствија кои се спроведени од страна на една држава:

- Достава на оружје, експлозивни средства или опасни материјали , на било кои лица , групи или организации кои учествуваат или ќе учествуваат во извршување на акт на меѓународен тероризам;
- Извршување, подготовка или содејство со поединци, групи или организации, кои планираат или ќе планираат односно извршуваат или имаат намера да извршат конкретен акт на меѓународен тероризам;
- Доставување или обезбедување финансиска поддршка на поединци, групи или организации, при планирањето и спроведувањето, во моментот односно определен период во иднина на конкретен акт на меѓународен тероризам;
- Обезбедување дипломатска заштита на лицата кои го помагаат или учествуваат во извршувањето на конкретен терористички акт од модусот на меѓународниот тероризам;
- Давање заштита, азил или избегнување апсење на лица на сопствената територија , кои претходно извршиле каков било акт кој се подведува во класификацијата на меѓународен тероризам;[78]

Сепак за ваквото нешто не постои универзално поимање , зашто според воеността право: употребата на воена сила на една ( или група ) држава спрема друга, со цел да се окупира одредена територија претставува чин на агресија.[79] Но прашање кое самото по себе се

[78] Антоня Ю.М.„Терроризам“Москва, 2008г. С.20

[79]A. Cassese, *International Law*, 2003, str.325.

наметнува е дали сето тоа нема и елементи на тероризам , но се разбира на едно повисоко ниво. Во тие околности би постоел таканаречен државен тероризам, што е несвојствено за меѓународното право и особено поимањето на меѓународното право.

Терминот „државен тероризам“, доби широк одраз во меѓународните односи, како последица на фактот што овој термин беше спомнат во одредени меѓународни документи. Така, најшироко прифатен концепт за поимање на терминот „ државен тероризам“ е поткрепено во Резолуцијата на Генералното собрание на Организацијата на Обединетите Нации 39/159, „За недопуштеноста на политиката на државниот тероризам и другите видови на дејствија на државите, со цел да предизвикаат поткопување на општествено – политичкиот систем во друга суверена држава“, усвоена на 39_та сесија во 1984 година.[80]. Сепак во оваа Резолуција не постои систематско определување на дефиниција за државен тероризам, зошто во неа само во општи црти тоа се определува како дејствие насочено кон насилно менување или поткопување на општествено – политичкото устројство на една суверена држава, дестабилизација или промена на легално избраната влада. Поимот „државен тероризам“ подетално се определува во Женевската декларација за тероризмот од 1987г.[81]Кон ова се однесува :

- ✓ Практиката на полициската држава која е насочена кон своите граѓани преку: надзор, растурање јавни собири, контрола на информирањето, тортура, мачење, лажни апсења, масовни притворања, фалсификувани обвиненија, јавни судења, убиства;
- ✓ Вооружена агресија кон државата која е цел, со што се загрозува цивилното население кое живе во друга држава;
- ✓ Поништување на граѓанските права и слободи , Уставот и законите, под изговор за битка против тероризмот;
- ✓ Дезинформации и кампањи со намера да се дестабилизираат други држави;

Поаѓајќи од сето погоре наведено еден од главните проблеми на правната наука, што има изразито методолошко значење е прашањето за конкретизирање на дефиниција. Концептот го отсликува процесот на созревање на изворниот принцип, на состојбите, како и историските промени што јасно треба да го дефинираат феноменот. Во овој случај дефинирањето на меѓународниот тероризмот, неговите пројавни

[80] Грачёв С.И. Ретроспективно-правовой обзор понятя „гасударствений терроризм“, Юридический мир.2007.Бр.10.стр19

[81] Государственный терроризм „Словари и енциклопедии на Академике“. URL: http://dic.academic.ru/dic.nsf/ruwiki/192516

облици и аспекти е повеќе од едно обично сведување во теоретска рамка.

## ЗАКЛУЧОК

Тероризмот денес е најмоќното оружје, алатка која не се користи само против конкретна влада, но многу често - и самата влада се ползува со тероризмот, со цел да ги постигнат своите цели.

Главните стратешки предуслови за успешна борбата против меѓународните терористички организации и воопшто тероризмот се:

- ✓ Реставрација на одржлив мир;
- ✓ Блокирање на тероризмот во рана фаза и спречување на формирање и развој на структури;
- ✓ Избегнување на идеолошка оправданост на терор под превезот на "заштита на правата на нацијата", "одбрана на верата", и др.;
- ✓ Пренесување на контрола на анти-терористичките активности на најсигурните безбедносни структури заради избегнување на можноста од мешање во нивната работа на која било друг орган на влада;
- ✓ Нема отстапки на терористите, односно не смее ниту еден терористички акт да остане неказнет, бидејќи искуството покажува дека секоја успешна терористичка акција провоцира понатамошен раст на терор и на зголемување на бројот на жртвите.

Линија која дејствувањето на легалните вооружени формации на една држава ги одвојува од дејствувањето и акциите на тероризам на меѓународните терористички организации, групи и поединци , мора да имаат јасна позиција на раздвојување. Во спротивно, тешко ќе може да се создаде прифатлива платформа, поддржана од поголемиот дел на меѓународната заедница за ефикасна борба против ова зло на современиот свет.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Антоня Ю.М., *Тероризам*, Москва,2008г.
2. A. Cassese, *International Law*. New York .2003g.
3. Британика - *Енциклопедиски речник* , Скопје 2005 г.
4. Грачёв С.И.Ретроспективно-правовой обзор понятия „Государственний терроризм“, Юридический мир.2007г. №10.
5. Дмитриева Г.К., Лукашук И.И. Становление международной нормативной системы. Москва.1995г.

6. Эфиров С.А. Наумов. А.Б., Характеристика терроризма . СПб.Москва 1999г.
7. Ляхов Е.Г.Терроризм международные отношения. Москва., 2010г.
8. Ляхов Е.Т. Политика тероризма,Москва.,1997г.
9. Ляхов. Е.Г. Терроризм и международные отношения. Москва.2005г.
10. Lester A. Sobel, *Political terrorism* (Facts on File, New York, 1975)
11. Малиссон. В, Малиссон С. Международный терроризм. Москва. 2001.г.
12. *Mala politicka enciklopedija.* Savremena administracija, Beograd 1966g.
13. Международное право в документах. Москва. 2007г. ( раздел 8).
14. Международное публичное право , Спорник документов. В2т.М.:БЕК, 2006.Т.
15. Международное сотрудничество в области борбы с терроризмом. Сборник правовых актов. Москва. 2010г
16. *Меѓународна конвенција за борба против тероризмот* 1963.
17. *Правна енциклопедија,* Савремена администрација,. Београд 1979.
18. Richard E. Rubenstein, *Alchemists of revolution: Terrorism in the Modern World* (Basic Books, New York, 1987)
19. Robert Friedlander, *Terrorism and the Law: What Price Safety?* (IACP, Gaithersburg, MD, 1981),
20. Советский енциклопедический Словарь, Москва 1997
21. Thomas P. Thornton, *Terror as a Weapon of Political Agitation: an internal war* (The Free Press, New York, 1964);
22. James Lodge, *Terrorism: A Challenge to the State* (Martin Robertson, Oxford,1981)
23. James Poland, *Understanding Terrorism: Groups, Strategies, and Responses* (Prentice Hall, Englewood Cliffs, New York, , 1988)
24. Жалински А.Э. Терроризм. Москва.2000г.
25. http/www/jandex.ru
26. http://dic.academic.ru/dic.nsf/ruwiki/192516

удк 347.919.1:347.961(497.7)

# ОВЛАСТУВАЊА НА НОТАРОТ ВО ВОНПАРНИЧНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КОМПАРАТИВНИ ИСКУСТВА, ПЕРСПЕКТИВИ И НАСОКИ ЗА ПОГОЛЕМА ПРОЦЕСНА ЕКОНОМИЈА[82]

**м-р Емилија Матеска**

ул. „Марксова“ бр.133

Економски факултет-Прилеп

emilija.mateska@yahoo.com

## АПСТРАКТ

Во трудот се прикажани и анализирани овластувањата на нотарите во вонпарничната постапка во Република Македонија и во компаративното право, потоа можноста за зголемување на дијапазонот на овластувањата на нотарите во вонпарничната постапка, а сѐ со цел растоварување на судовите од неспорните работи. Со доверувањето на овие работи во надлежност на нотарите, согласно дадените предлози во трудот, корисностите би ги почувствувале и граѓаните, и стопанството, и судовите во форма на побрзо и поефикасно остварување на овие права, како и растоварување на судовите од неспорните предмети.

**Клучни зборови:** нотаријат, вонпарнична постапка, процесна економија

## ВОВЕД

Во современото право нотаријатот е институт што го познаваат најголем број правни поредоци во светот. Причините за тоа се познати. Имено, тоа се поволностите за граѓаните, правните лица, државата и правосудниот систем, правната сигурност во националниот и меѓународниот трговски промет и тн. Меѓутоа, не може да се зборува за еднообразност на овластувањата, статусот, правата и должностите, начинот и условите за стекнување на нотарската функција и тн.,

[82] Прегледан научен труд

напротив, сите тие варираат во различни држави и се прилагодуваат на специфичностите на правните поредоци, традицијата, историјата и влијанијата на определени нотарски системи во државата.

Светски тренд и тенденција на секоја правна држава е растоварувањето на судовите од неспорните работи што само ја забавуваат и отежнуваат нивната работа и нивна делегација на институциите од јавна доверба што, исто така, можат добро, па дури и подобро, побрзо, поефикасно и поквалитетно да постапуваат по нив. Денес на нотарите ( но, тука може да стане збор само за нотарите од латинскиот модел на нотаријат) им се делегираат овластувања од вонпарничната постапка коишто порано беа во надлежност на судовите. Во дел од современите правни системи неспорниот дел на вонпарнични постапки, каде што нема спор меѓу учесниците, а коишто, пред сé, се сведуваат на составување исправи, но и други вонпарнични постапки што претставуваат задача на превентивното правосудство, како и оставинската постапка, се пренесени во надлежност на нотарите и станаа важен дел од делокругот на нивната работа.

Потребата за растоварување на судовите од огромниот број неспорни предмети, (не)ефикасноста на судот, (не)квалитетот на постапките и (не)задоволството на странките од дадената заштита пред судовите, произлезе од статистиките и компаративните искуства што покажаа дека е потребно пренесување на неспорните предмети од судовите на други јавни органи или лица со јавни овластувања што професионално и ефикасно ќе ги решаваат овие предмети[83]. Согласно со начелото на процесната економија, постапките треба да се спроведуваат без одолжување, во разумен рок, со што помалку трошоци и оневозможувајќи ја секоја злоупотреба на правата што на странките им припаѓаат во постапката. Токму од тие причини, новите решенија, содржани во Законот за нотаријат, Законот за вонпарнична постапка од јануари 2008, како и Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи од јули 2008 год., пропишуваа пренесување на некои од овластувањата на судот од вонпарничната постапка на нотарите, со што битно се прошири делокругот на нотарските работи. Покрај основниот круг на оригинерни нотарски овластувања, што останаа исти како предвидените во Законот за вршење нотарски работи од 1996 година, денес нотарите ги имаат пренесените овластувања од вонпарничната постапка, и тоа: во

[83] Така, само во 2006 година вкупниот број нерешени предмети од сите судови во Р.Македонија изнесувал 855 000 предмети, а во 2009 година Основниот суд Скопје II ја завршил со нерешени 569 227 предмети, Основниот суд во Тетово 46 800, Основниот суд во Куманово 42 757, Основниот суд во Прилеп 42 061, Основниот суд во Гостивар 36 837, Основниот суд во Битола 32 262- „Извештај за работата на судскиот совет на РМ за 2009 година"- март 2010.

оставинската постапка, при составување тестаменти и други исправи од посебно значење за институтот наследување (договор за доживотна издршка и договор за отстапување имот за време на живот), овластувања во постапката за делба на заеднички предмети или имот и во постапката за уредување на начинот за управување и користење заеднички предмети, како и нотарскиот депозит и чувањето исправи.

Со новиот Закон за вонпарнична постапка од судот на нотарите беа пренесени овластувањата за расправање на **оставинската постапка** и за **делба на заеднички предмет или имот** во форма на нотарски акт, доколку нема спор за начинот и условите за делба

Според Законот за нотаријат, во надлежност на нотарите останаа: составувањето нотарски акт за последната изјава на волја - **тестаментот**, преземањето на тестаменотот на чување, преземањето на други исправи, пари, хартии од вредност заради чување и предавање – **депозитот**. Овластувањата на нотарите во врска со тестаментите и депозитот не се исклучиви, бидејќи паралелно на нив, за истите овие работи се надлежни и основните судови во вонпарнична постапка.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи од јули 2008 год. надлежни за **заверување на договорите за доживотна издршка и договорите за отстапување имот за време на живот,** покрај основните судови, се и нотарите.

Овластувањето на нотарите во форма на нотарски акт да составуваат **договори за уредување на имотните односи меѓу брачни другари и лица кои живеат во вонбрачна заедница**, на индиректен начин, укажува на овластување на нотарите во вонпарничната постапка за уредување на начинот на управување и користење на заеднички предмети.

Делокругот на овластувањата на нотарите не е целосно затворен тука, бидејќи чл. 134 од Законот за нотаријат остава можност на нотарите, судовите или други органи да им доверат и други работи, утврдени со посебен закон.

Искуството од пренесувањето на судските овластувања на нотарите од вонпарничната област, како во земјите на латинскиот нотаријат, така и во Р.Македонија покажуваат позитивни резултати што се одразуваат врз целокупниот правен поредок и правата на граѓаните и правните лица, и тоа како побрз, поквалитетен и поефикасен начин за стигнување до своите права. Сепак, бидејќи се работи за релативно ново решение во македонското право, од извршените компаративни анализи на овластувањата на нотарите во вонпарничната постапка, како и од примената на законските решенија во пракса, може да се заклучи дека одделни решенија од нашето законодавство треба да претрпат

извесни измени и дополнувања коишто, секако, би биле во функција на дополнително зацврстување на улогата на нотарот во правосудниот систем.

Во таа насока би биле и идните законски измени, односно дополнувања на одредбите од вонпарничната постапка со коишто ќе се регулира овластувањето за земање **негативна наследнична изјава** од страна на нотарот. Согласно Законот за вонпарнична постапка, позитивната наследничка изјава може да се даде и пред нотар, но за негативната наследничка изјава таква можност децидно не е пропишана во законот. Согласно чл.170 ст.3 од ЗВП, изјавата за прифаќање на наследството се дава во суд пред самостоен судски советник, пред судски советник и стручен соработник или кај нотар, а во дипломатско-конзуларно претставништво пред лице, најмалку со ранг на конзул, додека пак согласно чл. 170 ст. 2 од ЗВП, изјавата за откажување од наследство се дава на записник пред судија, а во дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија пред лице со најмалку ранг на конзул. Овие законски одредби предизвикаа голем број полемики за тоа дали може негативна наследничка изјава да се даде пред нотар. Со идни измени, односно дополнувања на Законот треба да се покрие практичното постапување на нотарите и, на тој начин, ќе се отстранат полемиките за основаноста на таквото овластување на нотарите.

Заради побрзо остварување на правата на учесниците во постапката е и препораката: на нотарите да им биде овозможено да донесуваат **делумно решение** за делот од оставината што не е спорен. Вакво решение познава Законот за наследување на Република **Хрватска**: "Доколку составот на оставината само делумно е неспорен, нотарот, откако ќе ги утврди кои се наследниците и легатарите, ќе донесе **делумно решение** за делот од оставината што не е спорен". Така, постапката за неспорниот дел од оставината ќе заврши побрзо, без учесниците да го чекаат исходот на парничната, односно управната постапка, којашто би можела понекогаш да ги „кочи“ во остварувањето на нивните наследнички права и врз неспорнот дел, и тоа со години[84].

Поставувањето **временска рамка** во којашто нотарот, како повереник на судот, треба да ја спроведе оставинската постапка и да донесе решение, но ако отстапува од неа, треба да биде должен да поднесе извештај до судот за пречекорувањето и причините поради

[84] Наспроти тоа, во македонската правна практика постои став дека не може да се донесе делумно решение. „Во ЗВП не е предвидено судот, односно нотарот да одлучува со делумно решение, а уште повеќе што при супсидиерна примена на ЗПП, чл.315 од ЗПП предвидува можност судот да решава со делумна пресуда, а не и со решение“. Прашања и одговори, прашање бр.14. Нотариус бр.14, Нотарска комора на Република Македонија, Скопје , 2009, стр.49.

коишто дошло до тоа, а тоа би претставувало уште една можна насока во којашто би требало да се движат идните промени на законодавството. Хрватскиот Закон за наследување предвидува едно решение, што кај нас не се среќава. Имено, тој пропишува дека нотарот на кого му е поверена оставинската постапка е должен предметот да го заврши во рок определен од надлежниот суд со одлуката за доверување на предметот, а во спротивно тој е должен, во посебен извештај, да ги објасни причните поради коишто не успеал во определниот рок да ја заврши постапката. Исто решение, како предвиденото во хрватското право, има во Законот за вонпарнична постапка на Република Српска, додека пак слично решение има во Законот за вонпарнична постапка на Црна Гора, каде што е предвидено нотарот да ја спроведе оставинската постапка во рок од 30 дена од приемот на предметот. Со воведувањето на таа обврска судот, практично, би ја применувал и одредбата од чл.132 ст.2 од Законот за вонпарнична постапка, односно поради очигледно занемарување на службените дејствија судот ќе може да му го одземе предметот на нотарот и ќе му го довери на друг нотар, односно сам ќе ја спроведе оставинската постапка, а притоа нужно би се поставило и прашањето за евентуалната дисциплинска одговорност на нотарот.

Во однос на законското решение само судот да изрекува **мерки за обезбедување на оставината**, нема причина зошто да не може тоа да го направи нотар во итните случаи кога тоа е потребно заради отстранување на опасноста од намалување на оставинската маса. Така, нотарите во Хрватска се надлежени да преземаат претходни дејствија, да ја дополнуваат смртовницата, доколку им е предадена непотполна, да вршат попис на оставината, но и пред одржувањето на оставинската расправа тие имаат можност да определат мерки за осигурување на оставината, на пример, предавање на оставината на чување, привремени мерки, поставување старател, повикување извршител на тестамент - чл. 157 од ЗЈБ (за разлика од нотарот во македонското право, кој може само да му предложи на надлежниот суд преземање мерки за обезбедување, но не и сам да определи). Во чл.1312 од Францускиот законик за граѓанска постапка е предвидено мерките за обезбедување на оставината да ги презема, главно, судот каде што се наоѓа имотот, но одделни овластувања во оваа постапка можат да му се доверат и на нотар. Со ваквите можни овластувања на нотарите би се поедноставил, осигурал и забрзал патот до правдата и би се намалил временскиот вакуум предизвикан од пренесување на предметот од нотарот до судот и негово процесуирање, а тој период некогаш може да

биде повеќе од доволен за повреда на правата на предлагачот на привремената мерка.

Позитивните компаративни искуства во однос на воведувањете **посебен електронски Уписник-регистар на тестаменти, воден на централно ниво**, со ограничен пристап до запишаните податоци во него покажуваат, од една страна, дека оставинската постапка е поконцентрирана, процесната економија е задоволена, а од друга страна, намален е и бројот на парничните постапки по новопронајден тестамент. Позитивните компаративни искуства во однос на решението за воспоставување Централен уписник на тестаменти во којшто се забележуваат податоците за завештателот, датумот и местото на составување на тестаментот, фактот дека тестаментот е предаден на чување, дали тестаментот е вратен на тестаторот, местото, односно нотарот каде се чува тестаментот и слично би било добро, доколку во иднина тие станат дел и од нашето законодавство. Како пример за воведување на електронски регистар вреди да се споменат законските решенија на Словенија, Хрватска, Бугарија, Франција и Чешка. Имено, Нотарската комора на Словенија води Централен регистар на тестаменти во електронска форма. Централниот регистар содржи податоци за нотарските тестаменти, тестаментите составени од адвокати и оставени на чување, како и други тестаменти оставени кај нотарите на чување, како и податоци за судските тестаменти. Нотарот издава потврда на завештателот дека кај него се чува неговиот тестамент. Предвидена е законска обврска за адвокатите, нотарите и судиите, кои составиле тестамент или презеле на чување, во рок од 15 дена по преземањето на дејствието да поднесат барање за упис во регистарот. Слично на тоа, нотарот во Хрватска е должен веднаш по приемот на тестаментот, без одлагање, да испрати известување до Хрватскиот уписник на тестаменти што се води во Нотарската комора**.** Во уписникот на тестаменти се забележуваат фактите дека е составен тестамент (приватен или јавен), дадените известувања за потребите на оставинската постапка, фактот дека е предаден на чување, потоа дали тестаментот е вратен на тестаторот и/или фактот дали тестаментот е прогласен и кој го прогласил. Во Бугарија секој нотар е должен да води посебни книги и регистри во коишто ќе внесува податоци за предавањето на чување на своерачните тестаменти, нивното враќање и објавување, книгите за нотарските тестаменти и нивното отповикување. Овие регистри и книги од сите нотари во Бугарија сочинуваат дел од информацискиот систем на Нотарската комора, а пристапот до податоците е ограничен и регулиран со соодветен акт. Нотарите во Франција се должни доверените тестаменти да ги

регистрираат во посебниот регистар на тестаменти во Нотарската комора на Франција. Централен регистар на тестаменти познава и правото на Чешка.

Во оваа насока, во услови на зголемена миграција на луѓето, а сè со цел доследно исполнување на последната волја на тестаторот, без разлика каде живее или престојува и без разлика каде се наоѓа тестаментот, во јули 2005 година од повеќе европски земји беше формирана "Европска мрежа на регистри на тестаменти".

Во тој контекст, обврската за нотарите, односно судиите (доколку остане надлежноста и судот да може да составува тестамент) би била во рок од 24 часа од составувањето на тестаментот, односно од предавањето на тестаментот на чување, да побараат упис на тестаментот во Уписникот. Уписникот би претставувал јавна книга што ќе се води во Нотарската комора и податоците коишто ќе ги содржи нема да може да му се соопштат на никого пред смртта на завештателот, освен на самиот завештател и неговиот полномошник. Така, со еден таков Уписник, нотарот кај кого се води оставинската постапка на многу брз и едноставен начин, пред да ја расправа оставината, би проверил дали оставителот има оставено тестамент кај друг нотар на кое било подрачје во државата и, во определен разумен законски рок, би го известил нотарот, односно судот за фактот дека тестаторот е умрен или прогласен за умрен, по што тие ќе го прогласат тестаментот. Преписот од записникот за прогласувањето и тестаментот во разумен рок ќе му ги достават на надлежниот нотар за спроведување на оставинската постапка. Во случај оставителот да составил повеќе тестаменти, тогаш секој од тестаментите ќе биде прогласен од судот, односно нотарот кај кого што тој бил доверен на чување, па по нивното доставување во законски определениот рок на надлежниот нотар, нотарот ќе решава за наследничките права на тестаменталните и законските наследници согласно правните норми, имајќи ја предвид особено одредбата од Законот за наследување (чл.118), што го уредува односот меѓу поранешниот и подоцнежниот тестамент. На овој начин, не само што ќе се намали бројот на постапките по новопронајден тестамент, туку ќе се овозможи и сеопфатно регулирање на имотните односи меѓу учесниците во врска со наследувањето, во пократок рок и само во една постапка што, секако, би било во корист на учесниците.

Со имплементирањето на наведените предложени корекции во законските одредби би дошло до забрзување на постапката и побрзо остварување на правата на учесниците во оставинската постапка, преку избегнување на непотребното "селење" на предметите од нотар до суд,

и обратно, а исто така и зголемена одговорноста на нотарот во постапувањето со предметите и слично.

Во однос на постапката за **нотарски депозит** може да се напомене дека компаративните решенија, особено црногорското решение и решението предвидено во Модел - законот за нотаријат од Србија оставаат простор за размислување за тоа дали при некоја идна корекција на законските одредби што го регулираат нотарскиот депозит (вклучувајќи ја тука и измената на одредбите од Законот за облигационите односи што се однесуваат на полагање и продажба на предмет што се должи (чл.316-324) е поцелисходно проширувањето на предметите што можат да се доверат во нотарски депозит, па нотарите да бидат овластени да примаат и други подвижни предмети. Нашиот Закон за нотаријат, во чл. 86 ст. 2, пропишува дека нотарот е должен да преземе на чување пари, меници, чекови, јавни обврзници и други хартии од вредност. Во Законот за нотаријат не е предвидена можноста кај нотарот да се предадат на чување благородни метали и други скапоцености, што е само ненамерен пропуст на законодавецот, што треба во најбрзо време да се отстрани. Во тој правец се измените и дополнувањето на Законот за јавно бележништво од февруари 2007 год. во **Хрватска**, при што беше предвидено, освен пари, чекови, меници, јавни обврзници и др. хартии од вредност, во депозит да можат да се предаваат и други скапоцености. Законот за нотаријат на **Црна Гора** предвидува пошироко решение, според коешто нотарот во Црна Гора е должен да преземе на чување пари, хартии од вредност, други исправи што можат да се впаричат, благородни метали и други скапоцености, како и други предмети кога со закон е определено дека должникот може тие предмети да ги предаде на суд за да ја исполни својата обврска.

Следно, се поставува прашањето дали нотарот е надлежен да составува договори за доживотна издршка и договор за отстапување на имот за време на живот во форма на нотарски акт или единствено е надлежен според рестриктивно толкување на чл.1023 и чл.1030 од ЗОО и аналогно на овластувањето на судот, да потврдува вакви договори, а не и самиот да ги составува. Поаѓајќи од фактот дека во надлежност на нотарите е составувањето нотарски акти што се јавни исправи и фактот дека целта на потврдување на договорите е токму тоа овие приватни исправи да се стекнат со иста доказна сила како и јавните исправи, логично е во надлежност на нотарите, освен потврдувањето на овие договори, да биде и нивното составување во форма на нотарски акт. Уште повеќе што со ова учесниците ќе можат само да се упатат до нотар и целата постапка да ја завршат одеднаш, наместо да одат кај

адвокат да им состави договор, па потоа да одат на суд или на нотар за истиот да го потврди. Законодавецот го користи поимот *заверка на договор*, иако суштински, во однос на правните последици по „заверката“ на договорот повеќе одговара поимот *потврдување на приватни исправи (солемнизација*). Добро би било, во некои наредни измени и дополнувања на ЗОО за разрешување на полемиките што често беа развивани во стручните кругови, децидно да биде пропишано овластувањето на нотарите да ги составуваат договорот за доживотна издршка и договорот за отстапување имот за време на живот, во форма на нотарски акт.

Аргументи има и за воведување **исклучива надлежност на нотарите за составување тестаменти**[85] **и потврдување на договорите за доживотна издршка и отстапување имот за време на живот**, што би било уште едно дополнително растоварување на судовите од неспорните предмети.

Денес, нема сомневање и со сигурност може да се потврди дека нотаријатот е еден од најважните институти на современото право што овозможува поголема правна сигурност, како и растоварување на судовите. Оттука, нема никакво сомневање дека процесот на растоварување на судовите од вонпарничните предмети е повеќе од оправдан и дека треба да продолжи не само во насока на растоварување на судовите од неспорните вонпарнични предмети, но и во правец на растоварување на судовите и од предметите што не се спорни, а се регулирани со други закони од други правни материи и области, а имајќи ги предвид наведените компаративни решенија.

[85] Во **бугарскиот** Закон за наследување (Закон за наследството во сила од 30.04.1949 г.) се предвидени две форми на тестамент: нотарски и своерачен. Бугарскотот право не предвидува надлежност на судовите за составување тестаменти. Согласно **Германскиот** граѓански законик (BGB, Bundesgesetzblatt 2 January 2002 I 42, 2909; 2003, 738; 2008 I 1188), судовите не се надлежни за составување тестаменти. Завештателот може својата изјава на последна волја да ја даде пред нотар во форма на редовен јавен тестамент или да му предаде на нотарот запечатен или незапечатен документ со неговата изјава за последната волја или да направи своерачен тестамент.
Според **Францускиот** граѓански законик, судовите не се надлежни за составување тестаменти. Тестаментално способно лице во Франција може да состави своерачен тестамент, тестамент во јавна форма-нотарски или таен тестамент-чл.969 од Францускиот граѓански законик.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Heinz,G.Volker, *The French notarial professio*n, Haarmann, Hemmelrath &Partner, Berlin, 2002;
2. Tanasković Zoran, *Funkcija javnog beležnika (notara) u savremenim pravnim sistema*, Pravni informator, Stručno-informativni časopis za savremene pravnike, 1/2003;
3. Trgovčević-Prokić Milena, *Ovlašćenja javnog beležnika u sudskim postupcima,* Pravni život br.13, Beograd, str.731-743,2007;
4. Zakon o javnom bilježništvu- pročišćeni tekst, Narodne novine, br.78/1993, 29/1994, 16/2007;
5. Zakon o notariatu, Uradni list R Slovenija, št. 2/2007;
6. Закон за нотаријатот, Службен весник на РМ, бр.55/2007;
7. Јаневски Арсен, Зороска-Камиловска Татјана, *Граѓанско процесно право, книга прва, Парнично право*, Скопје, 2009;
8. Јаневски Арсен, *Нотарската дејност во Република Македонија, Нотариус*, бр.1, Скопје, стр.24-37,2001;

удк 327(4-672EU)

# ЕВРОПСКАТА УНИЈА, МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ ДРЖАВА[86]

**д-р Елена Тиловска-Кечеџи**

Правен факултет-Кичево

Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола

elena-tilovska-kechegi@hotmail.com

## АПСТРАКТ

Европската Унија е глобален актер на светската арена. Но многу често авторите кои ја проучуваат оваа област имаат различни мислења околу прашањето што е Европската Унија. Дали е меѓународна организација, држава, федерација, конфедерација или нешто друго.

За да се добие одговор на ова прашање, прво ќе се презентира дефиницијата за меѓународни организации, што се тие, како работат и дали ЕУ спаѓа во оваа категорија. Во продолжение ќе се елаборираат теориите за супранационализмот, интерговернметнализмот и функционализмот и како тие се аплицирани врз Европска Унија. И со тоа ќе се констатира заклучокот дека ЕУ е повеќе од меѓународна организација но е далеку од поимот да биде држава.

**Клучни зборови:** Европска Унија, држава, меѓународна организација, супранационализам, интерговернментализам.

## МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Постојат повеќе дефиниции кои може да бидат презентирани за да го објаснат значењето на меѓународните организации. Една од дефинициите која се издвојува е онаа на Morozov која ги објаснува меѓународните организации како „стабилен, прецизно стуктуриран инструмент за меѓународна соработка. Тие се слободно создадени од нивните членки со цел да создадат заеднички солуции од веќе обрзоложените и презентирани проблеми. Меѓународните организации имаат заеднички цели, органи со соодветни услови за работа како и

[86] Стручен труд

специфични институционални карактеристики како статути, правила на процедура, членство и.т.н.“(Morozov 1977:30).[87]

Меѓународните организации се организации создадени од земјите членки со цел да ги извршуваат заедничките интереси од членството.[88] Нивните цели и активности се презентирани во неколку категории. Прво, тие се презентирани како генерални, регионални, политички, економски, социјални, правни и одбранбени. Но исто така можат да бидат дел и од други области како што се земјоделството, стоките и други добра, рибарството и храната. Под трета категорија спаѓаат образованието, културата, авторските права, и во четвртата и петата категорија спаѓаат науката, здравството, комуникациите, транспортот.[89]

Меѓународните организации, без разлика во која категорија од горе наведните спаѓаат, тие ги имаат истите карактеристики:

- Тие се перманентни организации кои имаат збир од функции;
- Тие имаат доброволно членство на квалификувани членови;
- Тие се засновани врз инструментот на цели, структури и методи на работа;
- Тие се репрезентативни, консултативни, конференциски органи;
- Тие имаат перманентен секретаријат кој се грижи за административната, истражувачката и информативната функција.
- Меѓународните владини организации се основани со договори со цел да се заштити суверенитетот на државите.[90]

## ЕВРОПСКАТА УНИЈА, МЕЃУНАРОДНА ОРГАНИЗАЦИЈА ИЛИ НЕ?

Една од поинтересните страни на меѓународните организации е онаа во која можат да се претстават во три улоги и тоа како инструменти, арени и учесници.[91] Меѓународните организации се создадени како инструменти за колективна соработка меѓу земјите членки и ги појаснуваат и смируваат тензиите во глобалното владеење. Понатаму, тие се форум, во кој глобалното владеење е формулирано,

[87] Archer, Clive. “Definitions and history”. International Organizations. London, New York: Routlege, Taylor & Francis Group, 2003 pg , 32
[88] Ибид, 33
[89] Ибид, 52
[90] A. LeRoy Bennett and James K. Oliver. International Organizations. Principles and issues. Prentice Hall, Pearson Education, Inc. edition 7. Pg. 2
[91] Archer, Clive. “Definitions and history”. International Organizations. London, New York: Routlege, Taylor & Francis Group, 2003 , 68

како и актерите во тој форум. Меѓународните организации се влијателни во остварување на правото, но во исто време се потчинети кон нивните членки. Тие ги обликуваат и насочуваат преговорите во која насока ќе се движат, но нивниот мандат и работа е концепиран од дискусиите на тие преговори. Тие се супранационални ентитети, но сепак од нив е очекувано да носат практични одлуки на субнационално ниво. Меѓународните организации можат да креираат форум и арена за учесниците, создавајки договори помеѓу страните за да помогнат при артикулирање, собирање и посредување на интереси.[92] Пример за меѓународна организација која ја игра улогата на сите три е Европската Унија.

Но, и покрај овој пример сепак е тешко да се одреди што точно е Европската Унија. Одредени автори сметаат дека е меѓународна организација, други сметаат дека функционира како држава, а трети веруваат дека има карактеристики од двете.

За Европската Унија не постои одредена дефиниција, таа има политичко и економско потекло, кое има карактеристики на амбивалентност бидејќи лебди помеѓу политиката и дипломатијата, помеѓу дражавите и пазарот, и помеѓу владите и менаџментот. [93]

Да се дојде до одговор на прашањето дали ЕУ е меѓународна организација или не, треба да се разгледаат следните теории. Функционализмот значи дека суверените држави со цел да го одржат економскиот просперитет ги напуштаат суверените права, бидејќи е полесно за нив да постигнат подобар развиток кога повеќе земји работат заедно. Во тој случај овластувањата се дадени на централната власт (во овој случај ЕУ), која постои над националната држава и ги има овластувањата во нејзината институционална структура, која е супранационална.[94]

Од друга страна, се претставува интерговернментализмот, како и политичката позиција, која ја објаснува Унијата како организација која е создадена од нејзините земји членки, односно во меѓународните организации е карактеризирана како соработка помеѓу држави, а не како слободни активности на независни земји.
Интерговернементализмот ја гледа интеграцијата како процес кој расте се додека земјите го дозволуваат тоа.[95]

Единствено објаснување помеѓу двете гледишта е суштинското разбирање на тоа како функционира ЕУ. Од една страна ги имаме

---

[92] Maria H. Ivanova. “Partnership, International organizations and Global Enviromental Governance”. Online. Available: www.gppi.net/fieleadmin/gppi/Ivanova_Article.pdf
[93] Tanja Miscevic. Pridruzivanje Evropskoj Uniji. JP Sluzbeni glasnik, 2009 pg. 41
[94] Ибид,. 42
[95] Ибид, 42

неофункционалистите кои дозволуваат независна и суверена Унија, како и интерговернментализмот кој инсистира на суверенитетот на земјите членки. Така што Унијата има елементи на суверена федерација, бидејќи има директно обврзувачко право, го има Судот на правдата како свој орган, професионална бирократија, како и легислативен и извршен процес. А самата идеја за федерализмот се гледа како политичка и легална филозофија, која е прилагодена до сите политички контексти внатре во унијата како и на меѓународно ниво.[96]

Меѓународните организации играат важна улога во глобалното владеење. Глобалното владеење, објаснето од Archer значи „некоја форма на контрола како и менаџмент на активностите преку граници“.[97] Глобалното владеење од страна на Европската Унија покрива прашања од светската трговија, комерцијата, туризамот, животната средина, но исто така ги покрива и меѓународниот криминал, трговијата со дрога, прекугранични проблеми и миграција. Системот кој се користи за менаџирање на овие проблеми се меѓународните режими. Односно, „меѓународните организации го најдоа своето место помеѓу алатките потребни во меѓународните режими за да го поткрепат глобалното владеење“.[98]

Сите горенаведени цели, функции и улоги на меѓународните организации ја опишуваат и презентираат Европската Унија како меѓународна организација, бидејќи е формална и постојана стуктура, која е поставена од земјите членки со цел да се извршат заедничките интереси на членството.[99] Но сепак ЕУ не е како останатите меѓународни организации таа има две страни: едната е внатрешна а другата надворешна. Внатрешната страна ги претставува должностите на земјите членки, а надворешната страна ја претставува Унијата (како организација). „Таа цели кон создавање на една заедничка унија помеѓу луѓето на Европа“ (Common provisions, Treaty of Maastricht).[100]

## ЕВРОПСКАТА УНИЈА КАКО ДРЖАВА

Пред да се почне со образложението на теоријата дека ЕУ е држава, треба пред се да се дефинираат неколку други поими. Поимот нација е филозофски идеализам, тоа е стабилна и постојана заедница на народи, кои делат заеднички јазик, територија, како и заедничка

[96] Ибид, 42
[97] Archer, Clive. “Definitions and history”. International Organizations. London, New York: Routlege, Taylor & Francis Group, 2003 , pg. 108
[98] Ибид, 108-109
[99] Ибид, 42
[100] Ибид, 44

култура и историја. Исто така секоја нација има право на самоопределување и може да коегзистира заедно со други нации во една мултинационална држава.[101] Суверенитетот на државата претставува врховна и независна моќ или авторитет во владата која е поседувана од државата или заедницата.[102] Со одржување на државниот суверенитет се гарантираат политичката незвисност на нацијата како и нејзините членки кои се борат за самоопределување.[103]

Со појаснување на горенаведените поими доаѓаме до прашањето каква држава е ЕУ. Дали е федерална, супранационална, или конфедерално-интерговерментална, централизирана или децентрализирана. Европската Унија, одржува редовни избори, нејзиниот парламент дискутира и образложува закони и регулативи, и има бирократија. Исто така има централно тело (Комисијата) чија работа може да се спореди со таа на министрите во владите. ЕУ има и Совет и Суд на правдата. Централната Банка ја чува валутата од 2002 година. Има амбасади и потпишува меѓународни договори со други земји, и ЕУ има геополитичка тежина. Поседувајќи ги сите овие карактеристики јасно е дека „ЕУ е некој вид на јавен орган која многу личи на држава“.[104]

Но сепак постојат многу аспекти кои ја раздвојуваат ЕУ од поимот држава. Иако Комисијата може да се гледа како тело слично на Владата на ЕУ сепак таа нема извршна машинерија под Генралниот директорат.[105] Понатаму, Европскиот Парламент е избрано тело и е презентирано како еднакво тело со долниот дом на националните собранија. Но овие компарации се сепак заблуди „ ЕУ има лимитирани моќи во некои политички аспекти кои се доста значајни и можат да бидат дефинитивните карактеристики на модерните држави... Како што се политиките околу даноците и трошењето, политиките во подрачјето на правдата, извршување на правото, и националната безбеност и одбрана. Со други зборови, ЕУ не ракува соодветно со моќите дали биле политчки или економски, а кои се доста важни и се асоцираат со

[101] “The Nation State, Sovereignty and the European Union”. Online. Available: http://spectrezine.org/europe/Coughlan.htm
[102] “ Dictionary”. Online. Available: http://dictionary.reference.com/browse/sovereignty
[103] „The Nation State, Sovereignty and the European Union”. Online. Available: http://spectrezine.org/europe/Coughlan.htm
[104] Jozsef Borocz. The European Union and Global Social Change. Routledge Taylor&Francis Group, London and New York. 2010. Pg 4-6
[105] Ибид, 6

модерните држави: и во овој случај може да се заклучи дека Европската Унија е помалку од држава“.[106]

Треба да се воочи реалноста дека ЕУ не е едноставна меѓународна организација, бидејќи има супранационални елементи. Прво не се потпира на интерговернменталната соработка на самите земји, има супранационални карактеристики: земјите членки и препуштаат дел од нивниот суверенитет, има супраматија преку европското право, што значи дека законите се обврзувачки, одлуките донесени од институциите на ЕУ реагираат на интересите на Унијата во целост промовирајќи го заедничкото добро. [107]

## ЗАКЛУЧОК

Европската Унија не може да се дефинира како стандардна меѓународна организација или како држава. Таа се наоѓа на средината помеѓу овие две карактеристики, односно ЕУ е повеќе од меѓународна организација бидејќи има супранационални карактеристики, а додека не е држава бидејќи Комисијата не може да ја замени Владата, а Парламентот не може да биде втор дом, како и фактот што ЕУ има лимитирани моќи за одредени политички прашања. Со ова се заклучува дека Европската Унија е супранационална меѓународна организација.

## ЛИТЕРАТУРА


1. A.LeRoy Bennett and James K. Oliver. International Organizations. Principles and issues. Prentice Hall, Pearson Education, Inc. Edition7
2. Archer, Clive. “Definitions and history”. International Organizations. London, New York: Routlege, Taylor & Francis Group, 2003
3. “Dictionary”. Online. Available: http://dictionary.reference.com/browse/sovereignty
4. Hlavac, Marek. “Less than a state, more than an international organization: The Sui generis nature of the European Union” Georgetown University, Dec 2010. Online. Available: http://mpra.ub.uni-munchen.de/27179/1/MPRA_paper_27179.pdf
5. Jozsef Borocz. The European Union and Global Social Change. Routledge


[106] Hlavac, Marek. “Less than a state, more than an international organization: The Sui generis nature of the European Union” Georgetown University, Dec 2010. Online. Available: http://mpra.ub.uni-munchen.de/27179/1/MPRA_paper_27179.pdf

[107] Ибид

Taylor&Francis Group, London and New York. 2010.
6. Maria H. Ivanova. "Partnership, International organizations and Global Enviromental Governance". Online. Available: www.gppi.net/fieleadmin/gppi/Ivanova_Article.pdf
7. Tanja Miscevic. Pridruzivanje Evropskoj Uniji. JP Sluzbeni glasnik, 2009
8. "The Nation State, Sovereignty and the European Union". Online. Available: http://spectrezine.org/europe/Coughlan.htm

удк 342.737/.76

# СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ КАКО НЕПРИКОСНОВЕНО ЧОВЕКОВО ПРАВО[108]

**м-р Билјана Каровска - Андоновска**

ФОН Универзитет - Скопје

## АПСТРАКТ

Правото на приватност е неприкосновено човеково право кое го изразува физичкиот и духовниот интегритет на секоја индивидуа.

Современото општество генерира ризици и потенцијални опасности за правото на приватност.

Овој труд начелно ги идентификува предизвиците со кои се соочува правото на приватност и го истражува, во основа, нивното влијание врз почитувањето на ова право.

**Клучни зборови:** право на приватност; современи предизвици; човекови слободи и права.

## ВОВЕД

Правото на приватност е предмет на регулирање на фундаменталните меѓународни акти кои ја уредуваат сферата на човековите слободи и права. Правото на приватност спаѓа во групата на лични права кои ја изразуваат физичката и духовната индивидуалност на една личност и претставуваат основа за остварување на останатите човекови слободи и права. Правото на приватност е универзално природно право кое се стекнува во моментот на раѓање и е поврзано единствено со фактот за постоењето на индивидуата како човечко и општествено суштество. Во срцето на заштитата на приватноста е положен концептот на индивидуата и неговите или нејзините односи во општеството.[109] Приватноста е сфера во која се преплетуваат личниот и

[108] Изворен научен труд

[109] Јанкуловски, З., Заштитата на приватноста во Република Македонија: слобода од безпричинско влегување, пребарување и заплена, Македонска ревија за казнено право и криминилогија, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 1996, стр. 80

семејниот живот на поединецот, неговиот дом, личните податоци и комуникацијата со останатиот свет.

Правото на приватност ги обврзува сите останати поединци, институции и државата, со обврска за воздржување од дејствија кои недозволено можат да навлезат во приватната сфера на поединците. Меѓутоа, правото на приватност не е апсолутно право. Под одредени околности, кога е во прашање заштита на некое друго право на останатите индивидуи или обезбедување на повисоки општествени интереси, правото на приватност може да биде ограничено.

## СОВРЕМЕНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ

Правото на приватност како посебно и независно право е поврзано со развојот на современото општество и со појавата на средства во кои можат да се изнесуваат сегменти од приватниот живот на поединците.[110] Современото општество генерира ризици и потенцијални опасности кои предизвикуваат ерозија на приватноста како чувствителна сфера. Овие потенцијални опасности можат да се идентификуваат пред сè, во софистицираните информациски системи за обработка на лични податоци, експанзијата на електронски средства за комуникација, примената на специјални мерки за превенција и контрола на организираниот криминал, тероризмот и друг вид на тежок криминал, како и во сензационалистички настроените медиуми.

### Информациските системи за прибирање, чување и обработка на лични податоци

Технолошкиот развој овозможи огромна концентрација на лични податоци на поединците во големите информациски системи кои најчесто се во службена евиденција на државниот апарат. Личните податоци масовно се прибираат, обработуваат и се користат во разни видови на регистри и службени евиденции, од страна на голем број корисници. Современото општество во одделни сегменти целосно функционира на база на автоматска обработка на личните податоци кои ги собира и ги употребува за различни цели. Личните податоци се клуч

[110] Препознавањето на правото на приватност се поврзува со објавувањето на статијата „The Right to Privacy" во 1890 г. во Harvard Law Review, од страна на своевремено истакнатите правници S. Warren и L. Brandies. Авторите била инспирирани од навлегувањето на печатените медиуми во приватниот живот на поединците. Статијата е посветена на односот помеѓу слободата на изразување и правото на приватност и со неа е направен обид да се сврти вниманието кон личноста и кон душевната болка која се нанесува со повреда на праватноста.

до приватноста на секој човек и преку нив може да се утврди неговиот идентитет, образование, семејната, финансиската или здравствената состојба.

Консеквенциите од компјутеризацијата и опасностите кои во себе ги носи концентрацијата на податоци и особено нивниот трансфер надвор од националните граници, ја мотивираше меѓународната заедница да креира правила преку кои се обезбедуваат минимум стандарди за заштита на приватноста преку заштита на личните податоци и за превенција од нивна евентуална злоупотреба.[111] Правилата, помеѓу останатото, налагаат прибирање, обработка, употреба и чување на личните податоци во согласност со националната легислатива и единствено во функција на целта поради која биле прибрани. Усвоените правила предвидуваат пристап до досието со податоци на носителите на личните податоци и нивна измена или бришење доколку не се точни или не се соодветно обработени, обработка на посебните категории на податоци само по исклучок, како и преземање мерки против неовластен пристап до личните податоци.[112]

Европските перспективи за заштита на приватноста во сферата на личните податоци најавуваат промени чија имплементација во европските законодавства се очекува во текот на 2014/2015 година. Планираните промени треба да понудат одговор на две сеуште дискутабилни прашања во однос на тоа кому припаѓаат личните податоци кои поединците ги оставаат на интернет, како и за тоа на кој начин и за колкав временски период можат да се користат постираните податоци.[113]

[111] Легислативата на европските држави во сферата на заштита на личните податоци е значително хармонизирана. Основен обврзувачки меѓународен документ е Конвенцијата на Советот на Европа за заштита на поединците во однос на автоматската обработка на личните податоци. Исклучително значајни се и документите на ЕУ, и тоа Директивата 95/46/ЕЗ за заштитата на поединците во однос на обработката на личните податоци и слободното движење на тие податоци и Диркетивата 97/66/ЕЗ за обработка на лични податоци и заштита на приватноста во секторот на телекомуникациите.

[112] Во законодавството на Република Македонија овие стандарди се вградени преку нормативите на Законот за заштита на личните податоци, а нивната примена ја контролира Дирекцијата за заштита на личните податоци.

[113] Нови ЕУ правила за заштита на личните податоци на интернет, достапно на http://www.dw.de/dw/article/0,,15691282,00.html

## Експанзијата на електронски средства за комуникација и за следење на движењето и на комуникациите

Развојот на напредните технологии овозможи експанзија на софистицирани средства за комуникација. Дигитализацијата на комуникацискиот процес е феномен кој современиот човек го направи речиси зависен од технологијата за комуницирање. Појавата на интернетот како глобален електронски комуникациски систем ги избриша физичките и политичките граници во таканаречениот сајбер простор и со тоа претставува потенцијална опасност за приватноста на лицата вклучени во комуникацискиот процес.

Современите технологии го овозможија и видео надзорот кој стана дел од секојдневието на речиси секоја современа држава. Статичните камери го регистрираат секое движење на поединцеот во рамки на видео кругот. Поставувањето на камерите се оправдува со потребата од заштита на безбедноста и превенирање на несакани дејствија на места или во објекти кои се особено фрекфентни и со тоа се изложени на потенцијални опасности. Се почесто можат да се забележат и на индивидуални станбени објекти, излози, шалтери, училишта и на многу други места. Веројатно, само времето ќе покаже колку навистина ќе бидат постигнати очекуваните ефекти од нивната масовна употреба. Тоа што останува како непобитен факт е чувството на загрозена приватност кај секој поединец кој е свесен за степенот на мониторирањето на неговото секојдневно движење.[114]

Потенцијална опасност за приватноста и за тајноста на комуникациите претставува и генерално ниската општествена свест за значењето на приватноста како право на личноста и израз на нејзиниот интегритет.[115] Нејзината заштита во контекст на забрзаниот напредок на технологиите е прашање по чиј одговор трагаат не само правните теоретичари и практичари, туку и теоретичарите и практичарите од сферата на безбедноста, информатиката, етиката, и секако поборниците за почитување на човековите слободи и права. Сите се речиси едногласни во ставот дека во процесот на комуницја, поединците мора

[114] Во Р. Македонија, во рамки на проектот на Министерството за внатрешни работи наречен Безбеден град, со камери се покриени над 100 сообраќајни позиции. Повеќето од поставените камери се статични, некои од нив можат да снимаат и најситни детали. Од страна на Министерството за здравство, најавено е пуштање во употреба на камери на 150 шалтери во 72 јавни здравствени установи.

[115] Неодамнешните случаи на неовластено прислушување обелоденети преку медиумите во нашето опкружување (Бугарија, Хрватска, Србија) повторно го наметаа стравувањето дека и покрај постоењето на формални законски механизми, сепак, во услови во кои функционираат современите системи, речиси е невозможно целосно да се обезбеди адекватна заштита од неоснован продор во приватноста и тајноста на комуникациите.

да бидат внимателни и свесно да се прилагодат на ризиците за повреда на приватноста кои постојат како во реалниот и во таканаречениот виртуелен свет.

## Примената на специјални мерки за превенција и контрола на организираниот криминал и тероризмот

Во последните дваесеттина години, сигурноста и безбедноста, на глобално ниво, беше исправена пред сериозни закани согледани првенствено во меѓународниот тероризам и во организираниот криминал. Во вакви околности, државите бараа начин за ефикасно превенирање, откривање и процесуирање на организираните криминални и терористички активности. Во потрага по ефикасни средства, државите во националните законодавства започнаа да ја нормираат и легализираат примената на нови таканаречени „неконвенционални“ специјални средства или посебни истражни мерки во борбата против организираниот и друг вид на тежок криминал.[116] Овие мерки се применуваат заради собирање на податоци и информации за инволвираност во криминална активност, а кои не можат да се обезбедат на друг начин. Собраниот материјал има доказна вредност во кривичната постапка.[117] Казнено-процесните реформи преку кои се воведени нови процесни и доказни правила и специјални истражни мерки за откривање и за гонење, е несомнено единствениот можен одговор на зголемената опасност од организираниот криминал и неговото парализирачко дејство во однос на системот на казнена правда.[118]

Се работи за мерки кои вообичаено вклучуваат следење на туѓи неофицијални комуникации, следење и визуелно-тонско снимање со соодветни уреди, влез во дом или работен простор заради создавање услови за следење на комуникациите, компјутерско пребарување на

[116] Во кривично-процесното законодавство на Р. Македонија, посебните истражни мерки се воведени во 2004 година. Примената на мерката која опфаќа следење на комуникациите беше условено со амандманска интервенција во член 17 став 2 од Уставот на Р.М. кој, пред промената, предвидуваше отстапување само од тајноста на писмата, а не и од другите облици на комуникација. По усвојување на амандманот XIX на Уставот (во 2003 година), постапката за примена на следењето на комуникациите заради спречување или откривање кривични дела и во функција на интересите на безбедноста и одбраната на државата, беше уредена со посебен Закон за следење на комуникациите донесен во 2006 година.

[117] Посебните истражни мерки се нови од аспект на нивниот легалитет, а не од аспект на нивното практикување, бидејќи истите се практикувани во речиси секоја држава во светот како ексклузивно право на тнр. тајни (разузнавачко-безбедносни) служби. Легализацијата на прислушувањето и на другите „нови“ методи, всушност значеше, нивно правно регулирање преку пропишување на условите и постапката за нивна примена.

[118] Камбовски, В. Организиран криминал, Скопје, 2005, стр. 350

лични податоци, како и други дејствија преку кои може да се обезбеди материјал со доказна вредност во кривична постапка. Примената на поголемиот дел од посебните истражни мерки е во колизија со некои традиционално заштитени човекови права. Тие директно го повредуваат правото на приватност на личниот и семејниот живот, правото на тајност на комуникацијата, правото на неповредливост на домот и на личните податоци. Посебните истражни мерки инванзивно продираат не само во приватноста на лицата кон кои се насочени дејствијата, туку некои од нив, продираат и во приватноста на останатите поединци кои се во опкружувањето или кои комуницираат со лицата кон кои мерките се насочени. Иако нивната примена се толерира само под строго утврдени услови, прецизно пропишана постапка и во контекст на специфичните особености на секој конкретен случај, сепак, не е исклучена можноста за нивна зло (употреба). Забележлив е тренд на креирање законска регулатива со која, под превез на потребата за заштита на националната и јавната безбедност, се создаваат услови за потенцијална повреда на правото на приватност.[119] Во вакви околности, државите се соочуваат со предизвикот да обезбедат рамнотежа (фер баланс) помеѓу јавниот интерес кој налага ефикасен одговор на тешките форми на криминал, од една страна, и да останат доследни на усвоените меѓународни страндарди за почитување на човековите права, од друга страна. Во таа насока, Советот на Европа кој ги охрабрува државите да применуваат специјални истражни мерки, истовремено, препорачува дека секој одговор на криминалот мора да биде потврда на основните принципи на демократските држави преку владеење на правото и почитувањето на човековите права, а користењето на специјални истражни техники треба да е во обем што е неопходен за демократското општество и кој е соодветен за ефикасна кривична истрага. Државите се обврзани прецизно во соодветен законски акт да ги утврдат околностите и условите под кои може да се применат посебните истражни мерки (начело на легалитет), нивната примена треба да биде во обем кој е неопходен во функција на исполнување на целта (начело на сразмерност), кон примена на мерките треба да се пристапи *ultima ratio* само доколку со други помалку интрузивни средства и методи не може да се постигне истата цел (начело на супсидијарност кое налага постапност во примената, од помалку, кон повеќе интрузивни мерки).

[119] Овој тренд е присутен и во американскиот и во европските правни системи, а истиот е особено изразен по реализираните акти на тероризам во 2001 година во САД, како и сличните на нив настани кои се случија подоцна во Лондон и во други држави.

## СЕНЗАЦИОНАЛИСТИЧКИ НАСТРОЕНИ МЕДИУМИ

Слободата на медиумите произлегува од слободата на изразување која е гарантирана со меѓународните акти и претставува слобода на изразување на лично мислење, примање и испраќање на информации и идеи. Слободните медиуми, несомнено, се една од најзначајните придобивки на демократското општество и претставуваат релевантен показател за демократичноста на секоја држава. Медиумите се слободни да ги објавуваат информациите или сознанијата до кои дошле, а за кои ќе проценат дека се од интерес за јавноста. Притоа, новинарската слобода подразбира и извесна доза на претерување или дури и провокации.[120] Судската практика го заштитува не само слободното изразување „во поглед на информации и идеи кои се примаат со наклонетост.....“, туку и во однос на тие „кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или кој било дел од популацијата.“[121]

Поради својата природа, слободата на изразување и правото на приватност се во состојба на латентен судир. Ваквата состојба е особено изразена кога предмет на пренесување или објавување се информации од приватниот или семејниот живот на поединците или други сегменти од сферата на приватноста. Во случај на судир, „маргината на дозволеност“ сепак, налага да не се објавуваат информации со кои злонамерно ќе се предизвика душевна болка кај лицата на кои се однесува, или кај лицата кои можат да бидат засегнати од соодветната објава.[122]

Медиумите настроени кон објава на сензации се доживуваат како потенцијален ризик за приватноста на поединците затоа што оставаат впечаток дека по трката за профит, го занемаруваат фактот дека секој човек има право на минимум приватност и на интимност во личните и семејните односи.[123] Правото на приватност како да се става во сенка на објавувањето на сензација. Во однос на прашањето за судирот на правото на приватност наспрема правото на слободно изразување како

[120] Став на Европскиот суд за човекови права изразен во предметот Oberschlick v. Austria, A 204 (1991).
[121] Став на Европскиот суд за човекови праваизразен во предметот Handyside v. United Kingdom, A 24 (1976).
[122] Dropulić, J., *Pravo na privatni život i duševni integritet*, Vizura, Zagreb, 2002, стр. 131-138
[123] Дискутабилно е тоа што во некои држави, како САД на пример, во секој поголем град во рамките на телевизиските канали, функционираат мобилни групи кои вршат „постојан надзор“ над лекарски екипи за брза помош, полицајци и пожарникари во текот на извршување на нивните активности. Не ретко се случува новинарска екипа и сниматели да упаднат на местото на некој настан кој потоа како сензација го пласираат во јавноста.

посебно се наметнува прашањето за правото на приватност на личностите кои се експонирани во јавноста.[124]

Загрижува фактот дека не секогаш само приватноста на јавните личности е предмет на интерес на сензационалистичките медиуми. Во откриената тнр. афера Хакирани телефони, во јули 2011, беше обелоденета практиката на уредниците и новинарите во печатениот весник „News od The World" кои преку откривање на говорната пошта и СМС пораките, прибирале и објавувале информации од приватниот живот на јавни личности, но и на лица кои доживеале лична несреќа, а за чие објавување весникот проценувал дека би предизвикало зголемување на неговиот тираж. Овој бизарен скандал го наметна прашањето за границите на етичноста и за одговорноста на новинарите пред меѓународните и националните прописи со кои е гарантирано и заштитено правото на приватност. Скандалот остави силно чувство на сомневање дека, злоупотребувајќи ја слободата на изразување, новинарството сè почесто прибегнува кон сензационализам, поставувајќи ниски стандарди, наместо професионалност и објективност.

## ЗАКЛУЧОК

Софистицираните информациски системи за обработка на лични податоци, експанзијата на електронски средства за комуникација, примената на специјални мерки за превенција и контрола на организираниот криминал, како и сеназационалистички настроените медиуми, претставуваат потенцијални закани за правото на приватност како неприкосновено човеково право.

Заштитата на приватноста треба да се обезбедува преку ефикасно законодавство во кое се вградени меѓународните стандарди за гаранција на правото на приватност, како и со подигнување на јавната свест за значењето на приватноста како израз на физичкиот и духовниот интегритет на секоја индивидуа.

[124] На тема „Приватноста на јавните личности и слободата на информирање" на 9-ти/10-ти октомври 2012 година, во Скопје беше одржана работилница во организација на Дирекцијата за заштита на личните податоци од Скопје и TAIEX (Европски надзорен орган за заштита на личните податоци). Генералниот став од овој настан е изразен во заклучок дека фактот што одредени лица се експонирани во јавноста, предизвикува интерес за нивниот приватен живот кај останатите поединци. Меѓутоа, јавните личности, сепак, имаат право на одреден степен на приватност во сферата која се однесува на нивниот дом, семејство и интимен живот. Објавувањето на информации од овие сегменти, без нивна согласност, треба да се третира како повреда на загарантираното право на приватност.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Cate, F.H., Privacy in The Information Age, Brookings Institution Press, 1997
2. David H. Holtzman, Privacy lost: How technology is endangering your privacy, Jossey- Bass, San Francisco, 2006
4. Dropulić, J., Pravo na privatni život i duševni integritet, Vizura, Zagreb, 2002
5. Камбовски, В. Организиран криминал, Скопје, 2005
6. Јанкуловски, З., Заштитата на приватноста во Република Македонија: слобода од безпричинско влегување, пребарување и заплена, во Македонска ревија за казнено право и криминилогија, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, 1996, стр. 80-94
7. Јанкуловски, З., Заштита на приватноста во Република Македонија (потреба за измена на членот 17 од уставот на Република Македонија), Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Скопје, 2000, стр. 369-382
8. Рускоска, В., Илиевски, Ј. и де Лас Херас, М., Прирачник за практичари (Посебни истражни мерки - домашна и меѓународна практика*)* OSCE, Скопје, 2010
9. Цаца Николовска, М., Правото на слобода на изразување во корелација со правото на приватност, Судиска ревија број 2, година IX, Здружение на судии на Република Македонија, Скопје, 2003, стр. 13-31

удк 005.311.6:[339.187.44:640.412339.187.44:640.412

# ДОНЕСУВАЊЕ НА ВИСТИНСКИТЕ ОДЛУКИ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ХОТЕЛСКИ ФРАНШИЗИНГ[125]

**м-р Јордан Коцевски**
ул. Јане Сандански 59 1/8
Факултет за туризам и угостителство -Охрид
jokoc@yahoo.com

**Весна Коцевска**
ул. Јане Сандански 59 1/8
Факултет за туризам и угостителство –Охрид
vesna8933@gmail.com

## АПСТРАКТ

Една од главните карактеристики и движечки сили на современиот свет е процесот на глобализација. Како негови резултати се појава на исти производи, претпријатија, услуги и сл. во повеќе земји насекаде низ светот. Ваквите резултати ја наметнаа појавата на франшизата. Главната проблематика во овој труд е насочена кон тоа како да се донесе одлука за пристапување кон договор за хотелски франшизинг. При тоа посебно внимание ќе се посвети на тоа кои се придонесите од приклучување кон хотелски синџир, како да се направи вистинскиот избор и кои подготовки треба да се направат пред да се склучи договорот. Крајната цел е овој труд да му овозможи на читателот да донесе одлука за (или против) склучување на договор за хотелски франшизинг.

**Клучни зборови:** франшиза, франшизор, франшизер хотелски синџир, хотелска индустрија

## ВОВЕД – ФРАНШИЗА И НЕЈЗИНИ ЕЛЕМЕНТИ

Основен инструмент на франшизингот претставува договорот за франшиза, кој го склучуваат најмалку две договорни страни – франшизор (матичното претпријатие) и франшизер (корисник на франшизата).

[125] Стручен труд

**Договор за франшиза** претставува договор со кој давателот на франшизата се обврзува на корисникот на франшизата да му ги отстапи правата на користење на неговиот производ и/ или услуга, а корисникот се обврзува да го исплати соодветниот надомест за користење на истото.

**Франшизорот** е матичната компанија која ги отстапува правата за користење на сопствениот производ и / или услуга. Покрај физичкиот производ и услуга се врши трансфер на знаење, отстапување на правото за користење на логото на матичната компанија, се поставуваат стандарди за производот и/ или услугата како и за самиот објект, се отстапува право за користење на боите на компанијата и сл., а франшизорот може да врши и тренинг и обука на вработените на франшизерот за различни активности.

Се разбира дека за се ова што го овозможува франшизорот добива одреден **надомест** од франшизерот. Надоместот може да биде еднократен (со потпишувањето на договорот се врши исплаќање на одреден износ само еднаш), повеќекратен (кога се плаќаат дополнителни надоместоци за одредени услуги кои се користат) или континуиран (исплаќање во определени временски интервали – месечно, квартално, годишно и сл.).

**Франшизер** е лицето или претпријатието кое ќе го користи веќе изградениот имиџ на франшизорот, при што неговиот трошок е сведен на надоместокот и дополнителните трошоци за прилагодување кон барањата и стандардите за одредената франшиза.

Од сето ова јасно може да се виде дека со договорот за франшиза профитираат и двете заинтересирани страни.

## ПРИЧИНИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ХОТЕЛСКА ФРАНШИЗА

Хотелскиот франшизинг иако се јавува како понова форма на соработка од овој тип, сепак нуди големи можности за оние што се спремни да инвестираат во франшиза од некој од големите светски хотели. Се разбира тоа претставува голема инвестиција, но истата е и многу исплатлива. Постојат неколку причини зошто треба да се инвестира во хотелска франшиза:

• Хотелиерството е голема и многу профитабилна индустрија која се наоѓа во растечки циклус. Порастот на приходите и профитите е стабилен и континуиран, така да во однос на 90-те е речиси дуплиран. Во 2006 приходите во хотелската индустрија изнесувале 133.4

милјарди, додека отприлика 52% од маргиналниот бруто профит припаѓал на хотели кои се дел од хотелски синџир.[126]

• Хотелите се недвижности кои претставуваат вистински потенцијал за акумулирање на капитал. Иако хотелите претставуваат голема инвестиција во недвижно богатство, сепак тоа овозможува долгорочно и континуирано зголемување на богатството, а со тоа и наследство за оној кој инвестира и неговите поколенија.

• Хотелските франшизори донесуваат потрошувачи. Предноста на хотелската франшиза во однос на другите е фактот што франшизорот преку единствениот систем на резервации донесува работа директно пред вратата на франшизерот, без истиот да преземе нешто. Ниту една друга форма на франшиза не нуди ваква можност на директен бизнис.

• Хотелите придонесуваат за развој на општеството. И најмалиот хотел подразбира отворање на неколку работни места. Покрај тоа хотелите користат и купуваат најразлични добра и услуги од повеќе тела и физички лица во општеството. На овој начин со развојот на хотелите се придонесува и кон развојот на самата општина.

• Употребата на интернетот. Денес интернетот станува најмасовен и најкористен медиум, кој се почесто се користи како основен извор за информација. Но повеќе и од тоа, денес интернетот може да се користи за купување на најразлични производи и услуги, и она што ни оди во прилог – за извршување на целосна резервација. Под тоа се подразбира дека не само што модерниот турист има можност да се информира за хотелот за кој е заинтересиран, туку истиот може да изврши резервација преку интернет (on-line booking), наведувајќи ги сите желби и преференции. За ова зборува фактот дека 66% од редовните патници за задоволство, а кои користат хотели, сега го посетуваат интернетот кога планираат патување, додека 57% проценти вршат резервација преку интернет.[127]

## ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПОНУДЕНИТЕ ФРАНШИЗИ

Донесувањето на одлука за избор на една од понудените можности може да изгледа премногу тешко. Истражувањето е вистинскиот метод кој треба да се примени затоа што е клучно да се сработи „домашната задача“ пред да се донесе одлуката.

Во ваква ситуација кога се наоѓаме пред одлуката за станување дел од хотелски синџир и покрај тоа што постои голема возбуда, сепак

[126] Gross operating profit for Chain-Affiliated hotels published by Smith Travel Research included in April 1, 2007 UFOCs

[127] *Trends and facts about hotel franchises,* www.franchisedirect.com/travelfranchises/hotelfranchises/112

одлуката мора да се донесе систематски со претходни истражувања и анализа. Мора да се биде рационален, бидејќи одлуката водена од еуфоријата за влегување во хотелски синџир може да не го постигне вистинскиот ефект.

**Отворени опции.** Тајната на истражувањето на алтернативните франшизи се состои во нивна претходна анализа и чување на сите опции отворени. Дури и во случај кога хотелскиот синџир кој го фаворизирате е дел од понудените франшизори, сепак не треба да се ограничите на само таа опција. Најдобро е да се разгледаат најмалку две до три различни понудувачи на франшиза со цел да можеме да ги споредиме една со друга. После тоа се поставува прашањето која од нив најмногу ќе одговара на нашите можности, и која ја гледаме како долгорочно најпогодна.

Пред да се склучи договор за франшиза треба да се разгледаат и различните типови на франшиза кои се понудени. Доколку се пристапи отворено и без предрасуди тогаш може да се биде сигурен дека ќе биде направен вистинскиот избор. Откако ќе се направи листа од неколку интересни франшизи истите треба да се прегледаат внимателно и да се споредат со нашата идеа за бизнис. Во ваков случај одлуката нема да биде донесена врз основа на името на франшизорот.

**Поставување тешки прашања.** Интересен и значаен дел од истражувањето е поставувањето на прашања. Треба да се разговара со колку што е можно повеќе сопственици на франшиза од различни дејности пред да се прават било какви заклучоци. Вака најлесно ќе се дојде до дејноста која најмногу одговара на нашите финансиски потреби, стил на работење и вештини. Прашањата треба да навлезат длабоко во сржта на секоја дејност истовремено вадејќи ги и проблемите на површина. На овај начин одлуката за влегување во одреден бизнис ќе биде рационална.

При поставувањето на прашања треба да се биде храбар, без разлика на тоа дали одговорот што ќе го добиеме ќе биде позитивен или негативен. Поставувањето на прашања има за цел да се биде добро информиран, а само во таков случај шансите за успех со влегување во новиот бизнис ќе бидат многу поголеми.

**Селективност.** Не треба да се избрзува со истражување на целата листа на понудени франшизи. Треба да се направи селекција и да се анализираат две до три можности. На овај начин истражувањето ќе биде темелно и детално, што не може да се постигне доколку се анализираат сите можности.

**Повторување на процесот.** Процесот на истражување треба да се повтори толку пати колку што е неопходно да се најде франшизата која

најмногу одговара на очекувањата. Се инвестираат големи суми на пари и уште повеќе време за да се влезе во франшизата и почне со новиот бизнис, а иднината и среќата на инвеститорот зависат од донесената одлука. Затоа процесот на истражување не треба да биде краток и треба да се повторува се додека не ги добиеме сите сакани информации.

## КАКО ДА СЕ ИЗБЕРЕ ВИСТИНСКИОТ ХОТЕЛСКИ ФРАНШИЗОР

После донесувањето на одлуката за склучување договор за франшиза, следниот чекор е да се избере најповолниот франшизор. Тоа значи дека посебно внимание треба да се обрни при изборот на хотелскиот синџир кон кој сакаме да се приклучиме поради широкиот избор кој стои пред нас. Изборот воопшто не е едноставен –најдобриот хотелски синџир не мора да значи дека е и најисплатливата алтернатива. Токму затоа треба да се биде внимателен при изборот. Треба да се тргне од фактот што и двете страни треба да имаат корист. Така изборот може да се направи врз основа на она што франшизерот треба и може да го очекува од франшизорот:

• Хотелски синџир посветен на франшизинг. Некои хотелски франшизори можат да ја гледаат франшизата како едноставно проширување на нивниот бизнис, со што можат да склучат договор за франшиза со повеќе франшизери на помала оддалеченост. Со ова би ја зголемиле конкуренцијата помеѓу нив, и на тој начин сите би изгубиле. Се разбира ова не е поволен избор.

• Резултати од работењето во минатото. Дали и колку пропаднати или раскинати договори за франшиза има хотелскиот синџир? (ако е да, да се разгледаат причините пред да се донесе одлуката) Дали хотелскиот синџир ги постигнува очекувањата на инвеститорот?

• Веќе изградено име и/или можности за раст. Многу е важно да се земе во предвид дали и колку хотелскиот синџир е познат на туристите и патниците. Доколку се пристапи кон синџир на хотели кои воопшто не се познати, тоа би било како самите да работиме без франшиза. Токму затоа треба да се избере франшизор кој има одредено реноме.

• Фер договор за франшиза. Франшизерот е оној кој ги прави инвестициите –за самата франшиза, но и за изградба или прилагодување на објектот. Затоа пожелно е да најдеме адвокат кој би го разгледал секој дел од договорот, со цел да се осигура дали е фер истиот.

• Одговарање на прашања пред да се склучи договорот. Спремноста на franшизорот да одговори на било кое прашање на франшизерот поврзано со условите, правата и обврски на договорот за франшиза, зборува за негова спремност да излезе во пресрет во случај на проблеми.
• Колку селективен е франшизорот. Ставот на хотелскиот синџир за тоа со кого се сѐ спремни да склучат договор за франшиза зборува за нивната сериозност. Оние кои се со ставот дека секој заинтересиран е добредојден иако е пријателски, сепак зборува за ниски стандарди кои се поставуваат пред франшизерите. Со тоа можноста за неидентификување со матичната компанија е многу голема, а тоа подразбира и помала корист од договорот. Тоа не претставува поволен франшизор.
Откако сите овие елементи добро ќе се анализираат, тогаш сме спремни да го направиме нашиот избор.

## ПОДГОТОВКИ НА ХОТЕЛОТ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ХОТЕЛСКИ СИНЏИР

Доколку се решиме за пристапување кон определен хотелски синџир врз основа на претходни детални анализи и споредби, тогаш наредниот чекор е да го подготвиме нашиот хотел за прифаќање и примена на сите стандарди кои хотелскиот синџир ги наметнува.
**Анализа на пазарот.** Првиот чекор во подготовките, пред да се избере локација, е изработка на прелиминарна анализа на пазарот и физибилити студија. Оваа студија треба да ги содржи следните компоненти:

- Анализи на профилот на окружувањето - општината (бизнис клима, транспорт, образование, атракции, културни и останати настани,како и квалитетот на живот)
- Евалуација на околината на локацијата (пристапност, видливост, конкуренција и сл)
- Историска (за неколку години наназад) анализа на резултатите на пазарот, како и идните трендови во понудата и побарувачката, и искористеноста на капацитетите
- Подготовка за пет или десет годишна анализа за изработка на одлив и прилив на пари
- Конечен, збирен извештај за собраните информации, анализи и препораки.

**Анализа на локацијата.** Кога се избира локацијата за хотелот, следните позитивни и негативни атрибути треба да се земат во предвид:

• Позитивни атрибути: растечката економија, порастот на населението, проширување на бизнисот или негово релоцирање во областа, зголемувањето на патниците кои патуваат со авион, како и зголемување на капацитетите и подобрување на капацитетите на аеродромите, ресторани, трговци, туристички атракции итн., изведба на идни проекти (комерцијални, индустриски, станбени, хотели) и инфраструктурни изведби и подобрувања.

• Негативни атрибути: недостиг на хотели, стагнација на пазарот, намалување на популацијата, високи стапки на невработеност и слабо развиен туризам.

Секој од овие атрибути треба да биде добро анализиран, со цел да се направи споредба помеѓу влијанието на позитивните наспроти негативните атрибути, со цел да се избере најповолната локација.

**Архитектура, конструкција и дизајн.** Пред да се започне со изградбата треба да се направат неколку планови. Така прелиминарниот план на локацијата се однесува на бројот на собите кои може да ги има објектот во рамките на најдобро искористување на локацијата; изработка на проект за градба; ориентацијата на градбата; планирање на паркинг и број на спратови.

Изработка на концептуалниот план е со цел да се потцртаат спецификациите и програмирањето (димензии и неопходен простор) кои се неопходни за да се почне со дизајнирањето на ентериерот. Покрај овие можат да се изведат уште неколку планови кои се однесуваат на архитектурата, а кои мора да бидат изведени од архитект, пожелно некој кој претходно работел на дизајнирање на хотели. Оваа активност започнува со предвидување на трошоците, неопходни за изградбата на хотелот. На овој начин ќе можеме да го избереме најдобриот понудувач –градежна фирма.

При донесувањето на одлуките за изгледот на ентериерот на хотелот, најпрво треба да се тргне од стандардите кои ги поставува хотелскиот синџир кон кој сакаме да пристапиме. Доколку тие се прецизно наведени треба да се држиме до истите, во спротивно треба да ги земе во предвид следните елементи: марката на предметите, цената, материјалот од кој се изработени, рокот на траење, бојата и сл.

Проектот на хотелот во основа зависи од тоа дали се работи за изградба на нов хотел или прилагодување на веќе постоечки објект. При тоа, зависно од стандардите кои ги наметнува хотелскиот синџир, истиот може да биде изведен од страна на надворешно –независно лице, внатрешно лице од хотелот или внатрешно лице од хотелскиот синџир. Без разлика кој го спроведува истиот, проектот на хотелот ги опфаќа следните актиовности:

• неопходни активности за хотелот да биде отворен на време (нарачка и распоред на елементите на ентериерот; план и тренинг на кадрите и сл.)
• идентификување на продуктите кои треба да се купат и добавувачот на истите
• селкција на изведувач на проектот
• завршување на неопходната документација
• инсталација на уредите, компјутерите и тренинг на вработените

**Функционирање на хотелот.** Ова всушност се однесува на градење на хиеархијата на вработените во хотелот, како и одделенијата кои ќе функционираат во рамките на истиот. При тоа треба да се обрне внимание сето тоа да се направи зависно од големината и потребите на хотелот. Посебно треба да се внимава во изборот на кадарот на повисоките нивоа на менаџмент, пред сè на нивните способности и вештини да раководат со ваков објект но и да бидат лидери кои ќе ги водат вработените до остварување на зацртаните цели. Откако ќе се изберат менаџерите (или менаџерот) за секое работно место (рецепција, кујна итн.) треба да се направи опис на работното место и спецификација на способности кои се бараат од секој кој конкурира за истото.

Се разбира за успешното функционирање на хотелот не се доволни само човечките ресурси. Токму затоа треба да се направат буџетни подготовки, односно финансиски план. Тоа значи предвидување на приходите и расходите кои хотелот би ги имал од отпочнувањето со работа за одреден временски период.

**Односи со јавноста.** Едно од најмоќните оружја за полесно освојување на пазарот и континуирано зголемување на бројот на посетителите се односите со јавноста. Овие активности можат значително да ја подобрат претставата која јавноста ја има за нашиот хотел доколку се знае како успешно да се манипулира со нив. Во спротивно истите би имале негативен ефект. Токму затоа од посебно значење е да се обрне внимание медиумската покриеност да биде спроведена во вистинскиот момент и да се искористи вистинскиот медиум за тоа (ТВ, радио, интернет и сл.), при што овие активности треба да допрат до целната група, да го привлечат и задржат нејзиното внимание, да ја информираат истата и да ѝ дадат можност за понатамошен контакт и дополнителни информации.

Сериозното пристапување кон подготвителните активности за изградба или преуредување на веќе постоечкиот објект ќе ни овозможат навремено отпочнување со работа и функционирање на објектот според направените планови. Покрај тоа нашиот хотел ќе биде препознаен

како дел од соодветниот хотелски синџир и на тој начин успешно и максимално можат да се искористат сите бенефиции кои доаѓаат од договорот за франшизинг.

## ЗАКЛУЧОК

Значењето на договорот за франшиза и приклучување кон хотелски синџир е од посебно значење во хотелската индустрија. Тоа е средство со кое многу може да се олесни работата на хотелот, да се подобри финансискиот резултат преку зголемување на посетеноста, да се овозможи полесен и подобро насочен раст и развој, да се искористи know-how од франшизорот итн. Меѓутоа приклучувањето кон хотелски синџир подразбира и бројни финансиски трошоци, промени и адаптации кои хотелот треба да ги направи. Токму затоа во вниманието на овој труд беше ставен процесот на донесувани одлуки. При тоа најважната одлука се прави на самиот почеток, а тоа е одлуката за склучување на договор за франшизинг. Оваа одлука треба да се направи земајќи ги бројните предности кои ги овозможува договорот за франшизинг, во споредба со финансиските и опортунитетните трошоци.

Понатамошниот процес на донесување на одлуки е насочен кон избирање на франшизорот со кого би соработувале во иднина. Во оваа фаза е многу важно да се биде објективен и без предрасуди да се разгледаат и анализираат повеќе хотелски синџири. При донесувањето на одлуката за склучување на договор, треба да се избере франшизор кој не создава конкуренција помеѓу своите франшизери, чии франшизери имаат позитивни резултати од работењето во минатото (посебно во однос на период пред да станат дел од хотелскиот синџир), франшизер кој го помага инвестициониот процес (во однос на промени и прилагодувања и/или изградба), чии стандарди не се премногу ниски; и најважно од сè франшизор чие реноме и име е добро познато на потенцијалните туристи (целната група). Овие се најважните одлуки кои треба да се донесат, бидејќи од нив зависи понатамошниот успех на работа на хотелот во рамките на одреден хотелски синџир.

Процесот на одлучување продолжува во насока на донесување одлуки за изградба, доградба, прилагодување и измени во насока на одговор на стандардите поставени од страна на франшизорот. Одлуките во подготвителната фаза се полесни за донесување бидејќи истите треба да ги следат упатствата на франшизорот кој е избран во претходниот процес на одлучување.

Според тоа доколку се следат дадените упатства при донесувањето на одлуки за склучување на договор за хотелска франшиза, почнувајќи од одлуките дали да се пристапи или не, преку изборот и подготвителните активности, тогаш можеме да се увериме дека сме ги донесле вистинските одлуки и дека сме го извлекле максимумот од договорот за франшиза искористувајќи ги сите негови предности.

Што се однесува до состојбата во Република Македонија, треба да се земе во предвид дека Македонија само што почнува да се открива како туристичка дестинација за голем дел од меѓународниот туристички пазар. За тоа се доказ организираните групи кои доаѓаат од Холандија, Австрија, Германија, Кина, Јапонија и др. земји. Токму во вакви едни услови сметаме дека условите се созреани за приклучување кон хотелски синџир, и тоа некој од светски познатите, без разлика дали тоа ќе претставува инвестиција во нов хотел или пак приклучување на веќе постоечки. За тоа зборува и влегувањето на „Holiday inn“ во Скопје, преку приклучување на „Гранд хотел“ кон овој синџир. Преку приклучувањето кон хотелски синџир кој е светски познат ќе се овозможи сигурност и доверба за квалитетот на услугите кај странските туристи, со што би се подобрило и реноменота на нашата земја како туристичка дестинација. При тоа би истакнале дека дадените упатства за донесување одлуки при склучување на договор за хотелски франшизинг во овој труд се универзални, и можат да бидат применети од било кој хотел во Македонија кој сака да стане дел од хотелски синџир.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Аврамоски М., *Хотелиерство,* Центар за научно-истражувачка работа -ФТУ, Охрид, 2007

2. Ракичевиќ Г., *Менаџмент во туризмот и угостителството,* Центар за научно-истражувачка работа -ФТУ, Охрид, 2007

3. Симонческа Л., Ракичевиќ Г. (2008), *Специфичности на менаџментот во туризмот и угостителството*, Центар за научно-истражувачка работа -ФТУ, Охрид, 2008

4. Beattie L. (н.д.), *How Franchising Works,* Franchise prospector [WWW]. Достапно на: www.franchiseprospector.com/franchising/how-franchising-works.php [пристапено на 13.04.2012]

5. Beattie L. (н.д.), *Researching Franchise Opportunities,* Franchise prospector [WWW]. Достапно на: www.franchiseprospector.com/ franchise-research/ [пристапено на: 13.04.2012]

6. Choice Hotels International, *Development Handbook,* [WWW]. Достапно на: www.choicehotelsfranchise.com [пристапено на 14.04.2012]
7. Franchise direct (н.д), *Trends and facts about hotel franchises,* [WWW]. Достапно на: www.franchisedirect.com/travelfranchises/hotelfranchises/112 [пристапено на 14.04.2012]
8. Kosar L. (2002), *Hotelijerstvo,* Visa hotelijerska skola, Beograd, 2002
9. Smith Travel Research Global (2007), *Gross operating profit for Chain-Affiliated hotels,*[WWW]. достапно на: www.strglobal.com [пристапено на 14.04.2012]

удк 338.48-2-05

# ЗНАЧЕЊЕТО И УЛОГАТА НА САТИСФАКЦИЈАТА КАЈ ТУРИСТИТЕ[128]

**м-р Дејан Галовски**

Благоја Тоска 41/17 1200 Тетово

dejangalovski@gmail.com

## АПСТРАКТ

Една од најрастечките гранки и двигател на националните економии е турзмот. Во последниве години секоја земја низ целиот свет превзема низа чекори за да го зголеми број на посетители во нивната земја. За успешно да се привлечат посетители - туристи и да се задоволат нивните потреби треба да се имплементираат многу стратегии, правилно да се сегментира туристичкиот пазар и на најдобар можен начин да се примени маркетингот во туризмот.

Задоволството на туристите е најважна работа за компаниите, бидејќи тие се нивното најсилно оружје во борбата на пазарот со конкуренцијата и затоа компаниите треба да тежнеат кон концептот на тотална сатисфакција на потрошувачите кој е сигурен начин на создавање на лојални потрошувачи, кои потоа тешко се откажуваат од производите и услугите на компанијата.

**Клучни зборови:** туризам, туристи, сатисфакција на туристи

## ВОВЕД

Денес, сите компании треба целосно да се фокусираат кон потрошувачите т.е кон задоволување на нивните желби и потреби. Успехот на една компанија зависи од степенот на задоволството на потрошувачите, значи доколку еден потрошувач е тотално задоволен од производот или услугите на една компанија тој тешко ќе се одлучи да го смени својот избор и станува лојален потрошувач на таа компанија, а најголемиот дел од профитот на една компанија го прават токму лојалните потрошувачи. Исто така задоволните и лојалните потрошувачи се најдоброто маркетинг средство за привлекување на останатите потрошувачи, особено во туризмот, бидејќи туристите

[128] Прегледан научен труд

користат една комплексна низа на производи и услуги и нивните препораки и искуства се од особено значење за идните поторшувачи. Доколку потрошувачот не ги задоволил своите потреби по купувањето или е помалку задоволен се претпоставува дека неговото незадоволство ќе влијае на индите одлуки како, каде и што ќе купува.

Основна цел на маркетинг активностите на компаниите кои делуваат во областа на туристичката индустрија покрај развивањето на услуги, обезбедувањето на соодветен услужен амбиент, интерната и екстерната комуникација и следењето на конкуренцијата и новитетите во окружувањето е задоволувањето на желбите и потребите на туристите на начин со кој се обезбедува нивната сатисфакција, а со тоа и зголемување на продажбата на туристичкиот производ и остварување на профит на долг рок.

## САТИСФАКЦИЈАТА НА ТУРИСТИТЕ И НЕЈЗИНОТО ЗНАЧЕЊЕ

Сатисфакцијата претставува чувство кое резултира со споредување на очекуваните со реалните т.е добиените вредности од производот [[1]]. Значи, сатисфакцијата е чувство кое се случува во пост-куповната фаза со конзумирање на производот, користење и перцепирање на истиот. Бидејќи сатисфакцијата е емоционална состојба, реакциите на купувачите по купувањето можат да вклучат лутина, незадоволство, иритација, неутралност, задоволство или одушевување [[2]].

"*Туристичката сатисфакцијата*" е еден од најдискутираните концепти во областите како што се маркетингот во туризмот и социологијата на туризмот [[3]]. Ова не е за изненадување, бидејќи во голем дел туристичката индустрија зависи од нивоата на задоволство на туристите. Формалните социолошки анализи за "*туристичкото задоволство*" може да им помогнат на креаторите на политиката во "областа на дестинација" и т.н. "provider countries" во изградба на што покреативни маркетинг политики, како и структура и инфраструктура на туризмот која ќе биде посилна и поконкурентна.

Сатисфакцијата на потрошувачите во туризмот може да се манифестира на повеќе начини, и тоа: а) како потврда дека е купен добар туристички производ или услуга; б) како задоволство од перформансите на купениот производ или услуга и на крај, в) како воодушевеност од карактеристиките. Сатисфакцијата понекогаш може да означува и ослободување на претпоставки од негативен контекст како на пример, *не сме морале долго да чекаме на аеродром.*

Потрошувачите создаваат одредени очекувања пред да го купат туристичкиот производ или услуга. Тие очекувања може да бидат во врска со природата и перформансите на производот или услугата, трошоците и напорите кои претходат од непосредните користи од производот или услугата и директните користи или трошоци за потрошувачите. Очекувањата се засноваат на претходните искуства, мислењата на семејството, пријателите и информациите и ветувањата од промотивните инструменти на претпријатието и конкуренцијата [4].

Истражувањата покажуваат различни индикации, и тоа: постарите потрошувачи помалку очекуваат, а се задоволни од купениот производ; повисокиот степен на образование на потрошувачот асоцира на повисок степен на сатисфакција; додека мажите се повеќе задоволни од купениот производ во однос на жените. Сите потрошувачи се задоволни кога производот или услугата ги исполнува или надминува нивните очекувања.

Задоволувањето на туристите е важно поради три главни причини [5]:

- Тоа доведува до позитивна препорака кај пријателите и роднините која се применува од уста-на-уста (word-of-mouth) за производот, кои пак донесуваат нови клиенти.
- Креирање на постојани клиенти и нивно задоволување при првата употреба на производот, кои се постојан извор на приходи, без потреба од дополнителни маркетинг трошоци.
- Справувањето со жалби е скапо, долготрајно и лошо за угледот на организацијата. Освен тоа, може да донесе и директни трошоци преку плаќање на надоместоци.

Додека квалитетот на услугите коинцидира со атрибутите на услугата и развојот на позитивна перцепција за услугата, задоволството се однесува на психолошкиот исход што произлегува од искуство од користењето на услугата или чувствата и емоциите на клиентите создадени како одговор на евалуацијата на услугата и искуството од услугата. Обично висок квалитет на услугата, која развива позитивни перцепции за неа, резултира со високо задоволство, додека лошиот квалитет на услугата развива негативни перцепции за услугата и незадоволство. Така, квалитетот на услугите го одредува задоволството на клиентите, додека двете се многу зависни од перцепцијата за квалитетот на услугата. Често, давателите на услуги со нивното однесувањето кон клиентите, вербалните способности, познавањето на нивните потреби, имаат желба да им излезат во пресрет на клиентите и да ги направат повеќе задоволни, а не чисто механички да ја испорачаат услугата. Така, позитивната социјална интеракција меѓу

давателот на услугата и корисникот може да резултира со високо задоволство од услугата и да го надомести нискиот квалитет на механичкиот процес на услугата [6].

Во иднина маркетинг миксот ќе мора да се прилагоди на туристите и да се развиваат нови облици на понуди кои ќе ги надминат очекувањата на туристите. Исто така, важно е да се врамнотежат стандардизацијата и деверзификацијата, а квалитетот да има пресудна улога во однос на цената.

## КОНЦЕПТОТ НА ТОТАЛНА САТИСФАКЦИЈА НА ТУРИСТИТЕ

Последните истражувања во маркетингот и однесувањето на потрошувачите во преден план истакнуваат дека за деловниот успех на пазарот е потребно да се постигне т.н. тотална сатисфакција на потрошувачите. Под концептот на *тотална сатисфакција на потрошувачите* (TSC - Total consumer satisfaction) се подразбира ситуација во која производот или услугата во потполност ги исполнува барањата и желбите на потрошувачите. Концептот е дефиниран од стојалиште на потребите и интересите на потрошувачите, значи надвор од претпријатието. Истовремено концептот коренспондира со концептот на менаџмент на вкупен квалитет (TQM - Total quality management) кој е создаден внатре и за потребите на претпријатието. Заедничко за овие два концепти е дека стандардот или пазарната мерка за успешност на претпријатието се наоѓаат во највисокиот можен степен на задоволување и исполнување на барањата и желбите на потрошувачите [7].

Концептот на тотална сатисфакција на потрошувачите претставува способност и напор на претријатието во конкурентски пазарни услови што подобро да ги задоволи барањата и желбите на потрошувачите. Се работи за повисок степен на задоволување на потребите и желбите на потрошувачите, што во развиените друштва се вклучува под поимот зголемување на квалитетот на животот. Во пазарната пракса се случува да понудените производи бидат технички и функционално совршени, но сепак да не ги исполнуваат или во помал степен да ги задоволуваат барањата и желбите на потрошувачите. Ова од претпријатието бара да биде “подобро од најдобрите” во задоволувањето и исполнувањето на барањата и желбите на потрошувачите. Затоа мисијата на модерните туристички претпријатија е дека мораат да креираат и испорачаат дополнителна вредност (вредност плус) за потрошувачите. Деловните активности се процес со

кој се креира вредност, при што создавањето на таа вредност ја означува суштината и целта на постоењето и развојот на претпријатието.

За да креираат вредност, претпријатијата мораат да инкорпорираат значајни атрибути и елементи во својата понуда (производ/услуга). Ова може да се постигне со унапредување на квалитетот, иновации, прилагодување на производот/услугата на специфични барања, предупредувања, гаранции, сервис и друго. Исто така, вредностите се постигнуваат со политика на цени, услови на плаќање, ексклузивна понуда, персонална комуникација и друго [8].

Како илустрација во туристичката активност може да послужат следниве примери [9]:

- На Запад одамна се разработени стратегии, како хотелската соба да ја "реконструира интимната атмосфера на домот". Во тој контекст, присуството на телевизор, музички уреди и можноста да се користи компјутер во соба не се само нешта за удобност, туку предмети кои впечатливо го симболизираат домашното секојдневие на гостинот.
- Слоганот "секој *Hilton* е Америка во мало", произлегол директно од наведените потреби (телевизор, музички уреди итн), но во последно време се присутни тенденции да се пронајдат оптимални решенија за нивното задоволување, а да не се наруши клучната специфичност, локалната култура. Во таков концепт, од голема важност е комуникацијата и однесувањето на вработените на рецепција спрема гостите: започнувајќи од познавањето на странски јазици, до спремноста да излезат во пресрет на желбите кои ги имаат гостите и значајно да влијаат на намалувањето на стравовите од непознатото окружување.

Степенот на сатисфакција на потрошувачот - туристот со извршеното купување непосредно влијае на повторен избор на истиот услужен процес и создавање на лојалност. Според Kotler [10], трошоците за привлекување на нови купувачи се значајно поголеми од трошоците за одржување на задоволството на сегашните купувачи. За жал, поголемиот број на маркетинг теории и практични активности многу повеќе се насочени кон привлекување на нови потрошувачи, отколку кон задржување на постоечките. Загубата на профитабилните потрошувачи може да влијае на вкупното работење и затоа претпријатијата немаат избор, па мораат да имплементираат програми за менаџмент на вкупен квалитет. Вкупниот квалитет е клуч за создавање вредности и задоволства на потрошувачите.

## ФАКТОРИ ЗА ЗАДОВОЛСТВО ИЛИ НЕЗАДОВОЛСТВО НА ТУРИСТИТЕ

Во текот на пост-куповната фаза, корисниците продолжуваат со процесот и наидуваат на фазата на оценување на квалитетот на услугите и задоволството или незадоволството од искуството со услугата [11]. При евалуирањето, задоволството може да се следи на скалата од потполно незадоволство до воодушевување. Задоволството на купувачите не може прецизно да се предвиди, но може да се следи, се со цел откривање на можностите за подобрување и планирање на квалитетот. Неефективните процеси, непожелните карактеристики и слабиот квалитет на производот се фактори кои предизвикуваат незадоволство и нивното постоење и неотстранување влијае врз падот на задоволството на купувачите.

Големите тур-оператори во Велика Британија обично дистрибуираат прашалници за оценка на задоволството на клиентите на сите патници кои се враќаат од одмор од странство, обично за време на летот за дома. Со таквите прашалници се бара рејтингот од сите аспекти на одморот, со користење на нумеричка скала, како што се 4 = одличен, 3 = добар, 2 = фер и 1 = лош [12]. Со ваквите прашалници се оценува ефикасната работа на претпријатијата и се октриваат факторите кои предизвикале задоволство или незадоволство кај клиентите.

Факторите кои предизвикуваат задоволство се позитивни карактеристики на производот или услугата и позитивно влијаат на задоволството на потрошувачите. На пример, со намалување на цената на производот купувачот остварува поголема вредност за него и со тоа е повеќе задоволен. Исто така, поширокиот асортиман и поголемата можност за избор се фактори за задоволство на потрошувачите. Но, факторите кои предизвикуваат задоволство не можат да ги компензираат факторите кои предизвикуваат незадоволство. На пример, ниската цена и брзата испорака брзо се заборавaат доколку по испораката производот е оштетен.

Многу фактори можат да влијаат на задоволството на туристот. Националните туристички администрации немаат контрола на некој од нив, иако постојат одредени фактори кои можат да се регулираат или едноставно да се влијае врз нив. Сите овие фактори се групирани во четири категории:

1. *Фактори кои не можат да се контролираат*:
   - светскиот економски раст и монетарната криза,

- бавниот раст на приходите на клиентите на главните туристички пазари на услуги,
- независните варијабли кои влијаат на физичката и културната средина на земјата на туристичката дестинација.

2. *Фактори кои можат да се регулираат*:
    - публицитетот,
    - подоброто информирање.
3. *Фактори врз кои може да се влијае*:
    - цените на хотелските и ресторанските услуги, нивната класификација,
    - креирањето на нови производи,
    - одржувањето,
    - сигурноста и заштитата на потрошувачите,
    - забавата.
4. *Конкурентски фактори*

Слика 1. - Извори на стрес за туристите




Извор: (Horner and Swarbrooke, 2007, p. 218)

Постојат два важни лични фактори кои влијаат на задоволството на потрошувачите, а тоа се стресот и возбудата. *Стресот* предизвикан од било кој аспект од искуството од одморот води кон туристичко незадоволство. *Стресот* може да произлезе од различни извори, како што може да се види од сликата 1.

Во туризмот, клучна улога играат и маркетинг посредниците, особено туристичките агенции. Нивните услуги се од големо значење за повеќето туристи и имаат големо влијание врз нивното крајно задоволство или незадоволство поради тоа што [[13]]:

- даваат совети за дестинации и хотели соодветни за клиентот,
- прават резервации и издаваат билети,
- го советуват туристот за здравствените прашања и имиграциските формалности во дестинациите,
- земаат пари од клиентот во име на тур-операторот,
- работат со жалби во име на клиентот.

Секој од овие фактори или може да го подобри или да го намали квалитетот на туристичкото искуство.

## ЗАКЛУЧОК

Туристичката сатисфакцијата е еден од најдискутираните концепти во маркетингот во туризмот. Сатисфакцијата е важна за претпријатието за да знае дали со перформансите и квалитетот на нивниот производ или услуга ги задоволиле очекувањата на туристите и до кој степен. Задоволството на потрошувачите од производот или услуга за туристичкото претпријатие резултира со зголемена лојалност на корсниците и позитивна усмена пропаганда, а тоа е една од најголемите вредности за претријатието. Концептот на тотална сатисфакција подразбира ситуација во која производот или услугата во потполност ги исполнува барањата и желбите на потрошувачите. Многу фактори влијаат врз задоволството или незадоволство на турситот од купениот производот или услуга. На некои од тие фактори може да се влијае, некои можат да се регулираат, но некои едноставно не можат да се контролираат.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Kotler, P., *Upravljanje Marketingom*, deveto izdanje, MATE d.o.o., Zagreb, p. 40, 2001
2. Lovelock, C., and Wright, L., *Principles of Service Marketing and Management*, Prentice Hall, USA, p. 272, 1999
3. Schofield, P., Deciphering day-trip destination choice using a tourist expectation/satisfaction construct. In: A. G. Woodside et al. (Eds), *Consumer psychology of tourism, hospitality and leisure.* Oxon, Cabi Publishing, New York, p. 269, 2000
4. Zivkovic, R., *Ponasanje i zastita potrosaca u turizmu*, Univerzitet Singidunum, Beograd, p. 144, 2009
5. Swarbrooke, J., and Horner, S., *Consumer Behaviour in Tourism*, Second edition, Butterworth-Heinemann, Oxford, UK, p. 213, 2007
6. Reisinger, Y., *International Tourism: Cultures and Behavior*, Butterworth-Heinemann, Oxford, UK, p. 240, 2009
7. Maricic, B., *Ponasanje potrosaca*, Ekonomski Faklutet, Univerzitet Beograd, Beograd, p. 399-401, 2009
8. Zivkovic, R., *Ponasanje i zastita potrosaca u turizmu*, Univerzitet Singidunum, Beograd, p. 152, 2009

9. Zivkovic, R., *Ponasanje i zastita potrosaca u turizmu*, Univerzitet Singidunum, Beograd, p. 153, 2009
10. Kotler, P., *Marketing Management*, Ninth Edition, Prentice-Hall International Inc., New Jersey, p. 42-48, 1997
11. Lovelock, C., and Wright, L., *Principles of Service Marketing and Management*, Prentice Hall, USA, p. 90, 1999
12. Middleton, V., and Clarke, J.R., *Marketing in Travel and Tourism,* Third edition, Butterworth-Heinemann, Oxford, UK, p. 184, 2001
13. Swarbrooke, J., and Horner, S., *Consumer Behaviour in Tourism*, Second edition, Butterworth-Heinemann, Oxford, UK, p. 217, 2007

удк 351.746.2:343.131.4

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ИСТРАЖУВАЧКОТО ИНТЕРВЈУ СО ОСОМНИЧЕНИОТ ВО ПОЛИЦИСКИТЕ ИСТРАГИ[129]

**д-р Драгана Батиќ**

**м-р Богданчо Гогов**

Факултет за безбедност-Скопје

dbatic@yahoo.com

bgogov@t-home.mk

## АПСТРАКТ

Една од примарните должности на полицијата е детекцијата на криминалот. Полицијата е одговорна за истражуавање на криминалните дела, а дел од тој процес секако е интервјуирање на осомничените, сведоците, жртвите и пријавителите.

Контактите и комуникацијата меѓу граѓаните и полицијата се многу важни за полициската работа и безбедноста во општеството и затоа треба да се градат врз основа на меѓусебно почитување на достоинството и човековите слободи и права и тогаш кога се работи за лица за кои постојат сомненија дека сториле кривични дела или други деликвентни однесувања. Тие, во Р.Македонија се нормативно уредени во Законот за кривична постапка , Законот за полиција и други подзаконски акти. Во едно демократско општество од полицијата се очекува да биде напристрасна, професионална, ефикасна и правична. Често, желбата на полицијата ( како и очекувањата од граѓаните, политичарите,) да биде ефикасна во работата, ги занемарува човековите слободи и права и етички вредности.

**Клучни зборови:** истражувачко интервју, полициска истрага, осомничен, признание

[129] Прегледан научен труд

## ВОВЕД

Истражувачкото интервју е термин кој се користи во Велика Британија за да опише полициско интервјуирање на осомничен, сведок, жртва и пријавителите чиа главна цел е да соберат информации за фактичката состојба. „Истражувачкото интервју што го спроведува полицијата во голема мерка се разликува од другите видови интервјуа. Тоа е така бидејќи полициските службеници спроведуваат интервју кое за предмет на разговор најчесто има информации од доверлива природа“ (Roso, 1988).

Традиционално, главната цел на интервјуирање на осомничениот е добивањето на признанието, кое се користи како доказ на судот против осомничениот (Gudjonsson,1992). Според законските решенија во Македонија признанието на осомничениот пред полицијата неможе да се користи како доказ во судската постапка, но тоа не го намалува значењето на истражувачкото интервју во откривањето и разјаснувањето на криминалитетот.

Од криминалистички аспект целта на водењето на разговорот е добивање на релевантни факти, непосредни докази и индиции и преку него треба да се добијат одговори на деветте златни правила на криминалистиката (Злате Димовски,2007/2008).

Користењето на ова полициско овластување има широка примена и како што утврдил Гордан Калајџиев (2004) во 500 полициски предмети т.н. информативен разговор е извршен со осомничените во 70% од разгледуваните случаи.

Во пракса, полицијата има развиено различни техники на испрашување. И покрај тоа што нема податоци и релевантни истражувања во Р.Македонија до крајот на минатиот век (во поранешниот политички систем) во полициските станици осомничените беа физички малтретирани, а во полесните случаи им се презентираа лажни податоци за нивната вина, поставувани сугестивни прашања, давани лажни ветувања дека доколку го признаат делото полесно ќе поминат и слично. Позната техника на испрашување е минимизирање или максимизирање на кривичното дело и одговорноста на осомничениот. Во случаите кога се користи минимизирање се прави обид да се намали одговорноста на осомничениот, што ќе резултира во донесување на одлука да се признае делото, додека при максимизирање криминалистот со несоодветно зголемување на последиците од кривичното дело а со тоа и вината на осомничениот се обидува да му наметне силно чувство на вина ( Kassin &McNall, 1991). Дека ваквата пракса во Македонија не е

сосем надмината сведочат и неколкуте пресуди на Европскиот суд за човекови права (како што се случаите Џеладинов и други против Република Македонија; Јашар против Република Македонија)[130].

Во посетите на нашата замја Европски комитет за превенција од тортура (во 1998 и 2001година) констатирал дека во Р.Македонија нема пропишана процедура за водење на полициски распит, а таквата состојба е присутна и во наредните години. Инаку, Комитетот предвидува правила кои се однесуваат на правата на лицата за време на полицискиот распит како што се: да биде информиран за идентитетот на присутните лица на распитот, за времетраењето на распитот, да има време за одмор додека трае распитот, да се примени посебен трерман за лица под дејство на лекарства, дрога или алкохол, да се води записник за текот на распитот и друго (Катерина Крстевска, 2007/2008).

Но дали полицијата кога има основи на сомнение, односно доволно податоци, информации, материјални докази, релевантни сведоци, треба да воспоставува комуникација со осомничениот, да го поттикне на разговор за да може да го испраша. Одговорот е несомнено потврден, бидејќи осомничениот има право да ја презентира својата вистина ( се разбира може да молчи и така да се брани) при што може да го објасни своето однесување, да укаже на докази со кои не располага полицијата, и да даде алиби кое го исклучува од кривично правниот настан. Впрочем, во основата на кривичното право а во таа смисла и на кривично процесното право е оној што е невин да не се вовлекува во постапка водена против него од страна на државата. Истото важи и за полициската постапување при извидите на кривичните дела и можните сторители. Доколку се добијат релевантни докази дека осомниченото лице не е поврзано со одредено кривично дело, полициската постапката против него треба веднаш да се прекине.

Генерален пристап кон полициското интервјуирање во Америка последните 50 години, според Лео, се движи од користење на физичка принуда кон користење на психолошка манипулација и измама. Овие техники можат да бидат крајно ефективни во кршењето на отпорот на осомничениот за време на интервјуто (Onbau, Reid & Buckley, 1986). За жал, овие техники не се лишени од опасност (Leo, 1992) и затоа е важно да се укаже на несаканите последици од манипулативното интервју .

[130] Судот и во двата предмета утврди дека постои повреда на член 3 од Конвнецијата во врска со неуспехот на надлежните органи да обезбедат ефикасна истрага во врска со тврдењата на жалителот дека бил подложен на нечовечко и деградирачко однесување во полицијата.

Со цел да се надминат споменатите слабости, во Англија започнува да се применува Police and Criminal Evidence Act (PACE) (Home Office, 1985a) и Codes of Practice (Home Office, 1985b, 1991). PACE има најмногу импликации врз начинот на кој се применува интервјуто во полициската практика во Англија (Gudjonsson, 1992a, 1993). Две најиновативни измени во правец на зајакнување на вистинитоста и фер спроведување на полициското интервју е поврзано со воведување на снимање на интервјуто и со воведување на „соодветни возасни" за да се заштитат вулнерабилни поединци (ментално ретардираните и малолетници). Тоа се обично независни лица како социјални работници, психолози или психијатри. Нивната функција е да се уверат дека интервјуто е фер, да го советуваат осомничениот и да ја поттикнат комуникацијата.

Пристапот кој се препорачува во интервјуто е принципот на неконфронтирањето, каде се нагласува добивање на информации повеќе отколку добивање на признание.

Моделот на интервиуирањето PEACE ги содржи следните елементи:

**P**-(preparation , planning) подготовка и планирање, односно почитување на одредени процедури пред интервјуто;

**E**-engage and explain вклучување и објаснување ( на почеток на разговорот се воспоставува однос и се обезбедува рамка за водењето на интервју);

**A**-account –полагање на сметка (фаза во која се повикува на сеќавање на соговорникот, се користи когнитивно интервју);

**C**—closure- затворање (полицискиот службеник дава можност за прашување, интервјуто се води кон завршување, осомичениот се информира за тоа што ќе се случува понатаму.

**E**-evaluate- евалуација (после секое интервју добиените информации се ревидираат во контексот на случајот и законските прописи).

Прегледот на литературата укажува на повеќекратна корист од PACE: пред се, со некористење на присила и манипулација се смалуваат шансите изјавата да се смета за неприфатлива и можност полициските службеници да одговарарат за неадкватно спроведување на истрагата; се намалуваат незадоволството на осомничениот, непочитување на законските права, губење на довербата во јавноста, како и „бумеранг ефект" (тенденција на некои осомничени кои планирале да дадат признание да не го направат тоа заради манипулирање и непримерен третман на полицијата ( Marin 2004).

Следните основни принципи се препорачуваат при водењето на истражувачко интервју :

1. Полна кооперативност на интервјуерот на кого вештина на водење на интервју му дава можност да води разговор и со некооперативни соговорници;
2. Одредување на целите на интервјуто;
3. Препознавање и разбирање на законските регулативи (намери како и акции);
4. Анализирање кои факти се достапни;
5. Проценување кои факти е потребно и кои можат да се прифатат ;
6. Разбирањето на моделот PACE на интервјуирање;
7. Флексибилен пристап кон интрјуирањето (Gudjonsson, 1994).

Во овој пристап силно е нагласена адекватна подготовка пред интервјуирањето, како и фер односот и почитувањето на личниот интегритет на осомничениот за време на интервјуто.

Вистинитоста или кредибилитетот на фактите добиени во интервју се детерминирани од бројни фактори кои можат да се класифицираат во две групи, а се однесуваат на мотивационите фактори и факторите на вулнерабилност. Мотивационите фактори се однесуваат на подготвеноста на лицето да ја каже вистината, додека фактори на вулнерабилноста се однесуваат на суштинските карактеристики на личноста кои можат, под одредени околности, да влијаат на невистинитоста на исказот (Undeutsch, 1982). Во факторите на вулнерабилност Gudjonsson ги вбројува: личности кои страдаат од некој вид ментално растројство за време на полициското интервју, личности кои страдаат од абнормална ментална состојба за време на интервјуирање како што е силна анксиозност, фобични реакции, зависност од droги, кои можат да влијаат на нивната способност за адекватно учество во полициското интервју. Личните карактеристики, како што е сугестибилност или попустливост, можат да ги доведат до тоа осомничените да дадат невистинити информации кога се прашуваат сугестивни прашања, под притисок, или доколку се психолошки манипулирани од полицискиот службеник (Gudjonsson ,1994).

## ДОБИВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ ВО ИСТРАЖУВАЧКОТО ИНЕРВЈУ

Добивањето на признание се уште останува важен дел на процесот на полициското интервју, иако постои тренд, напр. во Англија, на поместување кон собирање на информации и користење на помалку присилни техники на интервју. Полициското истражно интервју насочено кон добивањето на признание од осомничениот најчесто е

под влијание и често условена од историски, културни, политички, правни и други околности и фактори специфични за одредена средина или ситуација.
Давање на признание е резултат на комбинација на повеќе фактори. Најважната причина за давање на признание е во врска со перцепцијата на осомничениот за фактите што полицијата ги има во врска со извршенто дело. Осомничените често одбиваат да го признаат делото заради непријатните последици , особено доколку мислат дека полицијата нема докази.
Признанието на кривичното дело е сложен психодинамички феномен. Со признанието осомничениот ја напушта својата одбрана што значи предавање, признание на поразот. Но од морален аспект, признанието е повторно воспоставување на мост кон општеството низ моралното прочистување; од психолошки аспект со признанието се намалува психичката напнатост и се постигнува психичко смирување. Познато е дека чување на криминална тајна која што е морално неповолна за извршителот, доведува до состојаба на исклучителна психичка напнатост. Заради тоа, се јавува потребата за растеретување, што се постигнува со признанито. „Осомничениот само со признавањето постигнува потполно самопрочистување и олеснување на чувство на вина“ (Bender,Roder,Nack:Tatsachenfestellung vor Gericht, Band II, според Симоновиќ, 2004).
Gudjonsson смета дека осомничениот обично дава признание заради комбинацијата на три фактори: перцепцијата на осомничениот за силата на доказите против него, внатрешната потреба за признание и надворешниот притисок, како што е страв од затворска казна (Gudjonsson, 1992a) .

## КАКО ДО ПРИЗНАНИЕ?- ОТВАРАЊЕ НА МОРАЛНИ ДИЛЕМИ

Дејвид Рос во својата книга The Right and the Good (1930) напиша дека ниту една активност не е неопходно добра, бидејќи моралните вредности има различни карактеристики кои во исто време ги прават добри и лоши, односно дека нема вредност која што во исто време некому му прави добро а на друг лошо. Многу автори надоврзувајќи се на оваа мисла, го оправдуваат лажењето (измамата) иако се согласуваат дека е неморално, како прифатливо во одредени околности, на пример спасување на човечки живот. Ваквите крајни ситуации кои може да се јават како морална дилема во животот на секој човек, стануваат проблематични ако ги пресликаме на државата и нејзините институции како што е полицијата. Дали користејќи

лукавост, доведување во заблуда и измама полицијата ќе биде поефикасна и поуспешна во заштитата на човековите слободи и права. По терористичките напади во Ну Јорк, Лондон и Мадрид голем број професори, експерти, професионалци и креатори на јавното мислење не само што ја одобруваат измамата, туку заговараат и оправдуваат тортура спрема осомничените за тероризам, односно начинот на кој се испрашуваа осомничените терористи (меѓу кои има и деца) или се уште се испрашуваат во Гвантанамо Беј и во ирачките затвори). Од друга страна, голем број автори со право ја доведуваат под сомнение веродостојноста на така добиеното признание и информации, а особено правната засниваност.

Неколку истражувања спроведени во Велика Британија покажале дека најголемиот број на признанија се дадени за време на иницијалното интервју и тоа во краток временски период. Болдвин (John Baldwin-1993) дошол до резултатат дека 600 осомничени мажи за кривични дела како што се кражба, тешка кражба, нанесување телесна повреда и слично, признанието го дале за помалку од 30 минутен разговор.

Од друга страна, многу често осомничениот на почетокот од испрашувањето одбива да прифати било каква врска со делото за кое се терети. Гудјонсен следел и опишал 20 испрашувања поврзани со силувања, подметнати пожари, тешки кражби и убиства, во кои полицијата користела специјални техники за испрашување, дел од нив со користење на измама, бидејќи осомничените на почетокот одбивале да дадат признание. Во овие случаи полицијата прикривала податоци, користела закани во подолг врмрнски период и во 8 од 20 случаи добила признание но со психичко малтретирање. Меѓутоа, според Гудјонсен ваквите техники на испрашување може да доведат до лажно признание што според него е правно и морално недопуштено.( Gudjonsson,2003)

Инаку осомничените кои се испрашувани од полицијата со користење психички притисок, измама или нереални ветувања понекогаш даваат признание но за полесно дело што навистина го сториле, поткажуваат други сторители, нудат соработка со полицијата како информатори за други тешки дела со цел да ги задоволат полицајците, а да го прекинат психичкото а понекогаш и физичкото малтретирање врз себе.

Изнудување на признание од страна на полицискиот службеник доведува до неповолни последици, а во екстремните случаеви и до лажни признанија. Судиите ваквите признанија ги сметаат за неверодостојни и ги исклучуваат од доказите. Ваквите признанија ја покопуваат довербата на јавноста во полицијата и судството, а осомничениот, пак, кој е присилен да даде лажно признание, долго

после тоа останува непријателски настроен кон полицијата. Како последица на лажното признание, осомничениот во затворски услови може да страда од постравматско стресно растројство.
Веројатно е невозможно лажните признанија потполно да се елиминираат, бидејќи се дел од комплициран општествен процес и се јавуваат заради различни причини и мотиви. Истражувачкото интервју кое е во основа фер го намалува ризикот од лажно признание.

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЈУТО ВО ПРАВЕЦ НА ДОБИВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕ

Заради идентификување на начините на кои би се унапредило интервјуирање на сексуалните престапници и заради утврдување на факторите кои можат да ја зголемат веројатноста за признание, спроведени се повеќе истражувања.
Holmberg and Christianson (2002) анкетирале 83 осудени за убиство и сексуални деликти. Тие утврдиле дека агресијата и навредливо и осудувачко однесување на полицискиот службеник во интервјуто ја намалуваат можноста за признанието. Од друга страна, пријателски, човечки однос , чувството на осомничениот дека е признат и почитуван , биле поврзани со поголем број на признанија.
Факторите на етичкото интервјуирање кои влајаеле на давање признание се неутралност и давање можност на осомничениот да се искаже (Milne & Bull 1999). Одговорите на учесниците покажуваат дека околу една половина не одлучила да ли ќе признае пред да се води интервју. Ова укажува на тоа дека полициските службеници имаат значајно влијание на тоа дали осомничениот ќе признае или ќе го негира делото.
Наодите на Gudjonsson and Petursson (1991), покажуваат дека најголемиот број на осомничените признаваат заради чувство на вина, додека помал процент ја споменува силата на доказите. Тие кажуваат дека по признанието чувствуваат помала вина и дека е полесно да се признае отколку да се негира делото.
Во квалитативната студија на Австралискиот криминолошки иститут, во која е испитувана перцепцијата на осудените сексуални престапници на полициското интервју, кога учесниците биле прашани за причините за одбивање да дадат признание, најчестата причина е да не бидат осудени за делата кои ги извршиле или не ги извршиле, сугрирајќи дека полициските службеници треба да бидат претпазливи кога обвинуваат некого при малку докази (Kebbell, Hurren and Mazerolle 2006). Престапниците се согласуваат дека зголемувањето на

етичките стандарди при водењето на интервју ја зголемува можносата за признание. Хуманиот пристап на полицискиот службеник и непокажување на доминантност ги зголемуваат веројатноста за признанието.

Од страна на истиот институт спроведена е и квалитативна студија за перцепцијата на полициските службеници на интервјуата со сексуалните престапници. Ова истражување покажало дека полициските службеници сметаат дека сексуалните престапници тешко го признаваат делото заради стигмата која ги следи. Но, сметаат тие, хуманиот пристап повеќе ќе доведе до соработка отколку доминантниот пристап, особено кај оние кои би сакале да се лекуваат (Kebbell, Hurren and Mazerolle 2006).

## ЗАКЛУЧОК

Истражувачкото интервју е едно од најважните алатки на полицијата во превенцијата, откривањето и расчистувањето на криминалот. Тоа е динамичен и интерактивен социјален процес преку кој можат да се соберат корисни податоции информации, доколку криминалистот што го води интрвјуто располага со вештини за воспоставување на комуникација со осомничениот, но и да има знаења од областа на криминологијата, криминалистиката и психологијата за да може успешно да води и управува со интервјуто во различни криминални случаи и осомничени. Најчесто полицијата се обидува да влијае на одлуката на сторителот да го признае делото, меѓутоа тоа треба да биде во законски рамки со почитуване на достоинството и слободите и правата на осомничениот, а тоа значи спроведување на процедура врз основа на професионалната полициска етика. Користењето на лукавост, измама дури и физичка сила во поедини случаи може да даде резултати, а во други да предизвика сосма спротиван реакција на осомничениот, во зависност од неговата личност, видот на кривичното дело, и од бројни други фактори од психолошка, културолошка и социолошка природа.

Резултати од истражувачкото интервју може да постигнат криминалисти кои имаат соодветна обука за водење на интервју, кои ги почитуваат законските одредби и имаат професионален и етички однос спрема сите лица за кои постојат основи за сомневање дека се сторители на кривични дела, без притоа да го злоупотребуваат авторитетот што државата и општеството и го дале на полицијата. Признанието добиено со користење на неетички методи и сретства понекогаш е лажно, по што и невини лица се вовлекуваат во тешка и

исцрпувачка кривична постапка која му штети и на поединецот но и на кривично правниот систем во целина.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Baldwin J., Police Interviewing Techniques: Establishing Truth or Proof, 33 BRIT. J. CRIMINOLOGY (1993)
2. Gudjonsson, THE PSYCHOLOGY OF INTERROGATIONS AND CONFESSIONS: A HANDBOOK 86-87 (2003).
3. Gudjonsson, G. H. (1991). The application of interrogative suggestibility to police interviewing.In J. F. Schumaker (Ed.), Human suggestibility: Advances in theory, research, and application (pp. 279-288). New York: Routledge.
4. GUDJONSSOGN., H. (1992a) The Psychology of Interngations,Confessions, and Testimony (Chichester, John Wiley & Sons).
5. Gudjonsson, G. H. (1994). Investigative interviewing: Recent developments and some fundamental issues. International Review of Psychiatry, 6, 237-245.
6. Gudjonsson, G. H., & Sigurdsson, J. F. (1994). How frequently do false confessions occur? An empirical study among inmates. Psychology, Crime and Law, 1, 21-26.
7. Димовски Злате (2007/2008), Цел, форма и начин на реализација на информативен разговор како зналајна оперативно-техничка мерка, Годишник на Полициска Академија, ст. 206-207
8. Snook, J Eastwood,M Stinson, Tedeschini, House : Reforming Investigative Interviewing in Canada, Canadian Journal of Criminology and Criminal Justice April 2010
9. INBAUF, . E., REID, J. E. & BUCKLEYJ., P. (1986) Criminal Interrogation and Confessions, third edition (Baltimore, Williams and Wilkins).
10. Калајџиев Гордан, Правична постапка, докторска дисертација одбранета во 2004 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, ст 202
11. Крстевска Катерина, (2007/2008) Европскиот Комитет за превенција од тортура „против“ Република Македонија, Годишник на Полициска Академија, ст.120
12. LEO, R. A. (1992) From coercion to deception: the changing nature of police interrogation in America, Crime, Law and Social Change, 18, pp. 35-59.

13. Marin, the Honorable Rene´ J.2004 Admissibility of Statements. Aurora: Canada Law Book.vid Ross, The right and the good, (1930) CLARENDON PRESS • OXFORD
14. Roso Z., (1988): Informativni razgovor i intervju, Republički Sekretarijat za unutrašnje poslove SR Hrvatske, Zagreb
15. Simonović, B. : Kriminalistika. Kragujevac: Pravni fakultet, Institut za pravne i društvene nauke, 2004.
16. Stinson M., Tedeschini J., House J.: Reforming Investigative Interviewing in Canada Brent Snook1 and Joseph Eastwood Memorial University of Newfoundland
17. UNDEUTSCHU, (1982) Statement Reality Analysis, in:A. TRANKE(eLdL.), Reconstructing the Past: The Role of Psychologists in Criminal Trials (Deventer, The Netherlands, Kluwer).

удк 347.919.1:[343.121:343.122

# МЕДИЈАТОРОТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА МЕДИЈАЦИЈА МЕЃУ ЖРТВА И СТОРИТЕЛ[131]

**д-р Весна Стефановска**

Факултет за безбедност-Скопје

vesne_stefanovska@yahoo.com

## АПСТРАКТ

Медијацијата е форма на алтернативно решавање на спорови (*Alternative Dispute Resolution*) или решавање на спорови насочено да помогне на две (или повеќе) страни во постигнување договор, со помош на медијатор кој користи соодветни техники за да го подобри дијалогот меѓу страните со цел да постигнат договор. Во кривичната правда таа постапка е претставена како мерка, алтернатива на казнувањето, обид за посредување и помирување меѓу сторителот и жртвата, трет начин да се остварат целите на казнувањето и потребите на жртвата. Во тој процес, жртвата и сторителот се сретнуваат во безбедна средина во присуство на обучен медијатор кој ја олеснува дискусијата меѓу страните и овозможува постигнување заеднички договор за решавање на спорот.

Токму едно од битните прашања што добива заслужено место во трудот е **кој може да биде медијатор, прашањето за обука на медијатори,** како и за **неговите права и одговорности**.

**Клучни зборови**: медијација, жртва, сторител, медијатор

## ВОВЕД

Медијацијата е форма на алтернативно решавање на спорови (*Alternative Dispute Resolution*) или решавање на спорови насочено да помогне на две (или повеќе) страни во постигнување договор, со помош на медијатор кој користи соодветни техники за да го подобри дијалогот меѓу страните за да постигнат договор.[132] Во кривичната правда таа постапка е претставена како мерка, алтернатива на

[131] Прегледан научен труд

[132] http://en.wikipedia.org/wiki/Mediation

казнувањето, обид за посредување и помирување меѓу сторителот и жртвата,[133] трет начин да се остварат целите на казнувањето и потребите на жртвата. Во тој процес, жртвата и сторителот се сретнуваат во безбедна средина во присуство на обучен медијатор кој ја олеснува дискусијата меѓу страните и овозможува постигнување заеднички договор за решавање на спорот.

Токму едно од битните прашања што добива заслужено место за дискусија е прашањето **кој може да биде медијатор**. За одговор на тоа прашање се отвора теоретска расправа за потребата од поставување соодветни стандарди за избор на медијатори во поглед на поседување посебни квалификации и знаења. Одговорот на дилемата професионално медијаторство или медијатори-волонтери зависи од менталитетот и развојот на волонтерството како концепт кој е прифатен во едно општество. За обуката на медијатори, како неизбежен и составен дел од целиот процес на селекција, е посветено посебно место во трудот. Бидејќи успешноста на медијацискиот процес зависи од компетентноста и умешноста на медијаторот да ја води и олеснува комуникацијата на страните, тој треба да знае кои се **неговите права и одговорности**. Токму затоа, тоа прашање е детално обработено во текстот што следува. Меѓутоа, трудот прави само еден скромен обид да се актуализира прашањето за одредени аспекти поврзани со улогата на медијаторот во кривичните спорови, без детално да навлегува во сите прашања.

## КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ МЕДИЈАТОР?

Лицето кое ја води медијацијата–медијатор се дефинира како трета неутрална, независна страна во медијацискиот процес. Првото прашање на кое треба да се одговори е: кој може да биде медијатор и какви квалификации, знаења и вештини треба да поседува за да може да аплицира за позицијата медијатор којашто е јавна функција. Второто, и исто толку битно прашање е; каква обука и компетенции треба да стекне за да добие дозвола, односно сертификат за овластен медијатор.

**Првото прашање е поврзано со расправата за професионални медијатори или медијатори од заедницата?** Аргументи постојат и на едната и на другата страна, и државите имаат различни приоритети во однос на тоа прашање. Во **првиот случај** постои опасност од појава на нова бирократија составена од формално обучени професионалци кои

[133] Лажетиќ-Бужаровска, Г. Алтернативи на затворот, НИП Студентски збор-Скопје, 2003, стр. 170.

можат да станат нови „**крадци**„ на конфликти, а во **вториот случај** опасноста од неуспешен медијациски процес лежи во можната неспособност на медијаторите-волонтери компетентно да посредуваат при посериозни и посложени случаи. Прашањето за депрофесионализација на системот на контрола е главна тема во делото на *Christie*, според кој специјализацијата е главниот непријател во разрешувањето на конфликтите. Според него, **треба да постои суд на еднакви кои се застапуваат себеси.**[134] Во суштина, тоа е еден од начините преку кои заедницата може да учествува во ресторативните програми, бидејќи затворањето на вратата на лицата без високо образование во соодветната област ја затвора вратата на заедницата како субјект во процесите. Сличен на претходниот е ставот и на *Pranis*: ”*кога членовите на заедницата се инволвирани во решавање на делата тие типично ги вадат на површина другите проблеми на заедницата.*„[135] На пример, во еден случај на вандализам од страна на 12 момчиња во Миненаполис, заедницата станала свесна за потребата на младите да имаат места каде што ќе го поминуваат нивното слободно време.

## СТАНДАРДИ ЗА ИЗБОР НА МЕДИЈАТОР

Како и за секоја позиција, така и за функцијата медијатор, потенцијалните кандидати треба да исполнат одредени општи и посебни услови. Барањето за исполнување на квалитетни стандарди за медијатори треба да биде приоритет бидејќи од нивната стручност и компетентност зависи успешната примена на медијацијата. Интересен приод на тоа прашање имаат *Umbreit* и *Greenwod* во **Упатствата за медијација меѓу жртва и сторител.** Во нив, предност се дава на медијаторите–волонтери (претставници на заедницата) бидејќи, како што наведуваат, можат да послужат како мост меѓу пошироката заедница и судскиот систем. Исто така, предноста се гледа во различните културни вредности и перспективи кои ги поседуваат бидејќи тие ја олеснуваат комуникацијата со различните профили на луѓе и полесно можат да воспостават и да ги одржуваат односите со другите медијациски програми и служби во заедницата. Затоа поголемо значење се дава на првичната селекција, како дел од целиот апликационен процес пред да се формира тим од ефикасни и

[134]Christie, N. “Conflicts as property”, The British Journal of Criminology, Vol. 17 No1, 1977

[135] ***Wright, M. Restorative justice outside the criminal justice system: How far have we come?, Paper to Second Conference of the European Forum for Victim/Offender Mediation and Restorative Justice: Restorative justice and its relation to the criminal justice system, Oostende, Belgium, 10-12 October 2002***

компетентни медијатори. **Основни услови** кои најчесто се поставуваат се: апликантите да имаат професионална и волонтерска историја и писмено да ги наведат мотивите и причините за нивниот интерес да работат како медијатори.[136] Како што е наведено во препораките од Упатствата, правилниот избор на апликантите треба да вклучи и оцена на нивната перцепција за виктимизација и евентуалната предиспонираност да имаат осудувачки ставови кон сторителите на кривични дела како резултат на претходна виктимизација.[137]

Во **Препораката бр. Р (99)19** на Советот на Европа се наведува дека медијаторите можат да бидат професионалци или волонтери, но треба да бидат претставници на сите структури во општеството, според постојните етнички заедници и треба добро да ја разбираат локалната култура и заедница. Не се бараат посебни образовни квалификации, односно не претставуваат неопходни услови при селекцијата на потенцијалните медијатори.[138]

Решението, според кое, волонтерите се во улога на медијатори има **предности и слабости.** Предноста се состои во фактот што жртвите полесно можат да воспостават поблиски односи со членовите од заедницата. Од друга страна, тие членови (односно медијаторите) можат подобро да ја едуцираат јавноста за медијациските програми со што ја придобиваат јавната поддршка. Меѓутоа, не можеме да ја негираме потребата за посеопфатна обука и уште поголема супервизија врз медијаторите-волонтери од заедницата.[139]

Во европските држави постои различна практика во однос на регрутирањето и селекцијата на медијаторите. Во **Норвешка** медијаторите се волонтери и не се бараат посебни квалификации. Во **Австрија** се бараат професионални медијатори. Во одредени држави видот на образованието е ограничено на правни науки, во други е пошироко поставено опфаќајќи социјални или психолошки науки. Клучното прашање е кому ќе му се даде приоритет, на која професија во процесот на селекција. Затоа, покрај високото образование и другите општи услови, во првиот селекционен процес треба да се бараат дополнителни критериуми, како што се мотивираност и неосудуваност на кандидатите.

[136] Umbreit, M. & Greenwood, J. Guidelines for victim-sensitive victim-offender mediation: Restorative justice through dialogue, US Department of justice, Office of Justice Programs, 2000стр. 20

[137] Restorative Justice Juvenile Victim/Offender Mediation Program, Volunteer Application Form, The Center for Dispute Resolution Training, Missouri State University, Department of Communication

[138] Mediation in penal matters, Recommendation No. R (99) 19, adopted by the Committee of Ministers of the Council of Europe on 15 September 1999 and explanatory memorandum

[139] Coates, R,. Vos, B. & Umbreit, M. Obstacles and opportunities for developing victim offender mediation for juveniles: the experiences of six Oregon counties, 2001, стр.8

Според **Законот за малолетничка правда**[140], во Република Македонија видот на високото образование коешто медијаторите треба да го имаат не е ограничено, освен што се бара универзитетска диплома за седми степен или 300 кредити според Европски кредит-трансфер систем.[141] Покрај образованието, услов за добивање сертификат за овластен медијатор и за запишување во Комората на медијаторите е поминување обука за медијатори и петгодшно работно искуство по дипломирањето.

Одредбата 75 од ЗМП што ги регулира условите кои треба да ги исполнат медијаторите овластени за решавање спорови со малолетни сторители на кривични дела, покрај општите услови предвидени во Законот за медијација, предвидува и посебни услови:

> *Медијатор може да биде **адвокат, дипломиран правник – специјалист, социјален работник, педагог, психолог** или лице од друга професија кое завршило **обука за медијатор за малолетници** и кое ги ислопнува следниве законски услови: ... да има најмалку пет години искуство во работење со малолетници.*

Од законскиот текст произлегува дека медијаторите треба да бидат од посебни профили и, покрај општата обука, да имаат поминато посебна обука за медијација во малолетничка правда.

## ОБУКА НА МЕДИЈАТОРИ

Обуката на медијатори е меѓу првите услови коишто треба да се исполнат за успешно воведување и примена на медијацијата. Поради тоа, таа е предмет на подзаконско регулирање и разгледување на голем број стручни домашни и меѓународни средби. **Советот на Европа** во своите **Упатства за имплементација на Препораката бр. Р (99)19** посвети посебно внимание на компетенциите и квалификациите на медијаторите. Во нив се препорачува обуката наменета за медијаторите да вклучи едукација за принципите, целите и фазите на процесот на медијацијата, за кодексот на однесување на медијаторите, основни познавања за формалната казнена постапка и за правната рамка на медијацијата. Посебен акцент треба да се стави на развојот на вештини и техники за комуникација и работа со жртви, сторители и со други учесници во медијацискиот процес, вклучувајќи основно познавање за

[140] Закон за малолетничка правда, Сл. Весник на РМ бр. 87/2007, Закон за измени и дополнувања на Законот за малолетничка правда, Сл. Весник на РМ бр. 106/2008, 106/2008 и бр. 145/2010.

[141] Член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за медијација, Сл. Весник на РМ бр. 114/2009

реакциите на жртвите и на сторителите, за специфичните вештини за посредување во случаи на потешки кривични дела и кога сторители се малолетници или други ранливи категории лица.[142]

Медијаторите преку обуките стекнуваат знаење и вештини. Секој медијатор треба да поседува најмалку **пет основни принципи**, односно да биде независен, неутрален, доверлив, да ја прифати улогата на медијатор и да обезбеди доброволно учество во процесот. За времето на медијацискиот процес, медијаторот треба да покажува емпатија кон жртвите, да создаде безбедна средина, и, по потреба, да соработува со други владини или невладини организации.

Според **Кодексот за однесување на медијаторите** донесен од страна на Коморката на медијатори на Република Македонија, професионалните принципи кон кои медијаторите треба да се придржуваат се: **компетентност, доверливост, неутралност и објективност.**

Медијаторот треба да биде **компетентен** и да има едукација за процесот на медијација. Тоа вклучува соодветна обука и постојано надградување и практикување на медијаторските вештини, имајќи ги предвид меѓународните стандади, но и културата, менталитетот, општите економски услови во државата, духот на народот.

Исто така, **неутралноста и непристрасноста на** медијаторот, значи дека тој не смее да има лични интереси во поглед на исходот на спорот и фаворизирање на една од страните. Тој не смее да го преземе случајот, ниту да продолжи со постапката пред да ги открие околностите кои можат да влијаат врз неговата независност или да предизвикаат конфликт на интереси. **Тие се:** лична или деловна врска со која и да е од страните, директен или индиректен, финансиски или друг интерес што би произлегол од спроведената медијација. Во такви случаи, медијаторот прифаќа да продолжи со процесот, само доколку постои согласност од страните и кога **е сигурен** дека може неутрално и непристрасно да ја заврши медијацијата и да гарантира целосна објективност. Во прилог на неговата непристрасност, членот 11-б од Законот за медијација пропишува дека медијаторот не може на страните да им наметнува решение, да им дава ветувања и да гарантира одредени резултати од постапката.

Според Кодексот за етичко однесување на медијаторите, **доверливоста** е значајна карактеристика на медијаторите што претпоставува неоткривање на добиените информации во текот на медијацискиот процес, освен ако страните не се договорат поинаку или

[142] Mediation in penal matters, Recommendation No. R (99) 19, adopted by the Committee of Ministers of the Council of Europe on 15 September 1999 and explanatory memorandum

доколку е поинаку определено со закон или со друг јавен документ. Секоја информација доставена до медијаторот од едната страна не смее да и се открие на другата страна без одобрение, ниту да се користи како доказ во понатамошните постапки.

Посебно внимание на прашањето за обука и едукација на медијатори му е посветено во **Етичките упатства на VOMA (Victim-offender mediation aassociation – здружение за медијација меѓу жртва и сторител).** Во нив е наведено дека медијаторот треба да поседува знаење и вештини за водење на медијацијата/дијалогот меѓу сторителот и жртвата (за сензитивноста на жртвата, сторителот, локалните извори, судската процедура, медијацискиот процес, професионалната етика), да учествува во континуирана едукација и надградување на сопствените знаења, бидејќи треба да биде лично одговорен за сопствениот професионален развој.[143]

Во овој дел на трудот посебно внимание ќе посветиме на препораките за обука коишто се регулирани во **Упатствата за VOM (victim-offender mediation - медијација меѓу жртва и сторител)**. Тие посебно значење даваат на **експерименталното учење преку играње на игри** и размена на лични искуства за време на обуката. Потенцијалните медијатори треба да играат улоги на жртва или на сторител, и да имаат можност да набљудуваат судски рочишта на кои се присутни двете страни. Обуката треба да биде автентична и реалистична и, за таа цел, се повикуваат лица кои навистина биле учесници во медијациски процес. За подобро запознавање со потребите на жртвите, сторителите, судскиот систем и културата на младите за време на обуката се покануваат претставници од соодветни служби (служби за помош и поддршка на жртви, пробациски служби, судски органи) кои можат да пренесат корисни информации. Исто така, во текот на обуката се бара да се разгледаат можностите за справување на медијаторите во различни ситуации. На пример, ако родителите на сторителот се заканат дека ќе ја напуштат сесијата, ако сторителот не сака да зборува, ако жртвата се откаже од паричен надомест за претрпената штета.[144]

Покрај наведените **Упатства**, *Umbreit* како активен член на Центарот за решавање конфликти од Минесота, за потребите за VOMP (Victim-offender mediation programs – програмите за медијација меѓу жртва ии сторител) има подготвено и **Прирачник за обука на**

[143] Victim-Offender Mediation Association Recommended Ethical Guidelines

[144] Umbreit, M. & Greenwood, J. Guidelines for victim-sensitive victim-offender mediation: Restorative justice through dialogue, US Department of justice, Office of Justice Programs, 2000

**медијатори** во кој на детален и јасен начин се презентирани сите аспекти за примена на медијацијата.

Во **САД** е спроведено интересно истражување за причините за одбивање од страна на жртвите и сторителите да учествуваат во процесите на медијација. Во истражувањето се опфатени 45 VOM програми во периодот од 2001 и 2003 година. Според истражувачките резултати, како **позитивни фактори** коишто влијаат за успешна медијација се издвојуваат: **стилот на медијаторот, неговата способност** да покаже емпатија кон жртвата и кон сторителот и неговите **компетенции** да ги разберат намерите на страните и да им помогне да постигнат прифатливо решение. Медијаторот дејствува како катализатор и советник на двете страни и неговата отвореност треба да пробуди позитивни чувства кај жртвата и кај сторителот. Процесот на медијација на сторителот треба да му овозможи да ги разбере погледите и потребите на жртвата и, како што се вели *да се стави во нивни чевли*, што предизвикува емпатија кон нив. **Негативни фактори**, според перцепциите на страните се: **нееднаквата моќ** меѓу жртвата и сторителот и **отсуството на ефикасни балансирачки стратегии** коишто треба да се преземат од страна на медијаторот, **слабата мотивација** од било која страна за постигнување договор и **отсуството на понатамошно следење на сторителот** за остварување на постигнатиот договор.[145]

Тргнувајќи од практичните примери и индикатори, можеме да донесеме **заклучок** дека успешниот медијациски процес зависи од соодветниот развој и компетентна примена на вештини и техники за решавање на спорови, коишто треба да ги поседуваат медијаторите, од нивното познавање и свест за филозофијата на ресторативната правда, воопшто, како и од операционализирањето на таа филозофија во практиката. Улогата на медијаторот е конструктивна кога тој претходно ги информира страните за тоа што се очекува од нив и им помага да останат во рамките на нивните улоги.

Имајќи ги предвид специфичностите за водење медијација меѓу малолетен сторител и жртва, во 2010 година, Комората на медијатори на Република Македонија спроведе посебна обука за медијатори за малолетници.

Што се однесува до општата обука, во согласност со членот 11/2 од Законот за медијација, Министерството за правда во јуни, 2006 година донесе Правилник за Програма за **почетна и напредна** обука на

[145] Ruth-Heffelbower, D. ili Montanez, J. Victim-offender Mediation Refusals – a study of mediator perceptions

медијатори и образец за завршена обука за медијатор, а Комората за медијација донесе Кодекс за однесување на медијатори.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА МЕДИЈАТОРОТ

Улогата на медијаторот, поконкретно неговите права и обврски се предмет на регулирање на законските и подзаконските акти поврзани со медијацијата. Упатствата за VOM, како и Етичките упатства на VOMA даваат одлична рамка и патоказ по кој треба да се движат медијаторите при исполнувањето на нивната функција.

Во **Упатствата за VOM,** одговорностите на медијаторот во пристапот со жртвата и со сторителот се посебно регулирани и се однесуваат на неговата неутралност, независност и еднаков третман. Во текот на претходните индивидуални средби со страните, медијаторот треба да ги слушне нивните поединечни приказни, да обезбеди информации, да одговори на прашања, да помогне во одлуката. Информациите треба да се однесуваат за програмата за медијација (којашто треба секогаш да е бесплатна за жртвите), за нејзината цел, за судскиот систем, за правата на жртвата и за одредени околности поврзани со сторителот. Посебен акцент во Упатствата се става на одговорноста на медијаторот за внимателно подготвување на жртвата и за користење на поразбирлив и посензитивен јазик во комуникацијата со неа. Жртвите, исто така, треба да бидат информирани за можноста за надомест на штетата од државна компензација или од други јавни фондови наменети за надоместување на загубите. Помирувањето и опростувањето, како централни компоненти на медијацискиот процес, треба спонтано да се случат, а не да бидат наметнати бидејќи можат да предизвикаат обратен ефект кај учесниците.

Врз работата на медијаторите, исто така, од големо значење е да се врши квалитетна контрола и да им се дозволи непречена комуникација со персоналот од медијациските служби.[146] Еден од начините за квалитетна контрола врз медијаторите е разгледување на случаите коишто биле предмет на медијација со цел да се надминат евентуалните проблеми при водењето на медијацискиот процес. Меѓу бројните обврски на медијаторот наведени во Упатствата, посебно ги истакнуваме: помош и поддршка на сторителите при барање работа, координација меѓу сторителот и заедницата во извршување на работата во заедницата, обезбедување можности за рехабилитација на

[146] Umbreit, M. & Greenwood, J. Guidelines for victim-sensitive victim-offender mediation: Restorative justice through dialogue, US Department of justice, Office of Justice Programs, 2000

сторителите, развивање емпатија кон жртвите, подобрување на нивните семејните односи и врски.

**Етичките упатства на VOMA** препорачуваат дека обуката за медијатори треба да вклучи стекнување посебни вештини за чуствителноста на жртвата и на сторителот кон одредени работи со кои се емотивно поврзани. Пред почеток на секој медијациски процес се цени соодветноста на случајот, способноста и желбата на сторителот и на жртвата да учествуваат и нивната безбедност. Се препорачува примена на хуманистичкиот модел на медијација насочен кон воспоставување дијалог меѓу страните наместо кон постигнување договор. Од обврските на медијаторот, посебно се истакнуваат отстранување на предрасудите кај учесниците, разгледување на можните ризици и придобивки на сторителот за време на подготвителните средби, разгледување на потребите на жртвата, давање информации и одговори на прашања поврзани со медијацискиот процес, судскиот систем, правата на жртвата, информирање за принципите на доверливост и неутралност на медијаторите и за одредени околности поврзани со сторителот. По постигнувањето на договорот, треба да се следи неговото извршување и да се направи евалуација. **Етичките упатства**, исто така, препорачуваат медијаторот, од една, и учесниците, од друга страна, претходно да се договорат за одредени прашања поврзани со доверливоста на информациите, за можноста од користење на правна помош, за вклучувањето на други лица во постапката, како и за условите под кои медијацијата може да биде прекината. **Упатствата** го регулираат и правото на медијаторот да обезбеди независна помош, информации и совет на страните за заштита на нивните права и интереси пред формално да склучат договор.

Во поглед на **трошоците и наградите на медијаторите, Упатствата** препорачуваат: прво, наградата и секој друг трошок да им се објасни на страните и да се договори начинот на плаќање, второ, висината на наградата да биде јасна, фер, разумна и да биде соодветна на дадената услуга, трето, медијаторот не смее да ја условува висината на наградата според постигнатиот резултат и, четврто, никакви награди, исплати или други плаќања не смеат да дадат првенство на упатување на страните на постапка на медијација.[147]

Во **Законот за малолетничка правда** е наведено дека медијаторот за извршената работа има право на награда и на надомест

[147] Victim-Offender Mediation Association Recommended Ethical Guidelines

на трошоците според **Тарифникот за награда и надоместок на трошоците на медијаторите**. Наградата на медијаторот се определува според вложениот труд и потрошеното време во постапката, видот на спорот и бројот на странките. Исто така, според **Тарифникот**, медијаторот има право да побара од страните аванс за покривање на административно-техничките трошоци за водење на постапката и, како што е наведено во Статутот на комората донесен во ноември 2006 година, може да се **откаже со писмена изјава од постапката за медијација**, ако страните не го платат во целост авансот во рок од осум дена од денот на неговото барање.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на сето претходно наведено, можеме да заклучиме дека во однос на знаењата и вештините на медијаторите, генерално, постои конзензус дека успешноста на медијацискиот процес е главно функција на компетенцијата на медијаторот во подготовката и водењето на тој процес. Спротивно, незадоволството и секундарната виктимизација се резултат на сиромашна практика поврзана со несоодветна обука. Затоа, медијаторите треба да поминат соодветна обука и да се стекнат со знаење и вештини за подготовка на средбите и за самиот процес на посредување и олеснување на комуникацијата меѓу страните.[148] Правилниот избор на медијаторите зависи, пред се, од исполнувањето на трите основни критериуми: поседување лични квалитети, стекнување соодветни знаења и стекнување вештини во текот на обуката за медијатори.

Необученоста или несоодветната обука на медијаторите се сметаат за едни од главните причини за неуспешен медијациски процес. Поточно, незнаењето и нестручноста водат кон нејасни цели и политики, кон упатувања на несоодветни случаи и, како последица на тоа, кон „незадоволни„ учесници.

**Препораките за обука на медијаторите во кривични работи** (*Recommendations on the training of mediators in criminal matters*), донесени од страна на Европскиот Форум за ресторативна правда се одлична основа и водич за воспоставување добра практика и програма за обука на медијатори во Република Македонија. Од голема важност е **воспоставување центар за обука** во рамките на Комората на медијатори кој ќе обезбедува континуирана едукацијата и стручно оспособување на медијаторите. Покрај Правилникот за обука на

[148] Barton, C. “Restorative justice empowerment”, VOMA publication, достапно на интернет: http://www.voma.org/docs/barton_rje.pdf, 2000, стр. 15

медијатори (основна и напредна) донесен од страна на Министерството за правда, Комората и министерството треба да посветат посебно внимание на **организирање континуирани курсеви** за медијаторите поради одржување на постојните и стекнување дополнителни знаења во текот на работата.

Исто така, треба да се размисли за создавање фондови во буџетот на Комората на медијатори за надоместување на административно-техничките трошоци на постапката и наградата на медијаторот за одредени категории сторители и жртви, кои не се во состојба да ги исплатат тие трошоци.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Barton, C. “Restorative justice empowerment”, VOMA publication, 2000, достапно на интернет: http://www.voma.org/docs/barton_rje.pdf
2. Christie, N. “Conflicts as property”, The British Journal of Criminology, Vol. 17 No1. 1977
3. Coates, R. Vos, B. & Umbreit, M. Obstacles and opportunities for developing victim offender mediation for juveniles: the experiences of six Oregon counties, 2001, достапно на интеренет: http://www.cehd.umn.edu/ssw/rjp/Resources/Research/Oregon_APPENDIX_A.pdf,
4. Лажетиќ-Бужаровска, Г. Алтернативи на затворот, НИП Студентски збор-Скопје, 2003
5. Mediation in penal matters, Recommendation No. R (99) 19, adopted by the Committee of Ministers of the Council of Europe on 15 September 1999 and explanatory memorandum
6. Restorative Justice Juvenile Victim/Offender Mediation Program, Volunteer Application Form, The Center for Dispute Resolution Training, Missouri State University, Department of Communication
7. Ruth-Heffelbower, D. ili Montanez, J. Victim-offender Mediation Refusals – a study of mediator perceptions, достапно на интернет: http://peace.fresno.edu/docs/VORP%20refusals.pdf
8. Umbreit, M. & Greenwood, J. Guidelines for victim-sensitive victim-offender mediation: Restorative justice through dialogue, US Department of justice, Office of Justice Programs, 2000, достапно на интернет: http://www.cejamericas.org/doc/documentos/doj-victim-sensitive2.pdf
9. Victim-Offender Mediation Association Recommended Ethical Guidelines, достапно на интернет: http://cehd.umn.edu/ssw/rjp/Resources/RJ_Dialogue_Resources/Training_Resources/VOMA%20ethics.pdf

10. Wright, M. Restorative justice outside the criminal justice system: How far have we come?, Paper to Second Conference of the European Forum for Victim/Offender Mediation and Restorative Justice: Restorative justice and its relation to the criminal justice system, Oostende, Belgium, 10-12 October 2002

11. Закон за малолетничка правда, Службен Весник на Република Македонија бр. 87/2007

удк 327.84.07:005.31

# НАУЧНО И ТЕОРЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ РАЗУЗНАВАЧКА ДЕЈНОСТ И РАЗУЗНАВАЧКА СЛУЖБА[149]

**д-р Татјана Гергинова**

Факултет за безбедност – Скопје

tanjagerginova@gmail.com

## АПСТРАКТ

Современите национални држави се соочуваат со ризици и закани по националната безбедност, кои се манифестираат преку нелегалната трговија со оружје, дрога и луѓе, корупцијата, тероризмот, организираниот криминал, поседување големи количества илегално оружје, нуклеарни закани со низок интензитет, компјутерски криминал итн. Ако кон ова ја додадеме и промената на геополитичката карта на светот, глобализацијата, невоените закани и притисоци, неминовно го условуваат новиот систематски пристап кон дефинирање, одредување на организациската структура и функционирање на разузнавачките служби, но се и јасен повик за засилување на разузнавањето и разузнавачката дејност. Целите на формирањето и дејствувањето на разузнавачките служби е во функција на извршување на задачите кои се важни за одржување и унапредување на националната безбедност, истите се неопходни за заштита на земјата од опасности и закани насочени кон нејзината безбедност и одбрана, и истите се основа за водење на надворешната и внатрешната политика и за управување со воените и економските работи на земјата. Разузнавањето е доста чуствително подрачје на истражување, и истото се карактеризира со доста тајни и специфични карактеристики. Потешкотии во дефинирањето на разузнавачката дејност и службите што ја извршуваат, произлегува и од самиот факт што разузнавачките служби како специјализиран дел од државниот апарат се легални организации со утврден законски делокруг на работа, но тие истовремено нелегално работат против други земји, и ова бара висока стручност, професионалност, специјализација и работа на нејзините кадри во

[149] Прегледан научен труд

сложени услови како и следење на најновите достигнувања на науката и технологијата.

**Клучни зборови:** разузнавачка служба, разузнавачка дејност, разузнавање

## ВОВЕД

Како постојан и специјализиран орган на државната управа со разузнавачка функција, разузнавачката служба, настанува на преминот од средниот во новиот век, во периодот на развиениот феудализам и апсолутната монархија. Процесот на трансформирање на разузнавачката служба во посебен државен орган траел неколку стотици години и завршил во целост дури во 19 век со создавање на националните безбедносно-разузнавачки системи. На тој начин дошло до институционализирање на разузнавачките активности.[150]

Достапни сознанија за развојот на разузнавачките активности во стариот век, односно во првобитната заедница и робовладетелското општество, како и во среднот век до периодот на ренесансата, покажуваат дека тие биле исклучиво од политичка, односно воено-полтичка природа. Воглавно се манифестираат во форми на класична шпиунажа, вклучувајќи пласирање дезинформации и користење на примитивни средства (за тајнопис, шифрување, сигнализација и др.). Носителите на разузнавачките активности во поголем дел биле поединци мотивирани со авантуризам, и кои истовремено имале и други функции, пред се војнички, дипломатски и полициски. Постојана

[150] Во најширока смисла, разузнавачкиот феномен го сочинуваат разузнавачката дејност и организациите кои ја спроведуваат. Всушност, разузнавачките активности настанале со долготраен еволутивен процес, и поради тоа неможе прецизно да се утврди ниту времето ниту местото на нивното настанување. Меѓутоа може да се каже дека се стари колку и самата човечка цивилизација, бидејќи за нив сведочат многубројни споменици од материјална и духовна култура. Постојат теоретичари кои разузнавачката активност ја прифаќаат како историска категорија, меѓутоа меѓу нив нема потполна согласност за тоа, кога временски разузнавачката активност всушност настанува. Едни автори појавата на тие активности често ја врзуваат за настанокот на правната држава, поточно за четврт милленниум пред новата ера. Според други сфаќања (поткрепени се и со резултатите на современите антрополошки истражувања), раните форми на разузнавачките активности егзистираат уште во првобитната заедница, или попрецизно, разузнавачките активности настануваат во родовско-племенските заедници, паралелно со појавата на социјалните нееднаквости на внатрешен план и воените судири на надворешен план. Настанувањето на овие активности непосредно е условено со појавата на тајните како општествена категорија и судирите кои се резултат на различни интереси. Собирањето на тајни податоци од воена и политичка природа постоеле уште во најстарите државни заедници на Средниот Исток.
Од извидување и набљудување, кои постојат во најпримитивните заедници, разузнавачката дејност квалитативно се разликува, бидејќи со неа се откриваат тајни кои противникот намерно ги крие (со организирани дејствија). За ова види повеќе кај д-р Милан Милошевич, "*Систем државне безбедности*"

и стручно оспособена организација која ке се занимава со исклучиво разузнавачка работа не била дефенирана, додека методите на разузнавачката работа се сведувала на вештини на маскирање, лукавство, досетливост и слично. Разузнавачките проблеми, владарите и војсководците ги решавале според укажаната потреба, а најчесто непосредниo пред самата битка.

Следна карактеристика на разузнавачките активности од тој период е нивната поврзаност за војувањето, бидејќи исклучиво се сведувале на воена шпиунажа. Разузнавачите дејствија се користеле не само во борби против други држави, туку и во гушење на внатрешни судири и побуни. Нивната улога во другите области била периферна. Разузнавачката работа не била постојана и систематска, туку се превземала од случај во случај, најчесто во време на вооружен судир. И во мирнодопско време, разузнавачката активност била во склоп на непосредни подготовки за воени походи.[151] Исто така во стариот и средниот век разузнавачката активност се спроведувала илегално, бидејќи се сметала дека не е достојна да се изразува со витештво.[152]

Со текот на развојот на човековата историја па се до денес разузнавачката дејност, како важен составен дел на вкупната човечка дејност, се извршува пред се тајно и преку тајни активности. Првиот познат пишан извор за некаков вид разузнавачка дејност датира од 4000 години пред нашата ера, напишан на глинена плоча, пронајден во археолошки ископини на подрачјето на денешна Сирија, а со него се врзува името на Банум, најстариот познат “шпиун” во историјата.[153]

Процесот на прераснување на разузнавачката активност во разузнавачка служба- како посебен, постојан и професионален орган на државната управа со разузнавачка функција почнува во 13-от и трае до 19-ти век. Силен интензитет на тој процес му даваат големите географски откритија и првите колонијални освојувања во 15 и 16-от век кои ги прошириле и зајакнале стоковно паричните односи и трговските врски во земјите од Западна Европа, посебно во Холандија, Шпанија, Португалија, Франција и Англија.[154]

До целокупен развој на разузнавачките актиности, нивна институционализација и создавање на класична разузнавачка служба, за прв пат во историјата се остварува во времето на Буржоаската

[151] Во овој период„ разузнавачките активности ги користеле интензивно, како средство во политичка борба (дворски сплетки, династиски борби), поединци и одредени групи.

[152] Од аспект на кривичното право таа активност се сметала за акт на предавство и е строго казнувана. На пример во стара Грција разузнавачката дејност (шпиунажа) е санкционнирана со смртна казна, со конфискација на целовкупниот имот и фрлање на телото на осудениот надвор од границите на земјата.

[153] Љубомир Стајич, Основи безбедности, Полициска академија - Београд, 2004, стр. 201.

[154] За ова види повеќе кај д-р Милан Милошевич, "*Систем државне безбедности*",

револуција во Англија (1640-1660). Имено канцеларот Оливер Кромвел со своето влјание допринесува во 1647 год. да се основа првата разузнавачка служба под надлежност на парламентот. Таа година се зема како датум кога настанала разузнавачката служба во права смисла на зборот, бидејќи тогаш за прв пат нејзиниот делокруг на работа во обласста на разузнавачките и безбедносните работи ги има регулирано највисокото представничко тело на државата.

Во периодот на колонијализмот и подоцна империјализмот доаѓа до класен антагонизам и судири, а кон крајот на 19 и почетокот на 20 век се јавуваат и силни антиколонијалистички и национално-ослободителни движења. Тоа влијаело на уште посилен развој на разузнавачкит активности со цел зачувување на интересите на владеачките класи на внатрешен план, додека на надворешен план реализација на политичките интереси кои често имале карактер настапување од позиција на моќ и примена на сила во меѓународното општење. Во тој период почнува да се создаваат моќни и ефикасно организирани разузнавачки и безбедносни ситеми, кои со одредени измени постојат во многу земји и денес. Разузнавачките служби од тоа време прераснуваат во јаки државни институции, со добра логистичка и материјална поддршка. Поради тоа со сигурност може да се заклучи дека во периодот помеѓу двете светски војни и непосредно после тоа, во времето на така наречената студена војна, постепено е завршен процесот со кој разузнавачката служба го добила својот современ организационен облик и делокруг на работа.

Оттогаш па се до денес, разузнавачката служба како специјализиран дел на државниот апарат придонесува за успешно функционирање на државниот апарат на внатрешен и надворешен план, и нејзина основна цел е да ги сочува сопствените, а истовремено да ги открие тајните на другите држави. Целокупната нејзина активност, дејност и задачи се строго усклaдени со целите и задачите на државата, односно нејзините раководни органи. Како дел од државниот апарат, на истиот му доставува информации и податоци за политичките, воените и економските состојби во соседните и другите држави. На тој начин разузнавачката служба на секоја национална држава и овозможува целисходно да ја води надворешната политика и да ги ускладува сите облици на меѓународни односи и врски.

## ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ РАЗУЗНАВАЧКА ДЕЈНОСТ, РАЗУЗНАВАЧКА СЛУЖБА И РАЗУЗНАВАЊЕ НА НАУЧНО И ТЕОРЕТСКО НИВО

Во научната и во друга литература постојат многу сваќања и поимни определувања за тоа што претставува разузнавачката дејност, кои се нејзините домени и кои се органите, телата и службите што ја извршуваат. Суштината на разузнавачката дејност и служба како општествено-политички феномен и државен продукт се уште не е доволно научно и теориски објаснета и детерминирана. Многу од овие сваќања не ја опфаќаат вистинската содржина на оваа дејност, а некои го упростуваат предметот на нејзиното истражување. Така, едни ја поистоветуваат со установа за прибирање податоци и информации. Други сметаат дека се работи за државен орган кој извршува некои технички работи. Трети ја одредуваат содржината на работата на разузнавачките служби врз основа на видливи манифестации на нејзината активност или со законот пропишаните надлежности.[155]

Денес постојат размислувања дека разузнавачката дејност претставува област на државна активност во која од сите носители се бара висока прецизност, навременост, ефикасност и аналитичност. Секоја разузнавачка информација и дејствување мора да ги задоволи следниве стандарди: праведност, објективност, употребливост, подготвеност, целовитост, точност и важност.[156]

Тежината во дефинирањето на поимите разузнавачка дејност и разузнавачка служба се јавува од неколку причини:

Прво поимот разузнавачка служба се употребува двострано, за означување на дејноста и за означување на носителот на дејноста. Второ, во англискиот јазик, на пример, поимот *intelligence* се користи за податок односно податоци (информација/информации) и за разузнавачка дејност: како дејност на прибирање на тајни податоци за други земји или за тајното дејствување на поединечни групи внатре во самата држава или пак, како државна организација која ги прибира таквите податоци.[157]

Рој Годсон, професор на универзитетот Џорџтаун, кој воедно е претседател на Националниот центар за стратегиски информации и претседател на Невладиниот конзорциум за проучувањето на

[155] Котовчевски М., Тајни служби, Македонска цивилизација, Скопје, 2000, стр. 55.
[156] Joint Publications 2-0: Joint Doctrine for intelligence Support to Operations, Joint Chiefs of Staff, Washington, 1995, pp. 4-15.
[157] Содржината на поимот разузнавачка служба, подеднакво се однесува на дејноста и организацијата која таа дејност ја извршува, и така сочинуваат една целина. Љубомир Стајич, Основи безбедности, Полициска академија - Београд, 2004, стр. 201.

разузнавањето, разузнавањето го опишува како “знаење, организација и активност која резултира во: (1) собирање, анализа, производ, дистрибуција и специјализирана експлоатација на информации што се поврзуваат со која било друга влада, политичка група, партија, воена сила, движење или друго здружение за кои се верува дека се поврзани со безбедноста на групата или владата; (2) неутрализација и спротивставување на слични активности од други групи, влади или движења и (3) тајните активности преземени да влијаат на составот и однесувањето на такви групи или влади.[158]

Врз основа на дефиницијата Рој Годсон утврдува четири елементи на разузнавањето:

1. Тајно собирање што претставува добивање важни информации низ употребата на специјални, обично тајни, човечки и технички методи;
2. Контраразузнавање што претставува идентификување, неутрализирање и искористување на други државни служби за разузнавање;
3. Анализа и процена односно процена на собирање и други податоци и испорачување до креаторите на политиката завршен производ кој е појасен отколку што може да биде во самите податоци;
4. Тајна акција што претставува обид да се влијае на политиката и настаните во други држави пред да се открие сопствената вмешаност.

Под поимот "Разузнавачка активност" се подразбира специфична општествена активност насочена спрема надворешните и внатрешните противници, односно кон актуелните или потенцијални непријатели на одредени држави или општествени групи, чиј предмет на интересирање се најсуптилните и најдобро чувани тајни на странските држави и другите општествени субјекти, а кои се превземаат со цел реализација на виталните интереси на државите, односно други општествени групи.[159] Основна цел на разузнавачката активност, е доаѓање до специфични информации, по правило од таен (прикриен) карактер, а само исклучително и од јавен карактер, односно попрецизно кажано, целта на разузнавачката активоност, на разузнавачките служби представува доаѓање до специфични доверливи информации кои се од

[158] Roy Godson, Intelligence and National Security vo Rishard Shultz, Roy Godson, Ted Grenwood (eds.) Security Studies for the 1990s, Washington, New York, London: Brassey' s /US/, A Maxwell Macmillan Company, 1993, p. 213.

[159] Батковски, Томе., Разузнавачка, безбедносна и контраразузнавачка тактика, Скопје, 2008.

значење за реализација на останатите стратешки интереси на одредена држава или на друг соодветен ентитет.

Сложеноста на разузнавачката сфера како и динамичноста, променливоста и приспособливоста на дејствувањето на разузнавачките служби во согласност со барањата и потребите на општеството, ја објаснува тешкотијата да се најдат релевантни научни референци, па во тој контекст да се изврши избор на одделни дефинициски одредувања за значењето на разузнавачките служби.

Еден број на автори го утврдуваат значењето на разузнавачките служби, испуштајќи ги општествено-економските услови на нивното настанување и почетно организирање. Овие автори "Разузнавањето" го дефинираат како прибирање на податоци кои можат да и олеснат на владата да постигне предност над противникот или разузнавањето е процес во кој се одредува употребливоста и веродостојноста на информацијата која овозможува да се надвладее противникот.[160]

Во седумдесетите години на XX век Енциклопедија Британика ги дефинира *задачите на разузнавачките служби* на одредена држава како "постојано прибирање и анализирање на податоци за ставот, можностите или веројатните политички одлуки на други држави", како и "да набљудува, известува, анализира и резимира, како и непрекинато да го извршува тој процес".[161]

Поимот *разузнавачка служба* има свое пошироко и потесно значење: потесното подразбира национален разузнавачко-безбедносен систем кој се состои од специјализирани организации и установи на некои држави; додека поширокото значење ги подразбира носителите на вкупните разузнавачки активности кои ги преземаат и други институции, организации, групи или поединци на одредена држава.[162]

Шерман Кент, разузнавачката служба ја доведува во корелација со информирањето, и определува дека основна задача на разузнавачките служби е прибирање информации, нивна систематизација и доставување до заинтересираните корисници.

Во основа многу автори генезата и егзистирањето на поимот разузнавачки служби го врзуваат за појавата на тајни. Така во таа насока, С. Родиќ го дефинира поимот *разузнавачка служба* како државен орган кој има основна задача да информира за тајните на противникот. За таа цел, разузнавачката служба развива одредена дејност која е многу разновидна, составена од редица конкретни

[160] William V. Kennedy, *Intellegence War*, Salamander Books, London, 1983, p. 15.
[161] Eyclopaedia Britanica, 1970/XII, во Milašinović R., *Tajne paralele – obaveštajna služba u međunarodnim odnosima, NIRO,* 4. Jul, Beograd, 1981., str. 15.
[162] Savić A., Delić M., Bajagić M., *Bezbednost sveta: od tajnosti do javnosti, Beograd., 2002, str. 6-18.*

одделни дејности и со секоја од нив се остваруваат поблиски цели кои се сведуваат на заедничка, општа и крајна цел која се состои во разузнавање за тајностите на противникот.[163]

Ханс Борн ги дефинира *разузнавачките служби* како владини служби кои се одговорни за собирање, средување и давање на информациите со цел да се осигура безбедноста на општеството и слободата на нејзините граѓани.

Ханс Борн го дефинира поимот *разузнавачки служби* и како инструмент во рацете на државните институции кои можат да бидат користени во два приода - добар и лош. Позитивното значење на разузнавачките служби се објаснува, преку определувањето на разузнавачките служби како инструменти во рацете на одговорни демократски лидери и тогаш функционираат добро. Кога разузнавачките служби претставуваат инструменти во рацете на луѓе кои се интересираат за конфликти и корекции, тогаш овие служби се користат за лоши цели.[164]

Во Прирачникот за парламентарен надзор на Секторот за безбедност се наведува дека разузнавачките служби се клучна компонента на секоја држава, кои даваат независна анализа на информациите кои се однесуваат на безбедноста на државата и на општеството и заштита на неговите витални интереси.[165]

Во американската енциклопедија се вели дека "на барање на политичкиот совет на една држава, разузнавачката служба извршува дејност на прибирање на информации за можностите и намерите на странските влади или се занимава со прибирање на кои било други информации".

Според д-р Милан Милошевиќ под разузнавачка служба се подразбира специјализирана организација на државниот апарат, која со специфични методи и средства извршува разузнавачки, безбедносни, субверзивни и други активности, со цел заштита на внатрешната и надворешната безбедност и реализација на стратегиските цели на сопствената држава, како и заштита на самата служба.[166]

Според Маслеша разузнавачката служба треба да се дефинира како специфична, специјализирана, високопрофесионална и релативно самостојна општествена институција која во согласност со законски

[163] Rodić S., Obaveštajna služba kao društveno-politička kategorija, Beograd, 1969, str. 58.
[164] Born H., Democratic and Parlamentary Oversight of the intelligence Services: Practices and Procedures, во Sourcebook on Security Sector Reform, Fluri P., Hađić M. (eds.) Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces/Centre for Civil-Military Relations, Belgrade, Geneva/Belgrade, 2004, pp 275-277.
[165] Види: Парламентарен надзор на секторот за безбедност, начела, механизми и практики, ИПУ ДЦАФ, Гораграф, Београд, 2003, стр. 64.
[166] Д-р Милан Милошевиќ; Систем државне безбедности, Полициска академија, Београд, 2001, стр.

дадените овластувања и со користење посебни легални и тајни методи и средства на системски начин прибира заштитени релевантни информативни податоци и други информации за плановите и намерите на другите држави или нивни одделни институции, кои се потребни за обликување, креирање и водење на глобалната политика особено на надворешно-политички план. Истовремено должност на разузнавачката служба е да ги заштити виталните интереси на сопствената држава, така што таа открива, следи, проучува и оневозможува дејствување на странските разузнавачки служби, како и на други структури кои првенствено на тој начин се занимаваат со разни видови недозволени дејности.[167]

Според д-р Љубомир Стајиќ, разузнавачката служба се дефинира како специјализирана, релативно самостојна институција на државниот апарат која е овластена со легални, но и со тајни средства и методи да прибира значајни разузнавачки податоци и информации за други држави или нивните институции и можни внатрешни противници на државата, потребни за водење на државната политика и преземање други постапки во војна и мир, и со сопствена активност, самостојно или со други државни органи да спроведува дел од државните и политичките цели на земјата.[168]

Според д-р Алекса Стаменковски, разузнавачките служби се клучна компонента на секоја држава, кои даваат независна анализа на информациите што се однесуваат на безбедноста на државата и на општеството и заштита на неговите витални интереси.[169]

Според д-р Митко Котовчевски, разузнавачката служба претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање, анализа и процена на разузнавачките податоци и информации за другите држави, за нивните воени и екомоски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредување помеѓу државите ( и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата.[170] Исто така, тој посочува дека денес разузнавачките служби се занимаваат “со предвидување на иднината” од посебен интерес за националната безбедност. Тие претставуваат “очи и уши” на современите држави и нивното потценување неизбежно ги прави државите “слепи и глуви” доведувајќи го во прашање нивниот национален опстанок.

[167] Masleša R., *Teorije I sistemi sigurnosti,* "Magistrat" Sarajevo, 2001, str. 196-198.
[168] д-р Љубомир Стајиќ, Основи безбедности, Полициска академија - Београд, 2004, стр. 201
[169] д-р Алекса Стаменковски, Основи на разузнавањето, НИП ЃУРЃА, Скопје,
[170] д-р Митко Котовчевски, Совренени разузнавачки служби, Скопје, 2002, стр. 41.

Разузнавачката служба претставува специјализиран дел од државната управа што прибира, класифицира, анализира, проценува и презентира пред државниот врв, податоци, оценки и предлози од политички, воен, економски, културен и друг карактер, во врска со виталните државни интереси и цели, се ангажира на извршување други задачи добиени од државниот врв, а се однесуваат на остварување стратешки национални цели и ги заштитува сопствените интереси од противникот.[171]

Всушност можеме да констатираме дека поимот разузнавачка служба е мултидисциплинарен. Ова се должи на специфичностите на разузнавачките служби во различни земји, но и на тешкотиите во дефинирањето на поимите разузнавачка дејност и разузнавачка служба, кои произлегуваат од самиот факт што разузнавачките служби како дел од државниот апарат, се легални организации, засновани врз законски и други одредби на државата, но тие истовремено нелегално работат против други земји. Ова бара висока стручност, професионалност и специјализираност на кадрите кои се вработени во разузнавачката служба, следење на најновите достигнувања на науката, техниката и технологијата итн.

Посочените дефиниции ги истакнуваат фундаменталните аспекти на работата на разузнавачките служби, и врз основа на нив можеме да го заклучиме следново:

- Разузнавачката служба е специјализиран дел на државниот апарат;
- Со разузнавачката служба раководи најтесниот политички врв на државата (шефот на државата, премиерот, комисија на парламентот итн.);
- Разузнавачката служба е релативно самостојна во однос на другите структури на власт;
- Со легални но и со тајни средства и методи ги собираат потребните податоци и
- Со закон се овластени да ги реализираат своите задачи.

Како карактеристики на разузнавачките служби во современи услови можеме да ги одредиме следниве:

- Разузнавачката служба е еден од основните инструменти во функција на остварување на виталните интереси на стварните носители на власт (политички, економски и др.) во државата на која и припаѓаат. Без оглед на тоа дали нивната улога во

[171] Батковски, Т., *Разузнавачка, безбедносна и контраразузнавачка тактика,* Скопје, 2008, стр. 17.

конкретниот случај е непосредна или посредна, овие служби имаат истакнато место во креирање на внатрешната и надворешната политика. Бидејќи се специјализирани установи на државниот апарат и делуваат во рамките на постоечките национални безбедносно-разузнавачки системи, јасно е дека својата функција ја вршат исклучиво на национално ниво.

- Основен елемент на постоење и делување на разузнавачката служба претставува тајноста, која претставува основ на предметот на разузнавачките дејности (тајните во меѓучовечките односи). Од друга страна, разузнавачката служба во својата работа, применува разноврсни тајни методи и средства и воедно ги чува во најголема тајност од противничките разузнавачки служби. Тајноста постои како принцип и во реализацијата на задачите кои ги добива од носителите на власта, без оглед на тоа дали станува збор за заштита на виталните вредности и тајните на сопствените држави или за откривање на тајните на противникот.
- Разузнавачката служба се карактеризира со специјализирана, професионална и тимска работа, кои се огледуваат првенствено во планско насочување на нејзините активности во одредена област(проблематика) и постојано стручно усовршување на нејзините кадри. Истовремена разузнавачка обработка на голем број прашања од стручен карактер, налага потесен стручен пристап кон широката категорија на проблемот. За да може на нив ефикасно и благовремено да се одговори, неопходно е тимско делување на сите нивоа и во сите фази на разузнавачкиот процес.
- Основни видови на делување на разузнавачката служба се разузнавачките и субверзивните активности, како и други помошни активности;
- Примена на специфични методи и средства во спроведување на разузнавачките и субверзивните активности, кои не се карактеристични за делување на другите установи и служби внатре во државниот апарат, но и се поголемо користење на легалните можности (извори и средства) за разузнавачка работа. Се развиваат нови средства на разузнавачката пракса и оригинални решенија во тактиките и методите на делување;
- Превентивност како основна активност, односно дејствување на разузнавачката служба на планот на предвидување и предупредување на многуте активности на противникот насочени против виталните интереси на сопствената држава. Со

постојано проширување и интензивирање на своите активности во нови услови, современата разузнавачка служба истовремено остварува и заштитна и информативна функција. Затоа со право се смета дека дејноста на современата разузнавачка служба по обем и цели ги надминува рамките на заштита на државната безбедност.

- примената на најновите научни и технолошки достигнувања (средства) во реализацијата на двата вида активности на РС.

Одредувајќи ги поимите "разузнавачка служба" и "разузнавачка дејност", теоретски можеме да го одредиме и поимот "разузнавање".

Во основа разузнавањето има обврска:

- да ги штити суверенитетот, независноста итериторијалниот интегритет на една земја;
- да обезбеди заштита на уставниот правен поредок, заштита на човековите права и основни слободи;
- да извршува разузнавачки активности (да превзема дествија насочени спрема надворешните и внатрешните противници, односно кон актуелните или потенцијални непријатели на одредени држави или општествени групи, чиј предмет на интересирање се најсуптилните и најдобро чувани тајни на странските држави и другите општествени субјекти, а кои се превземаат со цел реализација на виталните интереси на државите, односно други општествени групи), за да ја обезбедат националната безбедност на една држава;
- да извршува контраразузнавачки активности за да ги идентификува, оневозможи и елиминира разузнавачките акции на странски разузнавачки служби или организации или поединци вклучени во шпиунажа, саботажа, субверзија или тероризам;
- да ги обезбеди безбедносните структури на земјата како што се Претседателот на државата, владата и парламентот со потребните информации неопходни за решавање на одредени проблеми поврзани со остварување на безбедноста во сферата на внатрешната и надворешната политика, општествениот и економскиот развој, научниот и технолошкиот прогрес;
- да се бори против тероризмот, организираниот криминал, корупцијата кои влијаат на интересите на националната безбедност, како и да ги идентификува, да ги спречи и да ги елиминира другите закани;
- да обезбеди заштита на високи владини функционери и странски дипломати, заштита на владата и нејзините тела, да ги штити странските и јавни личности за време на нивниот престој во одредена држава.

Разузнавањето односно разузнавачките способности на една земја претставуваат решавачки инструмент за интегрално остварување на националната безбедност. Со разузнавањето се обезбедуваат податоци и информации, неопходни за заштита на земјата од опасностите и заканите насочени кон нејзината безбедност и кон нејзината одбрана и други интереси; обезбедување податоци и информации, примарни и обработени, кои служат како основа за водење на внатрешната и надворешната политика и за управување со економските работи на земјата; како и за помагање на политиката за да може да ги предвиди заканите насочени кон нејзината безбедност и да се информираат безбедносните структури за успешно извршување на нивните задачи.

## ЗАКЛУЧОК

Сложеноста на разузнавачката сфера како и динамичноста, променливоста и приспособливоста на дејствувањето на разузнавачките служби во согласност со барањата и потребите на општеството, ја објаснува тешкотијата да се најдат релевантни научни референци, па во тој контекст да се изврши избор на одделни дефинициски одредувања за значењето на разузнавачките служби и остварувањето на разузнавачката дејност.

Горе наведените дефиниции во извесна смисла ја објаснуваат суштината и карактерот на работа на разузнавачката служба. Посочените дефиниции ги истакнуваат фундаменталните аспекти на работа на разузнавачката служба, која е специјализиран дел од државниот апарат што прибира, класифицира, анализира, проценува и презентира пред државниот врв, податоци, оценки и предлози од политички, воен, економски, културен и друг карактер, во врска со виталните државни интереси и цели, се ангажира на извршување други задачи добиени од државниот врв, а се однесуваат на остварување стратешки национални цели и ги заштитува сопствените интереси од противникот. Нејзина основна задача е да ги препознае ризиците и заканите како надворешни, така и внатрешни и да обезбеди анализа и информации за истите и да се справи со нив.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Милошевич, М., *Систем државне безбедности*, Полицијска академија, Београд, 2001.
2. Батковски, Т., *Разузнавачка, безбедносна и контраразузнавачка тактика,* Скопје, 2008.
3. Стајич, Љ., *Основи безбедности,*Полициска академија, Београд, 2004.
4. Котовчевски, М., *Современи разузнавачки служби*, Македонска цивилизација, Скопје, 2002.
5. Котовчевско, М., *Тајни служби,* Македонска цивилизација, Скопје, 2000.
6. Котовчевски, М., *Национална безбедност на Република Македонија,* I, II, и III книга, Македонска цивилизација, Скопје, 2000.
7. Гоцевски, Т., *Основи на системот на национална одбрана,* Филозофски факултет, Скопје, 2006.
8. Националната концепција за безбедност и одбрана објавена во Службен весник на Република Македонија, бр. 40 од 23 јуни 2003 година.
9. Закон за Агенцијата за разузнавање, Службен весник на Република Македонија бр. 19/95.
10. Закон за управување со кризи, Службен весник бр. 29/2005.
11. Masleša R., *Teorije i sistemi sigurnosti,* "Magistrat" , Sarajevo, 2001.
12. Management of Defence, Democratic and Civilian Control, Including Integration of Security Sector, pp. 2-3.
13. Wolfers A., National Security as an Ambiguous Symbol, Discord and Collaboration, John Hopkins University Press, Baltimore, 1962.
14. Security Sector Reform: Institutions, Society and Good Governance, Bryden A. and Fluri P. (eds.), Nomos Verlagsgesellschaft, Baden-Baden, 2003.

удк 7.03(497.7)

# ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО УМЕТНОСТА[172]

**д-р Јане Бакрески**
„Илинденска“ 48, Лескоец, Охрид
Универзитет за информатички науки и технологии
„Свети Апостол Павле“ - Охрид
jane.bakreski@uist.edu.mk

**д-р Пере Аслимоски**
Универзитет „Свети Климент Охридски“ - Битола
pereftu@hotmail.com

## АПСТРАКТ

Имајќи ги во предвид актуелните случувања на светската ликовна сцена, очигледна е тенденцијата за глобализација на уметноста и културата како цело. Но, во една таква ситуација, релациите на локалните традиционални елементи со пошироките глобални вредности, не означува нивно спротиставување. Напротив, ликовната традиција и културното наследство претставуваат фундамент врз кои се гради современата уметност. Во овој труд се актуелизира прашањето за односот на иновативното и традицијата во уметноста. Предмет е проучување на процесот на создавање и развој на иновативното во уметноста т.е. ингеренциите и проекциите кои ги има традицијата врз тој процес. Првиот дел го обработува социо-културниот аспект на иновативното и традицијата, во вториот дел е даден конкретен пример преку подемот на модерната уметност низ преоткривањето на „старите уметности“ и третиот дел зборува за создавањето на македонскиот ликовен идентитет преку традиционалните ликовни вредности.

**Клучни зборови:** традиции, иновации, уметност, сликарство

[172] Прегледан научен труд

## ВОВЕД

Националната култура егзистира (се манифестира), пред се, како специфичен културен систем на вредности (морални начела, верувања, обичаи, јазик, уметност, религија итн.), кои произлегуваат од нивното долгогодишно заедничко живеење, односно традицијата. Покрај историскиот карактер, треба да се напомене дека националните вредности ги изразуваат општествените потреби и интереси, дека од припадниците на дадена нација емоционално се доживуваат како нешто свое, посебно и вредно за почит, чување и бранење, како нешто што ги поврзува во заедница. Таквото доживување е субјективно, но бидејќи е присутно кај сите членови на нацијата, добива интерсубјективен карактер или карактер на колективна свест која посебо доаѓа до израз во кризни стуации и при решавање на егзистенцијални прашања на нацијата. Вредностите на секоја национална култура се специфични, но тоа не значи дека се и противречни со вредностите на другите нации и со општочовечките вредности, иако има случаи кога вредностите на сопствената нација се доживуваат како единствено достојни за почит, се омаловажуваат вредностите на другите нации и слично, што предизвикува појава на национализам, шовинизам, па и фашизам. Ваквите појави ја спречуваат коегзистенцијата меѓу нациите во една или повеќе држави, нивно меѓусебно почитување и соработка. Оттука националната култура во суштинска смисла на зборот е збир на економско, обичајни, морални, политички и духовни вредности кои, иако специфични, се вклопуваат во системот на општочовечките вредности.

Во таа смисла културата се јавува како едно од битните обележја на идентитетот на секој народ и нација.

Најопшто, културата се сфаќа како збир на наследеното и новосозданото материјално и духовно творештво, чија цел е да го олесни одржувањето, продолжувањето и напредокот на човештвото во целина. Тоа значи дека културата содржи две битни компоненти:

- традиција – или пренесување на веќе создадените културни вредности и
- иновации или создавање на нови вредности или прогрес.

Овие два елементи на културата се во постојана дијалектичка поврзаност, меѓусебно се надополнуваат и условуваат. Овие прашања се дотолку важни што традицијата како феномен во современи услови на живеење покажува две спротивни тенденции:

- или се појавува како појдовна точка и база во остварувањето на позитивниот општествен развој, особено кога културното

наследство творечки се одржува, негува и пренесува од генерација на генерација;

- или претставува кочница на општествениот развој, го отежнува, забавува и кочи напредокот и создавањето на нови културни вредности, тежнее кон одржување на статус кво сотојба, особено кога традицијата се гледа како нешто круто и непроменливо, како вредност на која треба да се робува, независно од изменетите општествени услови.

Која од овие две спротивни тенденции ќе преовлада во даден општествен момент зависи пред се од начинот на кој ќе се сфати, а посебно од начинот на кој ќе се аплицираат традиционалните вредности во современите општествени рамки, а тоа пак е условено од степенот на демократијата, развиеноста на општествената свест, оппштствената толерантност, развојот на производните сили, зголемувањето на бројот и начините на задоволување на човековите потреби итн.

Во овој труд се актуелизира токму ова прашање, прашањето за односот на иновативното и традицијата во уметноста. Предмет е проучување на процесот на создавање и развиток на иновативното во уметноста т.е. ингеренциите и проекциите кои ги има традицијата врз тој процес.

## СОЦИО-КУЛТУРЕН АСПЕКТ НА ИНОВАТИВНОТО И ТРАДИЦИЈАТА

Традицијата може да се дефинира како компонента на културата, чија битна одлика е прифаќањето и пренесувањето на веќе создадените вредности и добра. Таа е значи конзервативна (но не и конзерваторска) сила бидејќи го зачувува (го одржува) она што веќе постои како позитивен резултат на општествениот и културниот живот. Но, имајќи за цел да ги одржи и да ги пренесува културните вредности од генерација на генерација, таа не треба да се сфати како статична и непроменлива вредност, како вредност која треба да се одржи по секоја цена. Напротив, на патот низ времето, таа се менува и прилагодува кон темелните општествени односи и состојби. Таа е секогаш на проба пред новото време. Традиција станува само онаа општествена вредност која ќе го издржи притисокот на новото време, и ќе опстојува подолг временси период, која ќе успее да се проткае во барањата на современиот живот и во повеќе животни проби на генерациите ќе ја потврди својата корисност. Традиционалните вредности се еден вид селектирани, највредни (најпозитивни) културни искуства создадени низ историјата на предците, кои младото поколение ги прифаќа низ

процесот на учењето и социјализацијата. Тој комплекс на традиционални вредности на младата генерација и овозможува, во општествениот живот и во потребата за натамошно творење, да стартува од едно затекнато ниво на искуства, а нивното ново културно творештво да се јави како чекор понапред од стекнатото.[173] Тоа значи дека традицијата е неопходен предуслов и основа која им овозможува на луѓето, почнувајќи од неа, да можат да создаваат нови вредности и креирајќи ги новите вредности да обезбедуваат континуитет во културата.

Се чини дека општествениот прогрес е невозможен без вклучување на традициите во културното живеење на човекот, иако е познато дека традицијата може да биде и конзервативна сила која го оптоварува општеството или поединецот, затворајќи им ги сознајните хоризонти.

Под иновација во лексичка смисла на зборот најчесто се подразбира новина, воведување на нешто ново, нешто што е настанато во поново време и што битно се разликува од дотогаш постојното, од старото.

Од социолошки аспект, покрај тоа што појавата во себе носи нешто ново (било да е тоа нова структура, функција итн.), за да добие тратман на иновација, потребно е:

- да биде во служба на прогресот – што значи дека и колку да е совршена и нова една појава, доколку не е во функција на подобрување на условите за живеење и пошироко во функција на чивештвото, таа не е иновација. Национализмот н пример, е квалитативно нова појава, битно се разликува од структурата на општеството до неговото појавување, но со оглед дека е негативна општествена вредност и не нуди ништо добро и попрогресивно, не може да биде иновација.[174]

- да биде општествена, надиндивидуална, што значи да биде достапна и во финкција на поголема група на луѓе и на општеството во целина.

- да биде општествено целисходна, општествено историски адекватна, рационална и динамична, што значи да води кон задоволување на одреден општествен интерес на нов начин или пак да отвора нов општествен интерес, нејзината општествена „цена“ да е прифатлива, односно да е во согласност со другите позитивни општествени функции, да го збогатува дотогаш постоечкото искуство, нејзините практични општествени импликации, да одговорат на историски реалните можности на заедницата, да овозможуваат

[173] S. Jurin, P. Radenovic, “Practicum iz opste psihologije”, Beograd, 1974, str. 306
[174] G. Petrovich, Mogishnosti choveka, Zagreb, 1969, стр. 30-31

најефикасен можен начин на задоволување на општествената потреба, да се модифицираат во согласност со општествените промени и д отстапува место на уште подобри иновации за да не се претвори во кочница на општествениот развој.[175]

Врз основа на споменатите основни обележја иновацијата можеме да ја дефинираме како општествено целисходна, рационална и историски адекватна појава која има близок датум на настанување или инхерентни (суштински промени), или со која е направен контакт во поново време и која во општествената средина не е распространета до сатурација (заситување).

Во научната литература, за односот на традицијата и иновацијата постојат најразлични гледања, особено по прашањето за нивната поврзаност и условеност.

Според метафизичкото гледање, традиционалното и новото сознание се меѓусебе исклучиви. Според него, целта на науката е да создава нови знаења, а традицијата само ги надградува старите примери, т.е. постоењето на традицијата од оваа гледна точка противречи на научната дејност.

Од научен аспект гледано овие две појави не само што не се противречни и исклучиви, туку меѓусебно се надоврзуваат и условуваат. Во општествената заедница скоро секогаш е присутна потребата за зачувување на старото, но и потребата за создавање на нешто ново. Во таа смисла, односите меѓу традицијата и иновацијата не треба да се сфатат како историски разделени општествени тежнеења, туку како дијалектички однос на две спротивни, но паралелно постојни тенденции, како однос меѓу минатото и иднината и како законита потреба од менување на постојните вредности во согласност со темелните општествени преобразби. Историски гледано, општеството не може дури ни во најизразените општествени преобразби да се откаже од своето позитивно искуство создаван низ генерациите. Тоа, пак, не значи дека сите новосоздадени вредности треба да коегзистираат со постојаните вредности. Дури ни најновите општествени вредности не можат во целина „да побегнат од топлата прегратка на минатото“. Така традицијата станува се поприсутен процес на интеграцискиот континуитет и општественото трансформирање на позитивните искуства кои се реализираат како конкретно нови. Токму затоа традицијата и иновацијата ја прават секоја култура и цивилизација хибридна. Денес не познаваме ни потполно стари, ни потополно нови култури. Освен тоа, може да се каже дека

[175] Види поопширно Dzhurich d-r Vojislav, “Inovacii u drushtvu”, Zagreb, 1975 год., стр. 33-35.

традициите кои во себе акумулираат богто знаење, создаваат историски и подобри услови за ново творештво, односно за иновација.

Гносеолошкото значење на традицијата произлегува оттаму што таа често претставува појдовна точка во освојувањет на новото знаење. Често, традициите кои во себе акумулираат побогато знаење и искуство од претходните генерации, отвораат поширoки сознајни хоризонти и создаваат историски и подобри услови за новото творештво. Освен тоа, од гносеолошки аспект погледнато, традицијата поседува бројни карактеристики кои го стимулираат научното сознание на предметите и појавите и воопшто сознанието. Во тој правец за позитивната традиција е својствено нејавното знаење, интуитивната очигледност, конзервативноста на мислењето и знаење кое е ограничено со можностите на нучно-истражувачките методи и дострели во претходните периоди. Таа вклучува во себе недокажани и интуитивни знаења, но и мрежа на знаења, темелни за дадената област, изградени на таков начин што овозможуваат конкретен специфичен пристап кон научното истражување. Оттука, традицијата се јавува не само како конзервативна сила, туку и како богат извор на научни хипотези и како појдовна база во освојувањето (стекнувањето)на новите знаења. Во научното сознание, традицијата има улога на концепциска основа, „таа е логична рамка, скелет на знаењето кој подоцна, со научно-истражувачката работа ќе добие крв и месо. Со други зборови кажано новите идеи не се појавуваат (не никнат) на пусто место, туку секогаш се јавуваат како ќерќи, односно како рожба на вредностите кои дотогаш постоеле.[176]

## ПОДЕМОТ НА МОДЕРНОТО ВО УМЕТНОСТА НИЗ ОТКРИВАЊЕТО НА СТАРИТЕ УМЕТНОСТИ

Погледнато од аспект на ликовните уметности, имајќи ги во предвид актуелните случувања на светската ликовна сцена, очигледна е тенденцијата за глобализација на уметноста и културата како цело. Но, во една таква ситуација, релациите на локалните традиционални елементи со поширoките глобални вредности, не означува нивно спротиставување. Ликовната традиција и културното наследство во едни такви услови постојано се преоценуваат и придобиваат нов смисол. Тие се актуелни како никогаш досега и претставуваат фундамент врз кои се гради современата уметност.

[176] А. Н. Антонов, „Научные традиций и диалектика, развити науки", Традиций в познании и културе, Москва, 1986, стр. 8

Борис Петковски во својот зборник на прегледи, студии и есеи „За македонската уметност“, говорејќи за специфичностите на современата уметност во Македонија, потпирајќи се на еден од основните принципи на историското гледање на уметноста на Арнолд Хаузер („Социологија на уметноста“, 1972), ќе каже дека „сегашноста во ликовните уметности има свое минато и своја традиција кои постојано се преоценуваат придобивајќи аспекти и вредности своевремено непознати. Ингеренцијата на минатото во сегашноста е најсуштествен знак на историскиот развиток; таа е резултат на надминувањето на нејзините изминати стадиуми во интерес на иднината... Како врзник меѓу минатото, сегашноста и иднината, традицијата е инструмент за надминување на изминатиот развиток и на придобивките на културата што се во опасност да згаснат“.[177]

Точното дефинирање за тоа што всушност претставува авангардата во уметноста е доста проблематично и овој термин има доста релативно значење. Сепак, генерално кажано, авангардата се однесува на експериментални и иновативни пронајдоци, особено во областа на уметноста и културата. Може да се каже дека претставува печат на модернизмот на XX век. Класика во авангардата претставуваат уметници, сликари, скулптори, графичари итн., кои направија голема револуција во уметноста во првите децении на XX век: фовистите, дадаистите, надреалистите, експресионистите, кубофутуристите, како цело почетокот на XX век е херојски период за ликовните авангарди насекаде во Европа и светот.

Но, подемот на целата модерната ликовна уметност се движи паралелно со откривањето на „старите уметности“ од цел свет: уметностите на Африка, старите култури на Маите и Ацтеките, средновековната уметност на Византија итн. Илустративно и како конкретен пример тука би сакал да го посочам делото „Госпоѓиците од Авињон“ (1907 година), ремек-дело на Пикасо кое претставува револуционерна точка во развојот на модерната уметност. Во обемното издание посветено на историјата на уметност „The Visual Arts: A History“, авторите Hugh Honour и John Fleming, ова дело го разгледуваат како нов приод кон проблемот на формата и пространството во сликарството. „Може да се откријат најразлични влијанија: сликарството на Ел Греко, доцното творештво на Сезан, иберијската скулптура итн. Се пак, африканската уметност претставува крајниот поттикнувач и катализатор на процесот на создавањето на ова

[177] Б. Петковски. *За македонската уметност*. Скопје, 1989, стр. 281

дело. Влијанието на африканската уметност е во насока на радикална промена на формата и структурата во сликарството.“[178]

Секако, Пикасо не е единствениот уметник кој ја преоткрива африканската уметност, но е може би најсилниот пример за тоа како старите уметности и традицијата може да предизвикаат креативно откровение и да претставуваат извор на творечка енергија. Примитивните уметности во овој случај создаваат еден нов начин на перцепција на визуелниот свет и токму заради тоа се во основата на модерните ликовни правци. Тоа е така бидејќи се концептуално структурирани (повеќе се потчинети на идејата и значењето, отколку на естетски визуелното).

Од таму доаѓа и напуштањето на единачната гледна точка и нормалните пропорции, како и редуцирањето на анатомијата до геометриски форми. Овај начин на мислење е доста различен од дотогашниот, конвенционален пристап во западната уметност. Но, интелектуалниот пробив не се однесува само на третманот на формата и пространството. Тука веќе станува збор за нови состојби на разумот, за отфрлање на „удобната“ репрезентативна уметност.

Авангардата уште со дадаизмот се определи како носител на „ветрот на незадоволството и нужната побуна“. Ќе се согласиме сите дека „добриот негативизам“ во време на криза, како и разорувањето е добро, дури и ако се гледа како на преодна етапа кон појавувањето на некој нов поредок. Дадаизмот се појави не само како реакција на војната во тоа време, туку како нужна состојба на духот, симптом кој ќе се појави секогаш за време на криза. Или како што Ноел Арно ќе каже: „Дада сведочи за одбивањето, за неможноста на луѓето со напреден дух да се одржат во одредени вредности, одредени рамки во кои што се родени“.

Во последните децении се зборува за постмодернизам, за крај на авангардата, дури за нов еклектизам. Со еден збор војната помеѓу авангардистите и приврзаниците на традицијата не заврши со победа на една од страните, туку победи толеранцијата. Денес интересот кон старите уметности е поголем од било кога, особено благодарение на интернетот и распространувањето на милиони репродукции. Но, истовремено одново се развива една новосоздадената уметност (хепенинг, акции, перформанси) која ги прекинува врските со „елитарната музејска уметност“, во многу случаи и се откажува од физичкото постоење на ликовните дела. Ова не значи дека интересот кон старите уметности не постои. Сега се променала само идејата за ликовна творба, како резултат на една историска и интелектуална

[178] Honour Hugh & John Fleming. *The Visual Arts: A History*. New Jersey, 2010, стр. 771-773

зрелост. Денес ние може да извршиме реевалуација на кој било период од историјата на уметност, но според особеностите на нашата епоха. Со еден збор, во комуникцијата со уметничките творби ги променуваме гледните точки на перцепирање и оценување.

## СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИ ЛИКОВЕН ИДЕНТИТЕТ ПРЕКУ ТРАДИЦИЈАТА

И во македонското современо ликовно творештво, од неговото појавување, па се до денес, може да се каже дека ликовната традиција е од големо значење. Токму преку традицијата голем дел од македонските автори ја пронаоѓаат својата „модерност“ и пред се својот творечки идентитет. Различните културно-историски состојби означуваат и различно разбирање на иновативното и традицијата т.е. во различните периоди на различен начин традицијата се инкорпорира во модерното творење. Но, како општа карактеристика е тоа дека ликовната традиција е база за создавање на таа модерна ликовна визија.

Почетокот на македонското современо сликарство е некаде после 1920 година, реализиран во творештвото на Димитар П. Аврамовски, Никола Мартиноски, Лазар Личеноски. Овие автори завршиле ликовно образование на ликовните академии во соседните земји, но исто така ги дооформиле своите ликовни концепти во Парис под влијание на Париската школа. Но, она што е од особена важност да се спомене за овие автори, како што ќе каже и Борис Петковски во многу од своите трудови посветени на современото сликарство во Македонија, е тоа дека влијанието на светската сцена е инкорпориано во творештвото на овие автори заедно со импулсите кои произлегуваат од Македонија како ликовна традиција и како културно наследство. Главната особеност на овие основачи на македонското современо сликарство како и на генерациите после нив кои создаваат ликовна парадигма, е тоа дека нивната врска со глобалните тенденции во ликовната уметност не преставува само пасивно прифаќање на идеи и стилови. Овие автори многу внимателно направиле избор на она кое ќе биде во согласност со актуелните историски потреби во Македонија, за создавање на автентично современо сликарство како дел од актуелните случувања на светската ликовна сцена.

Зборувајќи за создавањето на ликовната парадигма во Македонија, веднаш би го споменал појавувањето на интелектуалното и творечко битие на Петар Мазев кое ќе внесе нова енергија во македонското современо сликарство. Тој беше и ќе остане парадигма и духовен предводник на голем број македонски автори и до денес.

Неговите дела „македонските икони на 20 век" се симбол на возобновувањето на доблеста на сликарство и на уметноста во Македонија. Во врска со неговото творештво, Борис Петковски ќе каже дека, „сето она што претставува Македонија како историја, културно наследство и ликовна традиција е дел од системот на Петар Мазев како постојана структура".[179]

Создавањето на ликовна парадигма од друга страна ќе резултира и со изградување на префинет однос кон проблематиката на локалното и глобалното. Глигор Чемерски е доказ за тоа, како се создава сликарство надвор од општо прифатените стереотипи, сликарство кое е изградено врз едни по широки духовни и културни рамки, актуелно сликарство кое воспоставува дијалог со величенствените ликовни епохи од минатото, особено со византискиот ликовен идиом.

И не само во творештвото на Чемерски, една од особеностите на македонското современо сликарство како цело е воспоставувањето на разновидни ралации со религиозниот и сакрален контекст на средновековието. Впрочем, треба да напоменеме дека византискиот ликовен идиом е инспирација за творештвото на многу големи имиња на ликовната сцена и во Европа. Сликарството од македонските манастири (Нерези, Курбиново, Св. Софија во Охрид, Перивлепта итн.) претставува движечки импулс на нивното творештво и е транспонирана во еден модерен сликарски јазик, кој се занимава со драмата на целокупното човеково постоење.

Овде станува збор за филозофско разбирање на оваа ликовна парадигма, целосно проучување и воспоставување на ниво на комуникација над стандардните шаблони на препознавање.

Со еден збор, постигнувањата на средновековната уметност во Македонија го наоѓаат своето продолжување во современото македонско сакрално сликарство, без оглед на тоа дали тоа сликарство според својот статус влегува во областа на религиозната уметност. Може да се зборува за современо сликарство кое создава ликовен пандан на традицијата, во согласност со духовните хоризонти на времето во кое што живееме.

Религиозното сликарство пак од друга страна, се сведува на едно „занаетско" ниво на кое што се создаваат новите икони и мурали во новоизградените цркви во Македонија. Тие само привидно потсеќаат на големата средновековна парадигма, без да успеат да издигнат една еднакво возвишена современа естетска струтура. Денес треба да престанеме, од една страна иконата да ја разгледуваме само како непроменлив канон (станува збор за ликовниот аспект на иконата), а од

[179] Борис Петковски. *За македонската уметност*. Скопје, 1989, стр. 293

друга страна, религиозната уметност да ја разгледуваме само како занает, вреднувајќи ја само во актуелната временска рамка. Тука станува збор за непродлабочено разбирање на традицијата и би го поткрепил со дел од размислувањата на проф. д-р Пере Аслимоски во неговото дело „Култура, традиции, одбрана". Тој ќе каже дека во поимањето на традициите често се присутни овие непродлабочени сфаќања. Од аспект на општествениот напредок, посебно се опасни догматските сфаќања на традициите како нешто трајно, непроменливо, како цврсто верување во нивната вредност, независно од барањата на новото време. Ваквото поимање на традицијата во литературата се сретнува како традиционализам. Традицијата во основа е појава во процес, во континуитет, во траење, но и во себенадминување. Прогресивноста на традицијата звиси од тоа колку општеството ќе успее да го претвори културното наследство, од минатото, во почва врз која ќе се оплодуваат и никнат нови културни вредности и добра. Тоа значи дека општествената средина не би требало буквално, во апологетса смисла на зборот да робува на традициите.

Другата, не помалку опасна крајност е вреднувањето на традицијата само во актуелната временска рамка. Таквото сфаќање ја запоставува и омаловажува поврзаноста на сегашноста и иднината со минатото и го омаловажува влијанието на идејното и практичното културно историско богатствово развојот на современата мисла. Од национална гледна точка, ваквиот пристап води кон омаловажување на националната генеза кон национална обезличеност и дисконтинуитет. Наместо да зборуваме за последиците од ваквото ограничено гледање, ќе се послужиме со зборовите на еден мислител кој рекол дека „народ што не го почитува минатото, ќе ја загуби и иднината" или „ние дури тогаш ќе можеме да ја предвидиме иднината, кога ќе го сфатиме минатото".[180]

## ЛИТЕРАТУРА

1. S. Jurin, P. Radenovic. *Practicum iz opste psihologije*, Beograd, str. 306, 1974
2. G. Petrovich. *Mogishnosti choveka,* Zagreb, str. 30-31, 1969
3. Vojislav Dzhurich. *Inovacii u drushtvu*, Zagreb, str. 33-35, 1975
4. А. Н. Антонов. *Научные традиций и диалектика, развити науки, Традиций в познании и културе,* Москва, стр. 8, 1986
5. Борис Петковски. *За македонската уметност*, Скопје, стр. 281, 1989

[180] Пере Аслимоски. *Култура, традиции, одбрана*. Охрид, 1996, стр. 27-29

6. Honour Hugh & John Fleming. The Visual Arts: A History. New Jersey, 2010, стр. 771-773
7. Борис Петковски. За македонската уметност. Скопје, 1989, стр. 293
8. Пере Аслимоски. Култура, традиции, одбрана. Охрид, 1996, стр. 27-29
9. Димитър Г. Димитров. *Изкуството на XX Век – съдбата на авангарда*, София, 2001.
10. Борис Петковски. *Студии за македонското современо сликарство,* Скопје, 2001
11. Борис Петковски. *Националното и традицијата во современите македонски ликовни уметности,* Скопје, 1997
12. Златко Теодосиевски. *Чемерски, 50 години творештво,* Скопје, 2010
13. Пере Аслимоски. *Култура, традиции, одбрана,* стр. 20-29, Охрид, 1996
14. V. Kandinsky. *Du Spirituel dans l'art et dans la peinture en particulier, Denoël/Gonthier,* Paris, 1976
15. Викторија Васева Димеска. *Лазар Личеноски*, Скопје, 1997
16. Honour Hugh & John Fleming. *The Visual Arts: A History*, New Jersey, 2010
17. Владимир Величковски. *Васко Ташковски*, Скопје, 1990
18. Raymond Williams. *Culture,* 1981

удк 811.163.1'342.53:[091:003.349.8(497.7)

# ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КОНСОНАНТСКИОТ СИСТЕМ ВО СЛОЕШТИЧКИОТ ПАТЕРИК[181]

**Соња Новотни, Михајло Марковиќ**

ДУТ, Тетово

snovotni@yahoo.com

## АПСТРАКТ

Губењето на еровите во македонските средновековни ракописи, а со тоа и во Слоештичкиот патерик, предизвикало низа промени во структурата на зборот и на слогот, меѓу кои би ги споменале следниве: упростување на некои консонантски групи, промени во консонантските групи, асимилации по звучност и слевање на геминатите. Промените во консонантските групи многу често настанувале поради тешкиот изговор на група од два или три консонанти. Од друга страна во овој труд ќе се задржиме и на процесот на зартврднување на палаталните консонанти, којшто е суштествена појава во развојот на нашиот консонантски систем.

**Клучни зборови:** консонантски групи, консонантски систем.

Слоештичкиот патерик (Слоеш) е црковнословенски ракопис од македонска редакција од почетокот на XIV век. Се чува во библиотеката на БАН во Софија со бр. 77.

Патерикот е зборник составен од кратки раскази и поуки чијашто содржина е поврзана со животот и делото на монасите, со нивниот однос кон надворешниот свет или во нив се презентира животот на светите лица прикажан од аспект на монасите.[182] Патериците претставуваат специјален жанр на аскетската литература и одговараат на жанрот кратки приказни, а не на житијата, или пак легендите. Природно е што, како таков, Патерикот станал прирачна книга на монасите.

[181] Изворен научен труд

[182] Ѓ. Поп Атанасов, Речник на старата македонска литература, Скопје 1989, 211-214.

Предмет на интерес во овој труд се промените во консонантскиот систем во Слоештичкиот патерик. Имено, губењето на еровите во македонските средновековни ракописи, а со тоа и во Слоештичкиот патерик, предизвикало низа промени во структурата на зборот и на слогот, меѓу кои би ги споменале следниве: затврднување на палаталните консонанти, упростување на некои консонантски групи, промени во консонантските групи, асимилации по звучност и слевање на геминатите. Промените во консонантските групи многу често настанувале поради тешкиот изговор на група од два или три консонанти.

**Епентетско л.** Во повеќето македонски ракописи во бележењето на епентетското **л** се јавува двојство. Имено, едни форми се јавуваат и со епентетско **л** и без него.

Во Слоештичкиот патерик нема некое правило во бележењето на епентетското л. Најчесто се употребува во формите на именката **ѕемлꙗ**, на пр: **ѕемли** 10/3, **ѕемльнааго** 43/19, **ѕемлѥ** 48/11, **ѕемлꙗ** 48/16, **ѕемльниѥ** 49/4, **ѕемле** 50/19 **ѕемлѣ** 80/2 и многу други.

Зборот **корабль** се пишува различно, од една страна имаме **корабь** 291/17, **корабници** 157/6, **корабьникомь** 313/13, **корабець** 414/10, а од друга страна **корабли** 132/4, **корабль** 157/4, **кораблѣ** 336/11, **кораблемь** 349/12.

Со епентетско **л** се одбележани и формите од именката: **коуплѥне** 23/8, **коуплꙗ** 164/4.

Формата **ѕⷣравиѥ** 78/5 редовно се пишува со испуштено епентетско **л: ѕⷣравь** 179/9. Од овој збор не се среќава ниеден пример со запазено епентетско **л**.

Кај глаголските именски форми исто така сретнавме примери во кои се чува епентетското **л: вьѕлюбленны** 58/20, **ѕастоупленниѥ** 399/16, **истопленниѥ** 349/10, **истоупленниѥмь** 169/8, **окрьвленнаа** 555/12, **оставленниѥ** 371/13, **погоубленниѥ** 291/6, **пристоупленние** 1/9, **привлеченниѥ** 261/2, **сьвькоупленние** 260/8, **оуловленниѥ** 277/7, **ꙗвлениѥ** 1v/16, но и форми

без епентетско **л: ѿриновениꙗ** 262/6, **повиновениѥ** 190/2, **скривениѥ** 187/2, **оумивениѥ** 301/4.

Со епентетско **л** бележиме и примери кај партиципите од типот: **въꙁлюбленномоу** 332/2, **въꙁлюбленны** 58/20, **искривлена** 566/8, **ослаблень** 35/13, **погоублена** 414/15, **раслаблен҃наа** 368/11, **оудавлен҃наа** 563/16, **оудавлень** 562/19, **оукрѣплень** 517/20. Паралелно со овие примери се среќаваат и примери без епентетско **л: блгⷭ҇лвен҃наго** 114/17, **блгⷭ҇лвень** 555/14, **прискрьбень** 541/4, **покривень** 416/11, **прѣславень** 370/6, **оумывени** 301/4.

Името **аврамъ** се пишува без епентетско **л**. Сп.: **авраамоу** 305/8, **аврамиѥ** 423/5, **аврамию** 423/19, **авраамь** 483/7, но среќаваме и еден пример со епентетско **л: аврамлѥ** 348/3.

Кај активниот партицип на минато време следиме доследна употреба на епентетското **л: въкоупльше** 390/16, **иꙁбавльше** 512/1, **оставльше** 512/1, **пристоупльше** 382/17, **прѣставльше** 413/19.

Дека изговорот на епентетското **л** во говорот на пишувачот на текстот веќе бил ирелевантен потврдуваат и примерите во кои имаме вметнато епентетско **л** (хиперкоректно): **дрьꙁновлениѥмь** 65/1, **дрьꙁновлениѥ** 469/20, **дрьꙁновлены** 470/2, наспроти редовното **дрьꙁновенномоу** 10/2, **дрьꙁновению** 27/10, **дрьꙁновениѥмь** 72/1, **дрьꙁновениѥ** 288/11.

Според материјалот што го проследивме во Слоеш, во врска со употребата на епентетското **л**, може да се констатира дека во ракописот е одразена состојба на расколебана норма, односно постои тенденција за употреба на традиционалната графија на епентетското **л**, иако во говорот веќе не постоело.

Ова е обична ситуација и во други македонски црковнословенски текстови. Епентетското **л** особено го бележат Крат и Верк, двојство во употребата покажуваат: Рад, Крп, Вран, Лобк, Стан, Лес[183], Орб[184],

[183] К. Б и ц е в с к а, Правописни и фонетски особености во ракописите од северна Македонија од XIII и XIV век, Скопје 2000 143.

Заг[185] а примери за хиперкоректна употреба има во Охр, во Бон, и во Рдм. Со ваквиот начин на употреба на епентетското л, Слоеш ги одразува општите тенденции во писмениот јазик, кон коишто се придржувале и постарите ракописи, како Киев, Зогр, Мар.

**Правопис на ф. ф** не е стар словенски глас. Во македонските ракописи, првично, се употребувал во заемки од грчко потекло, но подоцна оваа графема се употребува и во словенски зборови.

Во овој ракопис во повеќе примери се среќава **ф,** за новодобиениот глас, коешто се употребува во формите: **фторѥ** 99/1, **фторн** 142/8, **фторнцєю** 147/14, **фтораа** 550/7. Во овие примери **ф** е добиено од **в** кое стои пред **т.** Во повеќе примери ново **ф** се среќава и во Стан во истите форми.[186]

Во Лесн[187] ова ново **ф** се одбележува преку три примери: **просьфтє** 106, **благоцьвфтѧщь** 188', **благоцьвфтѫщи** 188. Како и во Слоеш и во Хлуд[188] се среќава **ф** во формата **фтора.**

Во Слоеш среќаваме уште неколку примери во кои е употребено ново **ф.** На местото од предлогот **вь** во примерот: **где ф҃ толнкы ѵась бнль ѥсн** 565/12.

Појавата на **ф** на местото од **в** се јавува како резултат на изговорот на овој глас.

**Затврднување на меките консонанти.** Во развојот на консонантскиот систем на македонскиот јазик се забележуваат извесни процеси што опфаќаат повеќе гласови во еден правец на изменување. Една од тие појави со таков покомплексен карактер секако е затврднувањето на парните меки консонанти **л, н, р, с** и на непарните меки консонанти **ш, ж, ѵ, ц, ѕ, щ** всушност тоа е најважен процес во развитокот на консонантизмот на македонскиот јазик.

---

[184] Е. Црвенковска, Л. Макаријоска, Орбелски триод, Скопје 2010, 33.
[185] Е. Црвенковска, Загребски триод, Скопје 1999, 28.
[186] Б. К о н е с к и, Историја..., 82.
[187] Д. П а н д е в, Лесновски паренезис од 1353 - лингвистичка анализа, докторска дисртација, Скопје 1988, 81.
[188] М. М и о в с к и, Хлудов паримејник-лингвистичка анализа, Скопје 1996, 89-99.

Во некои говори **ч** затврднало подоцна отколку другите консонанти, бидејќи графијата **чѣ** е вообичаена за текстовите од XIII век. Графиите како **чѣсъ, чѣша, жѣлость** потврдени во некои стари текстови се совпаѓаат со тоашто денеска го имаме во некои од јужните дијалекти. Тако во Солунско (Сухо и Висока) има жӓба, чӓј, чӓша. Изговор чес, грнчер се среќава во долновардарските говори, а чеша во Костурско и Корчанско.[189]

Во Слоештичкиот патерик не среќаваме ниеден пример со **чѣ**, туку имаме само примери од типот: **часа** 25/7, **чась** 40/9, **чарѡдѣи** 193/17,**чакаю** 309/10, за разлика од другите северномакедонски ракописи како Јов, Верк, Карп ев, Карп ап, Лобк Стан и Лесн во кои има голем број на примери во кои се употребува графијата **чѣ.**[190] Овие примери се показателни дека во овој ракопис имаме затврднување на меките консонанти – јазична особеност што го сврзува овој ракопис со македонската варијанта на црковнословенскиот јазик. Мекоста на **ч** ја следиме во ракописот преку примерите во кои пишувањето **чю-** е редовна појава, особено во коренот на зборот **чюд-: чюдеса** 46/3, **чюдесехь** 50/20, **чюдо** 265/7, **чюдеси** 346/6, **чюдноу** 354/20, **чюдесь** 381/2, **почюди** 384/7, **чюдещи** 385/13, **чюдиаа** 396/12, **чюдесемь** 474/3, **почюдих се** 491/16, **почюдивше** 492/4 и во други корени како: **врачю** 93/7, **нечювьствѣ** 107/7, **чювьствьно** 249/8.

Затврднувањето на **с'** е потврдено со депалатализацијата на **ѣ>а: само** 22/10, 224/3 итн. Покрај формите со **ѣ: вьсѣ, вьсѣк-** наоѓаме и голем број на примери од типот на **вьсакого.** Сп.: **вьсака тварь** 5/13 **ꙗко вьсака праваⷣ н҃иша** 20/8 **чл҃вѣскоѥ житиѥ ꙗко вьсака пльть** 24/14 **вь послѣднеи троубѣ вьсакаа** 24/20 итн.

Од парните меки консонанти, својата мекост ја задржува консонантот **л,** што наоѓа потврда во графијата **лю,** особено во корениет **люб-, лют-: любими** 114/7, **любѡвию** 136/16, **лютаго, лютоу**

[189] Б. К о н е с к и, Историја на македонскиот јазик, Скоје 1967, 54.
[190] К. Б и ц е в с к а, Правописни и фонетски особености во ракописите од северна Македонија од XIII и XIV век, Скопје 2000, 152-155.

363/6, прнключаеѥт 241/5. Во зборовите образувани со коренот люб- мекоста на л се задржала на целото македонско јазично подрачје.[191]

Ретките исклучоци на затврднато л во овој ракописи ја разгледавме во коренот ключ-, коешто може да се објасни и како појава на контаминација со основите лоуч-. Сп.: клоучарѣ 22/6, ꙃаклоучнхѡмь 83/11, поꙃаклоучн 268/2, ꙃаклоученꙿь 292/2, прнклоучнаша 370/3.

Во ракописите од северна Македонија процесот на затврднувањето најмногу го зафатил консонантот р, додека затврднато р во Слоеш имаме само во примерите: мора 414/12, мороу 65/17, раꙃгараѥт 243/17, цроу 40/4.

Затврдувањето на консонантите го дополнува кругот на фонетски појави и е типична појава во македонските црковнословенски ракописи, чиешто дејствување на историски план има свој континуитет и на современ план кој се огледа во воспоставувањето на корелацијата по звучност како основна опозиција на македонскиот литературен јазик. Затврднувањето на меките консонанти, како една од најсуштествените појави во развојот на нашиот консонантизам е документиран во историскиот развој на македонскиот писмен јазик, во голем број на текстови од македонската варијанта, вклучувајќи го и Слоештичкиот патерик.

**Промени во консонантските групи.** Промените во консонантските групи многу често настанувале поради тешкиот изговор на група од два или три консонанти. [192]

Со губењето на еровите во слаба позиција во новонастанатите консонантски групи дошло до асимилација на консонантите, кои се нашле во непосреден допир. Во ракописот, по губење на еровите ги среќаваме следните асимилациски процеси:

-сд-> -ꙃд-: во примерот ꙃде 130/14.

-кд-> -гд-: где 48/5, ннгдеже 48/6.

-бщ->-пщ-: ѡпщоужнтню 220/10.

-гк->-кк-: лекkоую 452/11.

-жк>-шк-: тешко 3/5, 373/13.

[191] Б. К о н е с к и, Историја..., 63.
[192] Р. У. С к а л о в с к а, З. Р и б а р о в а, Радомирово евангелие, Скопје 1988, 32.

-чт->-шт-: нѣщо 107/1.

Во врска со асимилацијата на одредени консонанти во Слоеш, во најголем број примери е претставено обезвучувањето на ꙁ во с при едначење по звучност. Оваа правописна црта најчесто ја следиме на граница на морфемите:

-ꙁк-> -ск: бгомрьское 542/20, бесконечны 81/11, бесконечнаго 298/17, ис ковчега 346/5, мрьскаа 68/12, мрьскымь 298/19, мрьскоую 464/18, мрьское 542/13, оускаа 119/8.

-ꙁп->-сп-: беспорока 20/1, беспроповѣдани 73/4, беспокою 100/6, беспльтнаго 142/20, беспотрѣбы 157/20, беспραвьди 188/6, беспечалнωмоу 208/6, беспрѣстаниꙗ 221/1, беспечали 233/5, беспραвди 395/15, исповѣсть 22/16, исповѣданиемь 27/7, испрьваа 35/16, испрьнїи 41/8.

-ꙁт->-ст-: истрѣбы 45/4, истлѣвши 76/15, ис темницоу 352/19, ис тѣла 284/9.

-ꙁч->-сч-: бесчестниꙗ 289/6, бесчисльныи 480/17, бесчисльно 551/19, бесчисла 566/7, бесчена 578/13, бесчисльныихь 50/4, исчрьпоуеть 267/18.

-ꙁх->-сх-: исходещаа 53/15, исхωде 93/6, исходещь 130/2, ис храма 130/2, исходыти 186/18, исхоудѣвьша 221/5.

Асимилацијата по звучност оставила белег и на современиот македонски јазик. Нашиот правопис во најголем број случаи ја одбележува оваа појава.[193]

Геминатите почесто се чуваат, согласно со стремежот консонантските групи да се пишуваат *етимолошки*. Тоа од друга страна води кон реституирање на *правилните форми,* со што може да се поврзе засилената употреба на -нн- (-нън-), на пр: безаконныхь 170/16, бескврьнноую 581/14, брѣменны 181/15, изьбранны 216/2, сьврьшенны 261/12, истиннаго 263/4 и многу други. Во ракописот имаме и еден пример во кој по асоцијација се пренесува геминат на место каде што генетски не постоел: женна 236/14.

[193] Правопис на македонскиот литературен јазик, Скопје 1998, 22-26.

По губењето на еровите и како резултат на асимилационите процеси настанале услови за слевање на геминатите во еден глас. Така -нн- > -н: безаконна 3/13, безаконн 4/3, безаконние 7/3, безаконныхь 170/16истина 118/8, свиние 534/17.

Оваа правописна црта ја следиме и на граница на морфемите (префикс и корен) во кои -сс->-с-: бестоуны 49/2, бестоудень 64/7, бестоудно 55/5, бестраха 71/13, бестрасн 161/10, бестртн 161/16, бескврьнноую 581/14.

Следиме и разбивање на старите геминати со секундарни ерови. Сп.: блоудьдѣыше 206/12.

Консонантската група -здн- се упростува во -зн-, па во нашиот текст имаме: празнованна 81/4, празнословѣх 183/9, празнинноую 192/6, празноглава 211/5, празннкь 276/3, празннкы 276/5, празноиеваше 343/3, празнинчно 434/7.

Во следниве примери ни е претставено губењето на т пред африкатите ч и ц: прнчещаа 171/16, прнче 182/20, во примерите ѡцѣ 225/3, ѡца 231/17, 363/10, оцѣ 369/19, ѡце 409/12, ѡцн 556/1, ѡцоу 242/4, прво -дц->-тц-, а потоа е добиено ц. Низ целиот ракопис сретнавме само еден пример во кој овој збор е напишан со т: отьць 426/7.

Што се однесува до групата -стл->-сл-, од една страна имаме послань 420/3, наспроти постлань 334/15.

Понатаму, процесот на упростување на консонантските групи тешки за изговор во Слоеш е претставен преку упростување и на групата -чст->-чт- во примерите: нечтив 77/11, нечтивыю 88/2, нечтивы 518/15.

Почетната консонантска група скв→ ск па редовно се пишува скозѣ 110/4, и не сретнавме ниеден пример со сквозѣ, а тоа е одлика на Орб, Јов, Рдм и др.

Консонантската група -ст- на крајот од зборот честопати е упростена во с кое се пишува под титла: крото 449/4, по 142/5, радо

303/19, **староⷭ҇** 141/11, **страⷭ҇** 68/16, **чеⷭ҇** 238/17, **ꙗроⷭ҇** 517/10, наспроти: **грьдость** 348/11, **крѣпость** 10/10, **мрьꙁость** 396/6, **пакость** 341/4, **пость** 235/13, **радость** 62/17, **старость** 30/3, **хнтрость** 317/3.[194]

Во ракописот старата консонантска група **-ск-** поминува во **-сц-** и **–ст-.** Бележењето на групата **-сц-** е карактеристична за старословенските текстови, додека за македонските текстови од XIII-XIIV век е потипична употребата на **-ст-.**[195] Во нашиот текст повеќе среќаваме примери со **-ст-.** Сп.: **алексеньдрьстн** 311/7, **алеѯ҇седрьстнн** 193/7, **аⷩ҇ггльстѣ** 47/4, **хрⷭ҇тнаньстн** 437/6, **хⷭ҇тнаньстн** 437/1, но среќаваме и примери со **-сц-: жнтеннсцн** 217/18, **сннансцѣн** 556/2.

Покрај упростувањето на консонантските групи, кај нас следиме и вметнување на нови консонанти во консонантските групи.

Познатото вметнување на **д** во групата **-ꙁр-** го одбележуваме во примерите: **раꙁдраⷩ҇ныімн** 444/9, **раꙁрⷣѣшан** 165/4, **раꙁрⷣшн** 194/13, **раꙁрⷣѣшнтн** 205/1, **раꙁрⷣшнвь** 376/9, **раꙁрⷣоушнль** 518/18.

Вметнато **д** има и во групата **-жр-: жрⷣѣбен** 457/11, **ждрѣбн** 459/6, **жрⷣѣбы** 464/8, **жрⷣѣбын** 541/13.

Консонантската група **чр-** (односно групите **чрь-** и **чрѣ-**) редовно се употребува непроменета, и во ракописот не сретнавме ниеден пример што укажува на замена на овие групи со **цр-**: **чрьвн** 78/18, **чрьвнꙗ** 298/16, **чрьвыва** 534/4, **чрьнець** 104/12, **чрьнечьскы** 118/3, **чрьнь** 151/3, **чрьна** 203/2, **чрьнорнꙁнцоу** 211/15, **чрьнорнꙁыцє** 214/20, **чрьннло** 338/13, **чрьнорнꙁыць** 465/10, **чрьнорнꙁьчкоую** 466/13, **чрьтаѥть** 57/6, **чрѣвною** 55/15, **чрѣво** 119/14, **чрѣдь** 163/1, **чрѣсла** 203/8, **чрѣвѣ** 261/18, **чрѣпн** 414/19, иако веќе во втората половина на XIV век има податоци дека оваа група се изговарала како **цр-**.[196] Во еден пример имаме два консонанта еден до друг, но овдека веројатно станува збор за грешка во пишувањето. Сп.: **обноснт ссе** 260/3.

---

[194] Овие примери ги земаме со извесна резерва, затоа што титлата, според литературата, не би требало да е релевантен признак.
[195] S. K u lj b a k i n, Le vieux slave, Paris 1929, 187.
[196] Б. К о н е с к и, Историја......, 97.

Состојбата во Слоештичкиот патерик во однос на развојот на консонантскиот систем се совпаѓа со другите ракописи од македонска редакција на повеќе рамништа, од затврднувањето на меките консонанти, кое се определува како најважен процес во развитокот на консонантскиот систем на македонскиот јазик, преку губењето на епентетското л, како карактеристична особеност на македонскиот јазик, се до асимилацијата по звучност, и упростувањето на консонантските групи, од кои за историската фонологија на македонскиот јазик е особено значајно упростувањето на финалната група **ст**.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Б и ц е в с к а К., *Правописни и фонетски особености во ракописите од северна Македонија од XIII и XIV век*, Скопје 2000.
2. К о н е с к и Б., *Историја на македонскиот јазик*, Скоје 1967.
3. К о н е с к и Б., *Граматика на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1952.
4. М и о в с к и М., *Хлудов паримејник-лингвистичка анализа*, Скопје 1996.
5. П а н д е в Д., *Лесновски паренезис од 1353 год.- лингвистичка анализа,* докторска дисртација, Скопје 1988.
6. Поп Атанасов Ѓ., *Речник на сшарaша македонска лишерашура*, Скопје 1989.
7. Правопис на македонскиот литературен јазик, Скопје 1998.
С к а л о в с к а Р. У., Р и б а р о в а З., *Радомирово евангелие*, Скопје 1988.
8. K u lj b a k i n S. , *Le vieux slave,* Paris 1929.
9. Црвенковска Е., Макаријоска Л., *Орбелски триод*, Скопје 2010.
10. Црвенковска Е., *Загребски триод*, Скопје 1999.